ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО ОД ОБСЕ ЗА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# БЛАГОСОСТОЈБАТА И БЕЗБЕДНОСТА НА ЖЕНИТЕ



## СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕЗУЛТАТИТЕ

This project is funded by the European Union

www.osce.org

ISBN 978-3-903128-22-4

Активноста опишана во овој извештај беше спроведена во согласност со меѓународните стандарди за квалитет за истражување на пазарот, ISO 20252: 2012, како и со условите на Ipsos MORI, кои може да се најдат на http: //www.ipsos-mori.com/terms.

© ОБСЕ 2019

ОБСЕ со максимална грижа се ангажираше во изготвувањето на материјалите во оваа публикација. Сепак, не прифаќа никаква одговорност за точноста и комплетноста на информациите, упатствата и советите што се даваат, или за печатните грешки. Ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени овде се оние на авторите и соработниците и не мора задолжително да ја одразуваат официјалната политика или став на ОБСЕ и нејзините земји-учеснички.

Сите фотографии користени во публикацијата се јавно достапни.

ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО ОД ОБСЕ ЗА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# БЛАГОСОСТОЈБАТА И БЕЗБЕДНОСТА НА ЖЕНИТЕ

## СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ИЗВЕШТАЈ ОД РЕЗУЛТАТИТЕ

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

# Историјат

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), како најголема регионална безбедносна организација во светот, се занимава со широк спектар предизвици поврзани со безбедноста, вклучително и заштитата на човековите права и унапредувањето на родовата еднаквост. Организацијата главно се фокусира на поттикнување на регионалната безбедносна соработка, како и спречување на конфликти, управување со кризи и постконфликтно управување. ОБСЕ има 57 земји-членки, и покрива регион кој се протега низ цела Европа и ги вклучува САД, Канада и Централна Азија, како и Монголија. Преку Секретаријатот, три специјализирани институции и 16 операции на терен, ОБСЕ работи на решавање на бројни безбедносни предизвици и им помага на земјите-учеснички во спроведувањето на нивните сеопфатни политички заложби.

ОБСЕ го признава насилството врз жените и девојките (НВЖД)[1] како закана врз луѓето и како поширок безбедносен проблем, и затоа спречувањето и борбата против НВЖД претставува еден од нејзините приоритети. НВЖД претставува постојано кршење на човековите права што им се заканува на сигурноста и безбедноста на безброј жени и девојки ширум светот. Тоа влијае не само на нивните животи, и го попречува нивното целосно и рамноправно учество во општеството, туку и на животите на нивните блиски; и конечно трајно влијае врз нивното здравје и благосостојба како и врз нивните деца, заедницата и општеството во целина.

Родовата нееднаквост лежи во основата на родово базираното насилство врз жени и девојки. ОБСЕ игра клучна улога работејќи со националните засегнати страни во изградбата на нивните капацитети за спречување на родово базираното насилство и за заштита на жртвите.[2] Под слоганот „За безбеден дом" ОБСЕ истакнува дека жените и девојките треба да бидат безбедни и во домот и надвор од него, за да можат да го достигнат својот целосен потенцијал и да придонесат кон политичкиот, економскиот и социјалниот развој.

Насилството врз жените и девојките, исто така се случува во време на конфликт, а ОБСЕ го нарача ова квалитативно и квантитативно истражување со цел да го открие опсегот на различните форми на НВЖД во не-конфликтните и конфликтните зони во избраните земји-членки на ОБСЕ: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Молдавија и Украина. Истражувањето беше спроведено и во Косово.[3]

Ова истражување е прва репрезентативна анкета спроведена во Југоисточна Европа или Источна Европа која има за цел да обезбеди споредливи податоци од целиот регион, и ги вклучува родовите ставови и искуствата на жените од малцинските групи.[4] Неговата цел е да даде солидни податоци за да се изготват посеопфатни политики, стратегии, програми и активности базирани на докази, за спречување и борба против НВЖ. Крајната цел на ова истражување е да даде докази во прилог на информирано донесување одлуки и застапување на различни нивоа и со тоа да придонесе кон постигнување на целите за одржлив развој и намалување на НВЖ во целните региони, подобрени услуги за преживеаните и поголема безбедност за жените.

1 Термините „насилство врз жените" (НВЖ) и „насилство врз жени и девојки" (НВЖД), кои се користат неизменично во овој извештај, го вклучуваат физичкото, сексуалното и психолошкото насилство од страна на интимен партнер и не-партнер, како и скришното следење/демнење и сексуалното вознемирување.
2 Во овој извештај термините „преживеана" и „жртва" се користат неизменично.
3 Секое споменување на Косово, без разлика дали се однесува на територијата, институциите или населението, во овој текст треба да се разбере целосно во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации.
4 Прашалникот кој се користеше во ова истражување е заснован на, и споредлив со прашалникот што го користеше Европската агенција за основни права во 28 земји-членки на ЕУ во 2012 година.



Фотографска банка. Позирано од модел.

# Извршно резиме

### Вовед

Извештајот ги презентира наодите од квалитативното и квантитативното истражување на ОБСЕ во Северна Македонија. Истражувањето се спроведе во пролет/лето 2018 година и се состоеше од:

- 15 интервјуа со клучни експерти, кои понудија преглед на прашања поврзани со НВЖ и акти на насилство во контекст на конфликт;
- анкета за случаи на насилство кај репрезентативен примерок од 1.910 жени на возраст од 18 до 74 години, од кои 496 ја пополниле анкетата на албански јазик; анкетата користеше мултиетапен, стратифициран дизајн на случајни примероци;
- осум фокус групи со жени од различни демографски средини (две со жени Албанки и две со жени Ромки) за нивните ставови кон темата;
- четири длабински интервјуа со жени кои доживеале насилство, со цел да се разбере подетално влијанието што насилството го имало врз нив (вклучувајќи и една жена Албанка и една Ромка).

### Клучни наоди

Насилството врз жените се смета за прилично распространет феномен во земјата. Три од пет (60%) жени сметаа дека насилството врз жените е вообичаено, а речиси три од десет сметаа дека тоа е многу честа појава. Речиси една од пет жени (17%) лично познавaa некого во нивното семејство и меѓу нивните пријателки кои доживеале некоја форма на домашно насилство, а сличен е процентот на лица од нивното соседство кои доживеале насилство. Нешто повеќе од половина од жените (54%) неодамна виделе или слушнале за рекламни кампањи поврзани со насилството врз жените, а мнозинството се чувствуваа донекаде информирани за тоа што треба да направат ако бидат жртва на насилство (63%). Сепак, малкумина беа запознаени со специјализираните услуги за поддршка што ги нудат невладините организации. Ставовите и свеста се разликуваат помеѓу главните етнички групи во земјата. Само над две од пет анкетирани жени кои зборуваат албански јазик, сметаа дека НВЖ е честа појава (42%), а оваа група е уште помалку запознаена со невладините организации кои нудат поддршка.

Четиринаесет проценти од жените рекоа дека доживеале физичко или сексуално насилство од 15 годишна возраст од страна на партнер или не-партнер (7% од жените што зборуваат албански, наспроти 16% од жените што зборуваат македонски јазик). Психолошкото насилство извршено од интимен партнер е значително почесто, при што 44% од жените потврдија дека го доживеале истото (43% од жените кои анкетата ја пополниле на албански јазик). Три од десет (30%) жени рекоа дека биле сексуално вознемирувани од 15-годишна возраст, а една од десет (10%) рекоа дека биле сексуално малтретирани во 12 месеци пред истражувањето (9% и 4%, од жените што зборуваат албански јазик). Седум проценти од жените рекоа дека биле скришно следени (4% од жените што зборуваат албански).

Додека констатираната распространетост на насилство во земјата е значително пониска отколку во цела ЕУ, важно е да се има предвид дека три пати повеќе жени во Северна Македонија сметаат дека домашното насилство е приватна работа што треба да остане во семејството, во споредба со жените ширум ЕУ и квалитативното истражување спроведено за целите на овој извештај покажа дека некои жени сметаат дека некое „помало“ насилство е нормално однесување. Овие ставови се поизразени кај жените што зборуваат албански, од кои речиси седум од десет (67%) сметаат дека домашното насилство е приватна работа. Оваа разлика дава дополнителен контекст кога се разгледуваат пониските наведени стапки на насилство меѓу жените што зборуваат албански јазик.

Помладите жени, како и оние што се пообразовани и оние кои живеат во урбаните средини, се и поизложени на сексуалното вознемирување. Сепак, повисоката распространетост кај овие групи на жени, исто така, укажува на помалата толеранција на овие жени кон сексуалното вознемирување, а со тоа и поголемата подготвеност да зборуваат за нивните искуства.

Кај жените кои живеат во домаќинства со финансиски тешкотии има поголема распространетост на насилството, а особено на физичкото и сексуалното насилство од интимен партнер (17% се оние кои сметаа дека многу е тешко да излезат на крај со нивните приходи, наспроти просекот од 9 %).

Во однос на сторителите, физичкото и/или сексуалното насилство најчесто го извршува поранешниот партнер: 12% од жените кои имале поранешен партнер рекоа дека доживеале една или повеќе форми на такво насилство, во споредба со 7% од оние кои рекоа дека се жртва на насилство од сегашен партнерот. Седум проценти од жените рекоа дека доживеале не-партнерско насилство уште од 15-годишна возраст.

Жртвите на физичко или сексуално партнерско или не-партнерско насилство, често имаат чувство на вознемиреност, страв и гнев, кои го изразија повеќе од половина од засегнатите жени, а речиси една четвртина од испитаните жени страдале од тешкотии при спиење, депресија или чувство на ранливост како резултат на нивниот најтежок инцидент на насилство.

Останува значително малцинство кое опстојува на традиционалниот став за улогата на жените во општеството и во домот. Околу една третина од жените (37%) сметаа дека нивните пријатели ќе се согласат дека жената треба да му се покори на сопругот, дури и ако таа не се согласува, а сличен процент (32%) сметаа дека е важно мажот да и покаже на својата партнерка кој е главен.

Три од десет (30%) жени се согласија дека жените кои рекле дека биле малтретирани често ги измислуваат или преувеличуваат тврдењата за малтретирање или силување. Ова убедување е пошироко распространето во руралните средини.

## Само 2% од жените кои доживеале насилство од сегашен партнер, го пријавиле во полиција тоа што го сметаа за најсериозен инцидент

Можно е овие традиционални убедувања да влијаат врз веројатноста жените во земјата да кажат дека доживеале насилство.

Сепак, се чини дека таквите традиционални погледи полека се менуваат, при што помладите жени имаат многу помала веројатност да имаат патријархални убедувања. Тие исто така се помалку распространети меѓу оние со повеќе образование и оние кои живеат во урбаните средини.

Една четвртина од анкетираните жени живееле во ситуација на активен вооружен конфликт, од кои најголем дел го доживеале конфликтот во 2001 година. Нешто повеќе од една од десет жени што говорат македонски јазик (11%) и повеќе од две од пет жени што говорат албански јазик (42%) беа класифицирани во ова истражување како „погодени од конфликт". Во конфликтот жените најчесто биле погодени со недостапност на услуги, особено неспроведување на законот и немање пристап до здравствените услуги. Додека жените кои биле погодени од конфликт и кои самите биле жртва на насилство, не го поврзуваа ова искуство со конфликтот, насилството од поранешниот партнер е поголемо кај жените погодени од конфликти во сите три форми на насилство (физичко, сексуално и психолошко), особено од сексуалното насилство. Слично на ова, психолошкото насилство извршено од страна на сегашниот партнер е поприсутно кај жените погодени од конфликт.

Додека поголемиот дел од жените рекоа дека барем малку знаат за тоа што треба да направат во случај на насилство, во реалност, мала е веројатноста жените жртви на насилство да зборуваат или да го пријават инцидентот во полиција или во друга организација за поддршка. Само 2% од жените кои имале такви искуства, всушност го пријавиле во полиција она што тие го сметале за најсериозен инцидент. Пријавувањето варира зависно од категоријата на сторителот, при што жените кои доживеале насилство од лице што не е нивен партнер или од поранешен партнер, многу поверојатно е дека ќе го пријават најсериозниот инцидент што им се случил во полиција или во болница, отколку жените што доживеале насилство од сегашниот партнер. Додека малиот број жени што зборуваат албански, кои пријавиле дека доживеале насилство не дозволува статистички релевантна споредба, квалитативното истражување сугерира дека жените што зборуваат албански, многу е помалку веројатно дека ќе побараат помош од институција или организација за поддршка (полицијата или друга организација) отколку жените што зборуваат македонски јазик.

Не изненадува фактот што жените ретко се обраќаат на локалните организации за поддршка на жртвите, со оглед на ниските стапки на пријавување и општата недоволна информираност на жените за овие организации.

Во согласност со прилично широко распространетото верување кај жените дека домашното насилство треба да се реши во семејството, жените кои не ги пријавуваат своите искуства во полицијата, рекоа дека инцидентот бил семеен проблем: тие повеќе сакале да се справат со ситуацијата сами или со некоја пријателка или член на семејството. Квалитативните наоди покажаа дека ова се должи на повеќе причини вклучително и недовербата кон институциите, чувството на срам или стравот од реперкусии. И покрај разликите во ставовите помеѓу помладите и постарите жени, кај помладите жени не е поголема веројатноста дека ќе ги пријават случаите на насилство на полицијата, било да се работи за не-партнерско или партнерско насилство. На жените најмногу им требал некој со кого би можеле да разговараат и кој би можел да им даде морална поддршка.

## Заклучоци

Истражувањето води кон следните заклучоци и препораки (види Поглавје 7 за повеќе детали):

**Насилството врз жените е широко прифатено како нормално и не се пријавува**

Речиси половина од жените сметаа дека домашното насилство е приватна работа, а три од десет сметаа дека жртвите ги преувеличуваат тврдењата за малтетирање или силување. Многу малку жени пријавиле насилство, заради срам, финансиски причини, недостаток на информации и недоверба кон достапните служби, страв и недоволно познавање на она што се смета за насилство.

**Недостиг на шелтери и одржливост на постојните услуги**

Најголеми неисполнети потреби што ги идентификуваа жените се недостатокот на финансиска помош и долгорочни шелтери. Жените и клучните експерти се согласија дека нема доволно шелтери, дека нема одржливо финансирање и дека постојат пречки за пристап до постојните шелтери.

**Потреба од поголема поддршка и насочена акција за помош на жените од малцинските групи и од руралните средини**

Жените етнички Албанки и Ромки имаа потрадиционални ставови и гледишта отколку општата популација. Прифаќањето на НВЖ и третирањето на насилството како приватна работа би можело да ги лиши овие групи на жени од пристапот до помош. Жените од руралните средини се изложени на зголемен ризик поради нивната оддалеченост од службите за поддршка и недостатокот на финансиска независност.

**Препораки:**
Горенавежените на и заклучоци од истражувањето и квалитативните анкети упатуваат на конкретни препораки за справување со насилството врз жените (види Поглавје 7 за комплетниот список):

***Следење на законодавството и негово усогласување со Истанбулската конвенција***

**За Собранието и Владата:**

1. Да се донесе нов закон за родово базирано насилство во согласност со стандардите на Истанбулската конвенција
2. По донесувањето на законот за родово базирано насилство, да се изменат релевантните закони со цел нивно усогласување со овој закон, да се донесат измени на Кривичниот законик со цел да се предвиди кривично гонење по службена должност за брачното силување, и да се анализира неговата усогласеност со Истанбулската конвенција, да се вклучат податоците од истражувањето спроведено од ОБСЕ во Националниот акционен план за имплементација на Истанбулската конвенција и да се креира посебна позиција во институциите за прашања од родово-базирано насилство.

***Соработка, обука и мултисекторски пристап***

**За Министерството за труд и социјална политика**

3. Да се обезбеди координација помеѓу давателите на услуги и интеграција на службите во систем на соработка со повеќе чинители, и на социјалните работници да им се понудат обуки и настани за подигнување на свеста.

**За Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи**

4. Да се спроведе континуирана обука за родово-базирано насилство за давателите на услуги, да се обезбеди систематска обука во врска со новиот закон за родово насилство, другите поврзани закони и други подзаконски акти и измени и дополнувања на Кривичниот законик (2019 г.) и да се разгледа можноста да се побара од ОБСЕ поддршка за обуки и активности за подигање на свеста, за судството и полициските службеници.

***Специјализирани служби за жени, вклучително и за обесправени групи на жени и активности за подигнување на свеста***

**За Владата и Министерството за труд и социјална политика во соработка со невладини организации**

5. Да се обезбедат буџетски средства и квалитетни, конзистентни и достапни услуги во шелтерите за жени. Да се обезбеди финансиска помош и долгорочна поддршка, вработување и домување за жртвите од насилство и соодветни услуги за групи на жени во обесправена положба, како и за жените кои припаѓаат на малцинските заедници.
6. Да се спроведат кампањи за подигање на свеста за насилството врз жените, како и локализирани кампањи за ширење на информации меѓу обесправените групи на жени.

**За Министерството за образование и наука**

6. Да се спроведат образовни програми во училиштата и предучилишните установи за родовите стереотипи и здрави односи, со фокус на родовата еднаквост.



# Наоди од истражувањето на ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија

Беше спроведено квантитативно истражување на репрезентативен примерок на жени на возраст од 18 до 74 години што живеат во Северна Македонија. Вкупно 1910 интервјуа беа спроведени лице в лице во периодот од април до август 2018 година. Податоците се пондерираа на познат профил на население.

## ВИСОКА РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА РАЗЛИЧНИ ФОРМИ НА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

### Висока распространетост на различни форми на насилство врз жени




**416,000***
жени претрпеле некои форми на сексуално вознемирување, скришно следење/демнење, насилство од интимен партнер или насилство од не-партнер (вклучувајќи психолошко, физичко или сексуално насилство) од 15 годишна возраст

**69,000***
жени претрпеле физичко и/или сексуално насилство од интимен партнер

**55,000***
жени претрпеле физичко и/или сексуално насилство од не-партнер

### РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА НАСИЛСТВОТО ОД НЕ-ПАРТНЕР КАЈ ЖЕНИТЕ ШТО ГОВОРАТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И КАЈ ЖЕНИТЕ ШТО ГОВОРАТ АЛБАНСКИ ЈАЗИК




### НАСИЛСТВО ОД ИНТИМЕН ПАРТНЕР




### ПСИХОЛОШКОТО НАСИЛСТВО ОД ИНТИМЕН ПАРТНЕР Е НАЈРАСПРОСТРАНЕТАТА ФОРМА




**База:** Севкупна распространетост на сексуално вознемирување. скришно следење/демнење и насилство од не-партнер заснована на сите жени на возраст од 18 до 74 години (1,910); сите жени што говорат македонски јазик (1414); сите жени што говорат албански јазик (496);

Севкупна распространетост на насилство од интимен партнер заснована на сите жени кои некогаш имале партнер (1778); жени кои говорат македонски јазик и кои некогаш имале партнер (1359); жени кои говорат албански јазик и кои некогаш имале партнер (419);

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

# НИСКО НИВО НА ПРИЈАВУВАЊЕ СЛУЧАИ НА НАСИЛСТВО И НА ИНФОРМИРАНОСТ

## МНОГУ ЖЕНИ НЕ СЕ ЧУСТВУВААТ ИНФОРМИРАНИ ЗА ТОА ШТО ДА ПРАВАТ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО







% кои се запознаени со поддршката што ја нудат локалните организации




**База:** Сите жени на возраст од 18 до 74 години (1910); сите жени што говорат македонски јазик (1414); сите жени што говорат албански јазик (496);

## НИСКО НИВО НА ПРИЈАВУВАЊЕ НАСИЛСТВО ВО ПОЛИЦИЈА

% кои директно ја контакирале полицијата после најсериозниот инцидент на насилство




**База:** Сите жени на возраст од 18 до 74 години кои доживеале најсериозен инцидент од секоја форма на насилство - сексуално вознемирување (648), скришно следење/демнење (171), од сегашен партнер (109) од поранешен партнер (216), од не-партнер (181)

Бројките во врска со свеста и последиците од насилството се ажурирани - бројките во претходните верзии на овој извештај не треба да се земаат предвид

# СТАВОВИ НА ПОКОРУВАЊЕ И ПРЕМОЛЧУВАЊЕ

Прашање: Дали вашите пријатели генерално ќе се согласат или нема да се согласат со следниот исказ: *"Добрата жена се покорува на сопругот дури и кога има различно мислење од него"*




Прашање: До кој степен се согласувате или не се согласувате со следниот исказ: *"Семејното насилство е приватно прашање и треба да се среди во рамки на семејството"*




**База:** Сите жени што говорат македонски јазик (1414); сите жени што говорат албански јазик (496);

# ВЛИЈАНИЕТО НА НАЈСЕРИОЗНИОТ ИНЦИНДЕНТ

## НАСИЛСТВОТО ПРЕДИЗВИКУВА ПСИХОЛОШКА РЕАКЦИЈА

% кои искусиле една или повеќе психолошки последици поради …




## НАСИЛСТВОТО ПРЕДИЗВИКУВА ФИЗИЧКА ПОВРЕДА

% кои доживеале една или повеќе физички последици поради…




Ова вклучува **32,500 жени*** кои останале со повреда или физичка последица, земајќи ги предвид најсериозните случаи што ги доживеале во текот на нивниот живот како возрасни.

***Приближни бројки**

**База:** Сите жени на возраст од 18 до 74 години кои доживеале најсериозен инцидент од секоја форма на насилство – сексуално вознемирување (281), скришно следење/демнење (83), од тековен партнер (85), од поранешен партнер (59) не-партнер (107), секое насилство од интимен партнер /секое насилство од не-партнер (212)

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

# Содржина

**Историјат** ......................................................................i

**Извршно резиме** ..............................................................iii

**Содржина** ........................................................................x

**1. Како да се читаат податоците** ............................................ 1

**2. Правен, институционален и политички контекст** .................. 5

**3. Ставови кон родовите улоги и насилството врз жените** ........13

**4. Насилство врз жените во Северна Македонија** .....................21

**5. Конфликт и насилство** ........................................................45

**6. Влијанието на насилството врз животот на жените и пречките за барање поддршка** ..........................................51

**7. Искуства на насилство кај одредени групи жени** ...................67

**8. Главни заклучоци и препораки** ...........................................73

**ПРИЛОЗИ** ...........................................................................79





Фотографска банка. Позирано од модел.

# 1. Како да се читаат податоците

## Вовед

Анкетата спроведена од ОБСЕ е прво истражување од ваков вид за распространетоста на насилството врз жените во Република Северна Македонија врз основа на репрезентативен примерок од возрасната популација на жени (1.910 жени на возраст од 18 до 74 години, од кои 496 жени ја пополниле анкетата на албански јазик и 1.414 ја пополниле анкетата на македонски јазик). Клучните демографски податоци користени за истражувањето се возраста на жената, работниот статус, дали живее во рурална или урбана средина и дали била погодена од конфликт или не. Главните цели на истражувањето се да обезбедат докази за распространетоста на НВЖД и последиците по здравјето и благосостојбата на жените за да служат при натамошното креирање на политики. Главните прашања на истражувањето беа:

- Колкав е степенот на насилство врз жените во Северна Македонија?
- Кои форми на насилство ги доживуваат жените во Северна Македонија?
- Кои се сторителите на насилство врз жените?
- Кои се последиците од насилството врз здравјето и благосостојбата на жените?
- Дали жените ги пријавуваат случаите во полиција или на други органи или организации? Ако не, зошто не?
- Дали постојат разлики помеѓу искуствата на насилство врз жените во зависност од нивната возраст, образование, работен однос, приход или дали припаѓаат на од малцинска заедница или рурална средина?

Истражувањето, исто така, имаше за цел да утврди дали насилството има врска со тоа дали жените биле погодени од вооружен конфликт според дефинициите користени во ова истражување (види повеќе во Поглавје 5).

Во анкетата спроведена од ОБСЕ од жените беше побарано да направат разлика помеѓу инциденти што се случиле од 15-годишна возраст и 12 месеци пред анкетата. Со ова жените можеа да направат разлика помеѓу неодамнешните и поодамнешните настани. Со анкетата, исто така, беа обезбедени податоци кои се директно политички релевантни за сегашните практики, како што се пријавувањето и реакциите кон жртвите.

Податоците беа ***анализирани според јазикот на кој била спроведена анкетата***, што овозможи споредба помеѓу жените што зборуваат македонски и оние што зборуваат албански јазик.

Жените исто така беа прашани дали се сметаат себеси за дел од **етничко малцинство, имигрантско малцинство, верско малцинство, сексуално малцинство, малцинство во однос на попреченост, бегалец или раселено лице или повратник во *местото каде што живеел во времето на анкетата***. Генерално, 8% се изјаснија дека припаѓаат на локално етничко малцинство и 6% на верско малцинство (ниту една жена не се изјасни како дел од една од другите групи).

| **Размислувајќи за тоа каде живеете (вашиот град или село), дали сметате дека сте дел од следниве нешта?** | **Вкупно** | **На кој јазик беше спроведено интервјуто?** | |
|---|---|---|---|
| | | Македонски | Албански |
| ***N*** | ***1,910*** | ***1,414*** | ***496*** |
| Етничко малцинство | 7.6% | 10% | 1% |
| Верско малцинство | 5.7% | 4% | 11% |
| Нема | 81,5% | 83% | 77% |
| Не знам | 4.4% | 3% | 8% |
| Одбива | 1.7% | 1% | 3% |

Како што може да се види од табелата, жените не се изјаснија задолжително како припаднички на етничко или верско малцинство според јазикот на кој било спроведено интервјуто.

**Споредливоста на податоците од областа опфатена со истражувањето спроведено од ОБСЕ со податоците од ЕУ**

Истражувањето се базира на методологијата што ја користеше Европската Агенцијата за основни права (ЕАОП) за истражувањето за насилството врз жените во 2012 година во 28 земји-членки на Европската унија.[5] Заради тоа, истражувањето спроведено од ОБСЕ е споредливо со истражувањето на ЕАОП. Европскиот институт за родова рамноправност (ЕИРР) во својата тековна работа ги користи податоците на ЕАОП и во иднина планира да ги искористи наодите и од ова истражување. Конечно, истражувањето на ОБСЕ ги вклучува избраните прашања на Евробарометер за ставовите кон НВЖ.

**Отпор кон споделување**

За подобро да се разбере распространетоста на НВЖ, многу е важен контекстот. ОБСЕ на истражувањето додаде неколку прашања за нормите, ставовите и однесувањето на жените и нивните семејства и пријатели (вклучувајќи ги и мажите) во врска со насилството и искуството со пријавување на злоупотребата Споредувајќи ги податоците на ОБСЕ со податоците на ЕУ за родовите ставови и норми (Евробарометар бр. 449),[6] ова истражување сугерира дека кога повеќе жени сметаат дека домашното насилство е приватно прашање, тогаш стапката на жени кои пријавуваат насилство во полиција и други организации е помала отколку во земјите каде што постои подолга традиција на подигнување на свеста за насилството врз жените. Квалитативното истражување потврдува дека табуто и срамот поврзани со сексуалното насилство се особено распространети.

**Претходно истражување**

Првото национално истражување за домашно насилство во Северна Македонија беше спроведено во 2012 година, во рамките на програмата наречена „Зајакнување на националните капацитети за спречување на домашното насилство".[7] Истражувањето беше спроведено на примерок од 2.100 мажи и жени на возраст на 15 години и повеќе. Фокусот на истражувањето не беше родово базираното насилство или насилството врз жените, туку домашното насилство врз жените, мажите и децата (беа вклучени адолесценти од15 до18 годишна возраст).

5 *Violence against women: an EU-wide survey. Main results* (Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights, 2015), пристапено на 22 март 2019 г., http://fra.europa.eu/en/publication/2014/violence-against-women-eu-wide-survey-main-results-report.

6 Special Eurobarometer 449: Gender-based Violence, European Commission, Directorate-General on Justice and Consumers, November 2016, пристапено на 22 март 2019 г., https://data.europa.eu/euodp/data/dataset/S2115_85_3_449_ENG.

7 Љубинка Поповска, Владо Рикаловски и Елизабета Вилагомез, *Извештај за Националното истражување за домашно насилство* (Скопје: МагнаСкен, 2012), пристапено на 4 април 2019 година, https://www.academia.edu/6318311/REPORT_ON_THE_NATIONAL_SURVEY_OF_DOMESTIC_VIOLENCE.

Според наодите од истражувањето, 39% од жените и 36% од мажите претрпеле домашно насилство. Распространетоста на различните облици на домашно насилство беше постојано висока кај жените, а беше констатирано дека поголемиот дел од сторителите биле мажи. Помладите жени и мажи биле особено изложени на насилство, а распространетоста кај децата (15-18 години) била повисока отколку кај сите други возрасни групи. Распространетоста беше поголема кај жените со пониско образование и кај оние што живеат во руралните средини. Повеќе од три четвртини од инцидентите на насилство не биле пријавени во јавните служби. Кога биле пријавени, тоа главно било во полиција, центрите за социјална работа и здравствените центри, но степенот на задоволството од квалитетот на одговорите од овие институции беше доста низок.

Северна Македонија учествуваше во регионалното истражување за Ромите спроведено од страна на УНДП и Светската банка во 2017 година во Западен Балкан. Резултатите од анкетата покажаа дека положбата на жените Ромки е особено ранлива и дека има висока распространетост на раните бракови (секоја трета Ромка на возраст од 20 до 49 години стапила во брак пред 18 години), што ја поткопува благосостојбата на ромските девојки.[8]

**Водич за толкување на податоците од анкетата**
Таму каде што збирот на дадените проценти не е 100 или ја надминува таа вредност, може да се должи на заокружувањето, на исклучувањето на одговорите „не знам“ или на фактот дека испитаниците можеле да дадат повеќе одговори на одредени прашања.

**Приватност и анонимност**
Интервјуата беа спроведени лице-в-лице од обучени и искусни анкетари жени. Интервјуата беа спроведени со користење на таблет и по принципот на информирана согласност. На испитаничките им беше кажано дека сите собрани податоци ќе бидат доверливи и анонимизирани.

**Опфатените форми на насилство**
Наодите презентирани во овој извештај се засноваат на прашањата поставени во анкетата на ОБСЕ за насилството врз жените извршено од не-партнер или од интимен партнер, како и случаи на сексуално вознемирување, скришно следење/демнење, насилство во детството и влијанието на конфликт врз родово базираното насилство. Прашалникот се темели на дефинициите утврдени во Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција).

За да се измери (утврдената) распространетост на секој вид насилство, жените беа запрашани дали доживеале различни видови на насилство во различни референтни периоди како што е наведено во поглавјата 3 и 4 од овој извештај.

- Во врска со **физичкото** и **сексуалното насилство**, листата на прашања кои беа поставени во анкетата може да се најде на страница 21 во Поглавјето 4.
- Во врска со **психолошкото насилство**, листата на прашања кои беа поставени во анкетата може да се најдат на страница 29 во Поглавјето 4.
- Во однос на **сексуалното вознемирување,** листата на прашања кои беа поставени во анкетата може да се најдат на страница 32 во Поглавјето 4.
- За **скришното следење/демнење**, листата на прашања кои беа поставени во анкетата може да се најдат на страница 31 во Поглавјето 4.

**Во ова истражување, насилството во детството** се однесува на насилство кое се случило пред 15 годишна возраст. Листата на прашања што беа поставени за искуствата од насилство во детството може да се најдат на страница 41 во Поглавјето 4. Прашањата, методологијата и возраста на испитаниците во истражувањето на ОБСЕ се разликуваат од анкетите на Интернационалниот прашалник за негативните

8 “Regional Roma Survey 2017: Country Fact Sheets”, UNDP in Europe and Central Asia, 9 April 2018, 4 април 2019 г., http://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/roma/regional-roma-survey-2017-country-fact-sheets.html l.

искуства во детствот[9] и од Мултиндикаторското кластерско истражување,[10] и распространетоста на насилството во детството од тие анкети не е споредлива.

**Во врска со поглавјето посветено на конфликтот и родово базираното насилство** (Поглавје 5), за целите на ова истражување, терминот вооружен конфликт се дефинира како вооружени судири помеѓу две или повеќе организирани групи, напади врз заедници или општа несигурност предизвикана од конфликт, додека жените кои се сметаат за лица погодени од конфликт се оние кои живееле во ситуација на активен вооружен конфликт во период од најмалку една недела и кои одговориле со „да" на барем едно од прашањата наведени на страница 45 во Поглавјето 5.

**Партнери** се однесува на лица со кои испитаничките се во брак, живеат заедно или со кои се во врска без притоа да живеат заедно. Не-партнери се однесува на сите сторители, кои не се сегашни или поранешни партнери на жените.

**Најсериозен инцидент** се однесува на инцидент што најмногу влијаел врз испитаните жени, било физички или психички.

**Преглед на квалитативното истражување**
Петнаесет клучни експерти кои работат во Северна Македонија ги споделија своите ставови околу начинот на кој работат владините институции и НВО на спречувањето на НВЖ, каква поддршка им е достапна на жените кои искусиле НВЖ и нивните препораки. Експертите беа претставници на меѓународни организации и владини и невладини институции.

Девет фокус групи беа одржани со жени од различни возрасни групи, жени кои живеат во урбани и рурални делови на Северна Македонија, жени од различни малцински групи (Албанки и Ромки) и 24 жени кои се соочиле со ситуација на конфликт. Целите на овие дискусии беа:

- да се разберат општествените ставови кон жените воопшто и да се разбере НВЖД и сторителите на таквото насилство;
- да се истражи како со текот на времето се менувале ставовите кон НВЖД, вклучително и во периодите на конфликт;
- да се истражи степенот до кој жените се запознаени со постојните мерки за поддршка, нивните ставови за тие мерки и сето она што може да ги спречи во добивањето на таквата поддршка; и
- да се утврди како може да се подобрат превенцијата и поддршката.

Четири длабински интервјуа беа спроведени со жртви од насилство, вклучително и жени со попреченост. Целите на овие интервјуа беа:

- да се истражат формите на насилство кои жените ги доживеале во текот на целиот живот и влијанието на конфликтот;
- да се утврдат причините за отпорот на жените да зборуваат за нивните искуства да побараат поддршка, како и да се истражат причините зошто некои жени се согласуваат да зборуваат за своите искуства, а други не;
- да се разбере поддршката која ја добиваат, да се идентификуваат недостатоците при давањето услуги и да се утврдат незадоволените потреби на жените кои припаѓаат на одредени малцински групи (на пример, жени кои припаѓаат на етничко малцинство или жените со попреченост); и
- да се разбере како жените кои добиле поддршка (формална или неформална), успеале во тоа и како тоа влијаело врз нив.

9 World Health Organization, Adverse Childhood Experiences International Questionnaire (ACE-IQ) пристапено на 26 март 2019г., https://www.who.int/violence_injury_prevention/violence/activities/adverse_childhood_experiences/en/

10 УНИЦЕФ, Мултиндикаторско кластерско истражување (MICS) пристапено на 26 March, https://www.unicef.org/statistics/index_24302.html

# 2. Правен, институционален и политички контекст

Ова поглавје дава краток преглед на клучните национални закони во врска со насилството врз жените[11], превенцијата и заштитата на жените од насилство, собирањето на податоци и влијанието на конфликтот врз жените. Тој се темели на ставовите на 15-те клучни експерти кои беа интервјуирани и на преглед на литературата, вклучително и Заклучните забелешки на Комитетот на ОН на Конвенцијата за елиминација на дискриминацијата врз жените од 2018 година (CEDAW).[12]

**Вовед**
Насилството врз жените влијае на животот на милиони жени и девојки и го попречува напредокот кон сеопфатна безбедност за сите. ОБСЕ, како најголема регионална организација за безбедност во светот, признава дека НВЖД не влијае само на безбедноста и сигурноста на жената, туку исто така ги спречува да учествуваат во општеството или да ги искористат своите вештини и знаења со нивниот целосен потенцијал.

Истражувањето спроведено од ОБСЕ се фокусираше на родовото насилство врз жените, извршено од нивните партнери, членови на семејството, пријатели, познаници и колеги, како и непознати сторители.

Насилството врз жените претставува кршење на основните слободи и права на жените и манифестација на историски нееднакви односи на моќ меѓу мажите и жените.[13] Бидејќи родовата нееднаквост лежи во основата на родовото насилство, важно е да се земе предвид поширокиот контекст на статусот на жените во регионот на ОБСЕ, со цел да се процени нивната безбедност и благосостојба.

Во Северна Македонија, како и во многу други земји во регионот и во светот, овие структурни нееднаквости се видливи во различни области: политичкото и економското учество; пристапот до имот, приходи и услуги; учеството во економијата; и пристоен животен стандард и квалитет на живот.

Жените се недоволно застапени на позициите на политичка моќ и немаат еднакво влијание како мажите врз политиките, законите и реформите кои го дефинираат социо-економскиот развој. Заради системот на законски квоти, жените претставуваат околу една третина од националниот Парламент (36%), но нивното учество во извршната власт останува ниско, со само четири жени од 25 министри (16%). Жените се недоволно застапени во сите владини тела, а само 7% од општините ги раководат жени.[14]

Жените не учествуваат подеднакво со мажите во економијата. Тие се недоволно застапени на пазарот на трудот и условите при вработување се понеповолни

11 Трговијата со луѓе, поточно, трговијата со жени и девојки заради сексуална експлоатација е вид на родово насилство врз жените. Тоа е сериозно прашање на човекови права и безбедност. Ова истражување не вклучува прашања за овој вид насилство. бидејќи истражувањето на трговијата со луѓе вклучува многу висок ризик за жртвите, а истражувањето на домаќинствата не е соодветен истражувачки метод. Истражувањето на ЕАОП на кое се базира истражувањето спроведено од ОБСЕ, не ја испитуваше трговијата со жени и девојки.
12 “Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia*”, United Nations Human Rights, Office of the High Commissioner, Committee on the Elimination of Discrimination against Women (CEDAW), 22 октомври–9 ноември 2018 г., пристапено 22 март 2019г., https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/MKD/CO/6&Lang=En.
13 Декларација на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените, 1994г.
14 “Information submitted for consideration to the Committee on the Elimination of Discrimination against Women in its adoption of a list of issues regarding the Sixth Periodical Report of the Republic of Macedonia under the Convention on Elimination of All Forms of Discrimination against Women, 71 Pre-Sessional Working Group, 12-16 March, 2018”, Reactor – Research in Action, January 2018, пристапено на 22 март 2019 година, https://tbinternet.ohchr.org/Treaties/CEDAW/Shared%20Documents/MKD/INT_CEDAW_NGO_MKD_30045_E.pdf.

во споредба со мажите. Стапката на активност[15] кај жените на работоспособна возраст (15-64) е многу помала со онаа кај мажите (51,9% наспроти 79%), како и стапката на вработеност (41,2% наспроти 62,3%).[16] Жените се платени помалку од мажите за истите работни места. Едно истражување за разликите во платите помеѓу мажите и жените покажа дека жените заработуваат 18% помалку од мажите со исти карактеристики на пазарот на трудот (квалификации, работно искуство, занимање итн.), односно жените треба да работат 65 дена годишно повеќе за да добијат еднаква плата.[17]

Додека уделот на жените во платената работа е помал, тие остваруваат непропорционален обем на обврски во домаќинството и за семејна нега. Жените во брак со зависни деца до 6 годишна возраст поминуваат во просек 4,2 часа повеќе од мажите со ист брачен и родителски статус на домашните активности и имаат повеќе од еден час помалку слободно време дневно.[18]

Насилството врз жените извршено од партнери, членови на семејството, пријатели, колеги или непознати сторители може целосно да се разбере во овој контекст, бидејќи инструментите што се на располагање за негова елиминација се ограничени или засилени со дејствија во други области во кои жените не се еднакви.

## 2.1: Националната законодавна рамка и нејзиното спроведување

Северна Македонија прогласи независност од поранешна Југославија во 1991 година. Оттогаш, таа ратификуваше или наследи неколку меѓународни обврски за родова рамноправност, вклучително и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW, 1980) и нејзиниот Факултативен протокол. Тоа беше засилено со Пекиншката декларација и Платформата за акција (1995), кои ги обврзаа земјите-учеснички да преземат чекори за постигнување на родовата еднаквост и на целите за одржлив развој. Северна Македонија неодамна ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција), која стапи во сила во јули 2018 година.[19]

Уставот на земјата гарантира еднаквост и забранува дискриминација по било кој основ, вклучително и дискриминација по основ на полот и насилство врз жените.[20] Националното законодавство ја покрива родовата еднаквост, домашното насилство, сексуалното вознемирување, сексуалното и физичкото насилство, брачното силување и задолжителното пријавување, но не и прибирање на податоци според полот.[21]

Кривичниот законик во Северна Македонија го третира домашното насилство и кршењето на човековите права генерално, при што неколку кривични дела се сметаат за отежнати доколку се извршени во тесна лична врска. Според Законот

15 Стапката на активност укажува на учеството на жените во работната сила, односно на учеството на жените кои се вработени или бараат работа во вкупната популација на работоспособни жени (15-64 години).
16 “Labour Force Survey”, Database - Eurostat, 2018, пристапено на 22 март 2019 година, https://ec.europa.eu/eurostat/web/lfs/data/database.
17 Sonja Avlijaš et al., Gender Pay Gap in the Western Balkan Countries: Evidence From Serbia, Montenegro and Macedonia (Belgrade, Foundation for the Advancement of Economics, 2013), pp. 11–12, пристапено на 22 март 2019г., https://www.fren.org.rs/sites/default/files/Gender%20pay%20gap%20in%20the%20Western%20balkan%20countries.pdf.
18 Анкета за користење на времето, 2009г. (Скопје: Државен завод за статистика на РМ, 2011), стр. 27, пристапено на 22 март 2019 година, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.11.01.pdf.
19 “Chart of Signatures and Ratifications of Treaty 210: Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence”, Council of Europe Treaty Office, состојба од 22 март 2019 г., пристапено на 22 март 2019 година, https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/210/signatures?p_auth=DR7St6oc.
20 Според Членот 9 од Уставот: «Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Сите граѓани се еднакви пред Уставот и законот. Види „Еднаквост и недискриминација“, Глобална уставна база на податоци за родова рамноправност, пристапено на 22 март 2019 година, http://constitutions.unwomen.org/en/search?keywords=Macedonia, the former Yugoslav Republic of Macedonia.
21 Податоците поделени по пол ги вклучуваат општите статистички податоци и родово базираните макроекономски податоци, но не и насилството врз жените како такво. Клучните експерти интервјуирани за целите на овој извештај рекоа дека полицијата и релевантните институции собираат ограничен број на податоци, но тие не се јавно достапни.

за спречување и заштита од домашно насилство од 2014 година, насилството врз жените се регулира како форма на домашно насилство. Силувањето е кривично дело, казниво со една до 15 години затвор. Меѓутоа, за да се докаже силувањето потребно е да има примена на сила или закана со сила, а не само несогласност од жртвата. Силувањето во бракот е кривично дело, но се гони само по приватна тужба.[22] Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година го вклучува сексуалното вознемирување како забранета форма на дискриминација.[23]

Комитетот на CEDAW во извештајот од 2018 година го поздрави постигнатиот напредок во земјата, вклучително и усвојувањето на горенаведеното законодавство и ратификацијата на меѓународните и регионалните инструменти. Меѓутоа, извештајот содржи и сеопфатни препораки во врска со дискриминацијата и насилството врз жените (вклучително и распространетост на договорени и рани бракови кај ромската и албанската заедница).[24]

Во врска со насилството врз жените конкретно, Комитетот ја повика Владата, во согласност со барањата на Конвенцијата, да донесе закон за решавање на сите форми на насилство врз жените, вклучително и брачното силување. Се препорачува измена на домашниот закон за семејство и друго релевантно законодавство со цел укинување на медијацијата и помирувањето во случаите на родово базирано насилство врз жените и измена на Кривичниот законик со што дефиницијата на силување ќе се заснова на отсуството на согласност. Комитетот, исто така, препорача државата на жртвите да им обезбеди пристап до бесплатна правна помош и шелтер.

Клучните експерти интервјуирани за овој извештај ги поддржаа овие заклучоци, и укажаа на недостатоците во законодавството. Законот за спречување и заштита од домашно насилство од 2014 година не се однесува конкретно на насилството врз жените. И покрај Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година, извештајот на Стејт департментот за 2013 година за Северна Македонија наведува дека: „Сексуалното вознемирување на жените на работното место останува проблем, а жртвите генерално не покренуваат тужба поради страв од публицитет и можно губење на работното место".[25] За време на валидационата тркалезна маса за ова истражување во Скопје[26], заинтересираните страни изјавија дека Министерството за труд и социјална политика го изготвува новиот закон за родово базирано насилство и дека се планираат измени и на Кривичниот законик.

Состојбата останува иста, и Хелсиншкиот комитет за човекови права во 2018 година го извести Комитетот на CEDAW дека: „Домашното насилство е единствената форма на родово-базирано насилство кое е регулирано. Законот [2014] не е родово сензитивен ... и не ги признава девојчињата и жените како особено ранлива група во однос на родово-базираното насилство".[27]

22 Извадоци од примарното законодавство и Кривичниот законик на Северна Македонија (1996, со измените од 2004 година) може да се најдат на англиски на веб-страницата на Законодавно-правната комисија на ОБСЕ на: http://www.legislationline.org/documents/action/popup/id/5637 . Силувањето е дефинирано во член 186 од Кривичниот законик.

23 Според Членот 7 на Законот за спречување и заштита од дискриминација сексуалното вознемирување се дефинира како „несакано однесување од полов карактер, кое се изразува физички, вербално или на кој било друг начин, а има за цел или последица повреда на достоинството на едно лице, особено кога се создава непријателска, заканувачка, деградирачка или понижувачка средина".

24 „Заклучните согледувања за шестиот периодичен извештај за поранешната југословенска Република Македонија".

25 „Извештај за човекови права на Македонија за 2013 година", Стејт департмент на САД, 27 февруари 2014 година, пристапено на 22 март 2019 година, https://www.state.gov/j/drl/rls/hrrpt/2013/eur/220304.htm.

26 Валидационата тркалезна маса се одржа на 4 декември 2018 година во Скопје и на неа присуствуваа 25 заинтересирани страни од владини институции, граѓанското општество и меѓународните организации.

27 „Република Македонија: Поднесок до Комитетот на Обединетите нации за елиминација на дискриминацијата врз жените при донесувањето на листа на прашања во врска со Шестиот периодичен извештај на Република Македонија според Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените", Хелсиншки комитет за човекови права , 29 јануари 2018, пристапено на 22 март 2019, https://tbinternet.ohchr.org/Treaties/CEDAW / Shared%20Documents/MKD/INT_CEDAW_NGO_MKD_30018_E.pdf .

## 2.2: Институционалните механизми и соработка

Донесени се неколку стратегии и основани се неколку институции кои се занимаваат со заштитата на човековите права и спречувањето на дискриминацијата, вклучувајќи ја и Стратегијата за родова еднаквост (2013-2020), Секторот за еднакви можности во Министерството[28] за труд и социјална политика, парламентарната Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за заштита од дискриминација и Канцеларијата на Народниот правобранител, која има намера да го вклучи родово-базиранотот насилството како посебна тема на експертиза.

Сепак, со укинувањето на Националното координативно тело за домашно насилство во 2011 година, Министерството за внатрешни работи е единственото национално државно тело споменато кое се спомнува во официјалните извори на ОН како институционален механизам кој се занимава со насилството врз жените. Според Законот за спречување и заштита од домашно насилство од 2014 година, беа воведени четири протоколи, вклучително и мултисекторски протокол со кој се бара од засегнатите институции да работат заедно.[29] Исто така, се предвидува формирање на национален координативен центар против домашното насилство со петгодишен мандат каде ќе се вклучат претставници од релевантните министерства, политичари, судството, Народниот правобранител и граѓанските организации. Овој центар е основан но тој сè уште не беше во функција кога се изготвуваше овој извештај. Заради тоа, не е поднесен извештај за функционалноста на законот, ниту пак постојат насоки за подобрување на соработката и координацијата помеѓу горенаведените институции и организациите на граѓанското општество.[30] По ратификацијата на Истанбулската конвенција, Владата го усвои Националниот акционен план (НАП) за имплементација на Истанбулската конвенција (2018-2023) во октомври 2018 година. Првата активност на НАП која Владата планира да ја спроведе е изготвување на нов закон за родово-базирано насилство со цел усогласување на законодавството со Истанбулската конвенција. Тоа ќе биде проследено со отворање на нови центри за советување за сторителите и изготвување на модули за обука за професионалци кои работат со жртви на насилство.[31] Министерството за труд и социјална политика ги информираше авторите за време на валидационата тркалезна маса дека со работа започна ЕИГЕ за Индексот на родова еднаквост[32].

28 Според релевантните закони, креирана е позицијата на законски застапник за утврдување на родово базиран нееднаков третман, но истата се уште не е пополнета.

29 „Правилници од законот за социјална заштита", Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, пристапено на 22 март 2019г., http://www.mtsp.gov.mk/pravilnici.nspx.

30 Зорица Салтировска и Сунчица Димитриоска, „Правна и институционална функционалност во заштитата на жената - жртви на семејно насилство во Република Македонија - сегашна состојба и идни перспективи", Европски весник за општествени науки за образование и истражување 4, бр. 4 (Мај-јуни 2017): 131-139, пристапено на 22 март 2019 година, http://journals.euser.org/files/articles/ejser_may_august_17_nr_2/Zorica.pdf.

31 „Презентација на Шестиот периодичен извештај на Република Македонија на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените во Комитетот за елиминација на дискриминацијата против жените", Влада на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, 1 ноември 2018 година, пристапено на 22 март 2019 година, https://tbinternet.ohchr.org/Treaties/CEDAW/Shared%20Documents/MKD/INT_CEDAW_STA_MKD_32920_E.pdf.

32 Европски институт за родова рамноправност, пристапено на 26 март 2019 година, https://eige.europa.eu/gender-equality-index/about

## 2.3: Достапност на административни и други податоци

Административните податоци, според полот, возраста, етничката припадност, попреченоста, географската положба и социо-економскиот статус, се неопходни за точна проценка на состојбата на жените, родовата нееднаквост и степенот и природата на насилството врз жените. Без податоци, не е можно да се преземат корективни мерки базирани на докази.

Се чини дека не постои задолжително собирање податоци за насилството врз жените во земјата. Единствените национални извори на податоци се судството и полицијата, но експертите рекоа дека овие податоци веќе не се јавно достапни.[33]

Канцеларијата на Народниот правобранител во моментот врши истражувања за опсегот на домашното насилство и планира да контактира со владини тела, центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи и судовите со цел да добие пристап до нивните статистички податоци. Народниот правобранител, исто така, изрази подготвеност да соработува со невладините организации и да ги споделува добиените податоци.

Податоците биле обезбедени за извештајот на CEDAW од 2018 година, а има и голем но фрагментиран збир на извештаи од домашни НВО, вклучително и ХЕРА (која главно се занимава со здравствената заштита и сексуално преносливи болести), ЕХО Штип и нејзините партнерски организации (кои ги анализираа жртвите на домашно насилство во Штип и Струмица), како и голем број на шелтери и советувалишта. Други извори на податоци се Хјуман рајтс воч (кој дава наводи за насилство врз жените од страна на полициски службеници во засолништата за бегалци), *Ревијата за казнено право и криминологија* и некои *локални*[34] власти.

Комитетот на CEDAW од 2018 година изрази загриженост за отсуството на веродостојни информации за насилството врз жените и ја повика Владата „систематски да собира податоци, поделени по релевантни фактори, за случаите на родово-базирано насилство и дискриминација врз жените за кои е покрената постапка пред судовите и за бројот на налози за привремена заштита".

Клучните експерти ја повторија оваа загриженост, особено заради впечатокот дека не се собираат податоци за бројот на пресуди за насилство врз жените, дека не се признава како кривично дело или заради методот на собирање податоци што го користат судовите.[35] Ова ги спречува властите и широката јавност да го препознаат насилството врз жените, да го мерат и да го решаваат проблемот.[36]

33 Салтировска и Димитриоска, "Legal and Institutional Functionality in the Protection of Women – Victims of Domestic Violence in the Republic of Macedonia – Present Situation and Future Perspectives", European Journal of Social Sciences Education and Research 4, No. 4 (May–June 2017): 131–139, пристапено на 22 март 2019 г., http://journals.euser.org/files/articles/ejser_may_august_17_nr_2/Zorica.

34 *Македонската ревија за криминалистичко право и криминологија* го издава Здружението за кривично право и криминологија. Види http://journal.maclc.mk/en/ревија/ or http://journal.maclc.mk/en/.

35 Види Yordanka Gancheva, *The Costs of Domestic Violence Against Women in FYR Macedonia: A Costing Exercise for 2006* (Cape Town: Economic Policy Research Institute, 2008).

36 Министерството за труд и социјална политика презентираше некои податоци во шестиот периодичен извештај на Северна Македонија за Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените, (CEDAW / C / MKD / 6), 5 мај 2017 година 22 март 2019, https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en&TreatyID=3&DocTypeID=29. Информациите за граѓанското општество презентирани во текот на овој циклус на известување исто така ќе бидат корисни во овој поглед.

## 2.4: Превенција, заштита и поддршка

Превентивните активности можат да помогнат во подигање на свеста, во разбирањето и ефикасното справување со насилството. Во земјата постојат неколку широки превентивни активности:

**Развивање на системот на кривичната правда со цел сторителите да одговараат за делата што ги извршиле, наведени погоре.**

- Давање соодветна социјална, медицинска, психолошка и правна помош на жртвите од насилство врз жените. Сегашната национална стратегија има за цел да понуди рамка за родово-специфични мерки ориентирани кон превенција и заштита на жените, истовремено нудејќи широк спектар на мерки и активности кои ги покриваат сите други преживеани.

- Организирање и спроведување на информативни и едукативни кампањи, особено за справување со родовите стереотипи. Неодамнешните иницијативи на мрежата „Жените против насилството во Европа” (WAVE) се состоеше од кампања наречена „Step up”, протест на Меѓународниот ден на мирот и натпревар во Мемови во 2017 година, каде младите беа повикани да размислат и да создадат интернет мемови со позитивни пораки за живот без страв и насилство. Кампањата „Вистинските мажи никогаш не удираат жена” на УНФПА беше тригодишна национална кампања за подигнување на јавната свест насочена кон намалување на насилството врз жените

Превентивните активности главно ги води граѓанското општество. Меѓутоа, експертите интервјуирани за овој извештај, сепак, сугерираат дека тие честопати се сериозно попречени од културните бариери, непризнавањето на насилството врз жените, слабото одржување на механизми и протоколи, несоодветното спроведување на законите и отсуството на политичка волја.

Не постои централна институција која спроведува обука за насилство врз жените. Во службените извештаи и извештаите од невладините организации се спомнуваат само обуки за правници, полициски службеници и други стручни лица, но во нив не може да се најде ништо што упатува на спроведувањето на некоја тековна стратегија или за формирање на национално координативно тело. Некои од интервјуираните експерти потврдија дека обуката била донекаде успешна во подигањето на свеста, сепак и понатаму изразуваат загриженост поради отсуството на систематска евалуација и честите мешања на политиката. Некои од експертите, исто така, се осврнаа на немотивираноста на стручните лица да се запознаат за оваа тема. Според нив, многумина присуствуваа на обуката, бидејќи беше задолжителна, не затоа што сакаа.

Жртвите на насилство врз жените, или оние кои се изложени на ризик од насилство, треба да имаат пристап до заштита и основни услуги. Службите за поддршка вклучуваат седум шелтер центри финансирани од Владата со ограничен капацитет; еден шелтер центар за жени изложени на ризик управуван од невладина организација; национална телефонска линија (на македонски и албански јазик); два кризни шелтер центри за привремено згрижување (од 24 до 48 часа) на жртвите на домашно насилство; семејно советувалиште и советувалиште за жртвите; и голем број на организации кои нудат бесплатна правна помош.

Во 2018 година, државата воспостави три центри за упатување на жртвите на сексуално насилство, кои се достапни за жени со попреченост.

Во објавените извештаи, Хелсиншкиот комитет за човекови настапува многу критички во однос на решенијата за заштита:

- Државата нуди шелтери само за жртвите на домашно насилство, а помалку од 5% од жртвите жени кои пријавиле насилство се сместени таму, што значи дека голем број остануваат дома - честопати со сторителот. Постои географска нерамномерност во однос на достапноста на овие услуги.
- Три организации нудат бесплатни, национални SOS телефонски линии за помош, иако ниту една не нуди услуги на сите јазици што се зборуваат во заедниците каде што се достапни. Услугите не се сензитивни на попреченоста, бидејќи жртвите со сензорна попреченост не можат да примаат информации на знаковен јазик или Брајово писмо.
- Процесот на добивање на налози за заштита е бирократски и понижувачки: „Дискриминацијата врз жените базирана на родовите стереотипи, стигмата, патријархалните норми и родовото насилство го попречува и/или го оневозможува пристапот на жените до правдата на еднаква основа со мажите”.[37]

## 2.5: Последици од конфликтите врз жените

Земјата се отцепи ненасилно од поранешна Југославија. Меѓутоа, конфликтот во 2001 година помеѓу милитантната група на етничките Албанци на Ослободителната национална армија (ОНА) и безбедносните сили во северниот и западниот дел на земјата заврши со Охридскиот рамковен договор. Земјата беше погодена и од бегалските кризи од конфликтите во Босна и Херцеговина и Косово во 1990-тите години.

Нема официјални јавно достапни податоци за насилство врз жените поврзано со конфликтот во 2001 година. Експертите кои беа интервјуирани за целите на овој извештај рекоа дека недостатокот на информации може да се должи на отсуството на национални механизми и на систематски пристап. Експертите рекоа дека знаат за случаи на насилство врз жените поврзани со конфликтот, но немало формални студии за да се потврдат. Хјуман рајтс воч се осврна на наводното насилство поврзано со полицијата и насилството врз жените во центрите за бегалци. Министерството за внатрешни работи ги негираше овие тврдења.[38]

Во 2004 година SEESAC обзнани дека, по конфликтот во 2001 година, малото и лесно оружје е широко достапно во земјата. Иако локалните жители изразиле загриженост за достапноста на оружјето, сепак изгледа дека не сакале да се откажат од своето оружје заради загриженост за сопствената безбедност.[39] Нема нови податоци за ова прашање, иако SEESAC објави во 2016 година дека постои особено висок процент на жени жртви на огнено оружје во земјата во споредба со други земји во Југоисточна Европа.[40]

37 Хелсиншки комитет за човекови права.
38 „Како да не сме луѓе: Полициска бруталност врз мигрантите и барателите на азил во Македонија”, Хјуман рајтс воч, 17 јануари 2018 година, пристапено на 22 март 2019 година, https://www.hrw.org/mk/report/2015/09/22/281212.
39 Suzette R. Grillot et al., *A Fragile Peace: Guns and Security in Post-conflict Macedonia* (Belgrade: South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons, 2004), пристапено на 22 март 2019 г., http://www.seesac.org/f/docs/SALW-Surveys/A-Fragile-Peace--Guns-and-Security-in-post-conflict-Macedonia-.pdf.
40 Dragan Božanić, *Gender and SALW in South East Europe: Main Concerns and Policy Response* (Belgrade: South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons, 2016), пристапено на 22 март 2019 г., http://www.seesac.org/f/docs/Armed-Violence/Gender_and_SALW_publication_eng-web.pdf.



37%

Околу две од пет жени на возраст од 18 до 74 години сметаат дека нивните пријатели генерално се согласуваат дека добрата сопруга му се покорува на сопругот, дури и ако таа не се согласува.

48%

Речиси половина од жените на возраст од 18 до 74 години се согласуваат дека „домашното насилство е приватна работа и треба да се решава во семејството".

19%

Речиси една од пет жени на возраст од 18 до 74 години веруваат дека нивните пријатели ќе се согласат дека обврска на жената е да има секс со мажот иако во тој момент таа не го сака тоа. Ова мислење е поприсутно кај постарите жени.

60%

Три од пет жени на возраст од 18-74 сметаат дека, генерално, насилството врз жените од страна на партнери, познаници или непознати лица е многу или прилично честа појава во земјата.

Фотографска банка. Позирано од модел.

# 3. Ставови кон родовите улоги и насилството врз жените

Генерациските разлики кои ги открива истражувањето покажуваат дека родовите улоги во земјата се менуваат, исто како што се менуваат и ставовите кај помладите генерации во врска со потчинетоста на жените кон мажите. Сепак, таквите промени се бавни и останува значајно малцинство жени кои опстојуваат на традиционалниот став за улогата на жените во општеството.

Жените кои учествуваа во квалитативното истражување говореа за обврските на жените во две посебни области: работниот и семејниот живот, како и рамнотежата помеѓу двете. Традиционално, улогата на жената е фокусирана на семејството, а нејзините главни обврски се грижата за децата, партнерот и домот.

> **„Жените денес се во подобра положба отколку во минатото, бидејќи можат самите да носат одлуки и понезависни се во нивното размислување и однесување".**
>
> **Жена, на возраст од 18-34 години, етничка Албанка, рурална средина**

Додека ширењето на улогата на жената со вклучување на платената работа генерално се сметаше за добра работа, жените кои учествуваа во квалитативните истражувања рекоа дека, обврските на жените на некој начин едноставно се удвоија. Иако жените преземаат поголема обврска во обезбедувањето на финансиски приходи за семејството, нивните партнери не помагаат со тоа што ќе преземат поголем дел од работните обврски дома. Тоа значи дека жените главно чувствуваат дека од нив се бара премногу. Ова прашање беше особено важно за постарите жени, кои рекоа дека долго се сведоци на оваа појава, но беа скептични за корista која ја имаат жените од оваа промена.

> **„Вработена, домаќинка и се грижи за децата, а сопругот е оној кој, кога ќе дојде дома, ќе легне, оди на прошетка, излегува, а жената мора да прави се".**
>
> **Жена, на возраст од 18-34 години, етничка Македонка, рурална средина**

Жените кои учествуваа во квалитативните истражувања изјавија дека имаат премногу обврски на работа и дома, но и се жалат дека не се вклучени во ништо надвор од овие две сфери, особено во забавните и социјалните активности. Ова се должи главно на две причини, прво заради бројните обврски и второ заради родовите норми во земјата кои им ја ограничуваат слободата.

Жените рекоа дека дури и кога би имале време за активности надвор од домот и работата, тие би биле предмет на жестока осуда, бидејќи општеството очекува тие целосно да бидат исполнети со семејството. Освен тоа, некои жени, особено постарите, рекоа дека иако работите се промениле доволно за да им се дозволи на жените да работат заедно со мажите, сепак не доволно за да се дружат со пријатели или колеги мажи. Тие опишаа како секогаш се чувствуваат следени од други кои без размислување ги етикетираат ако излегле надвор од воспоставените норми.

> **„Да речеме дека луѓето би можеле да ти простат ако одиш сама во кафуле ... но ако решиш да бидеш во друштво само со мажи, веднаш ќе бидеш етикетирана ... Ова е страшно ...”**
>
> **Жена, на возраст од 55-74 години, етничка Македонка, урбана средина**

Квантитативните податоци, исто така, укажуваат на фактот дека сè уште има значително малцинство жени кои имаат традиционални мислења за улогата на жените. На пример, речиси два од пет (37%) веруваат дека нивните пријатели ќе се согласат дека добрата жена му се покорува на мажот дури и кога има различно мислење од него, речиси една третина (32%) рекоа дека нивните пријатели ќе се согласат дека важно е мажот да покаже на жената/партнерката кој е главен, а скоро една од пет (19%) рекоа дека нивните пријатели ќе се согласат дека жената должна е да има секс со мажот дури иако во тој момент таа не го сака тоа. Попатријархални ставови беа изразени од жените што зборуваат албански јазик, од кои речиси 57 проценти мислат дека нивните пријатели ќе се согласат дека добрата жена му се покорува на мажот дури и кога има различно мислење, а речиси истиот процент (54%) сметаат дека нивните пријатели ќе се согласат дека е важно мажот да покаже на жената/партнерката кој е главен. Речиси една од пет жени на возраст од 18 до 74 години веруваат дека нивните пријатели ќе се согласат дека жената е должна да има секс со мажот дури иако во тој момент таа не го сака тоа.

## Графикон 3.1. Перцепции за општествените норми и прифатливо однесување

Луѓето имаат различни мислења за семејството и за тоа што е прифатливо однесување за мажите и жените во домот. Ве молам, кажете ми дали вашите пријатели, генерално, би се согласиле или не би се согласиле со следниве изјави?



| | Целосно се согласувам / Делумно се согласувам | Воопшто не се согласувам / Делумно не се согласувам | Жени што говорат македонски | Жени што говорат албански |
|---|---|---|---|---|
| Ако мажот ја малтретира својата сопруга, останатите надвор од семејството треба да интервенираат | 67% | 29% | **75%** | **45%** |
| Жената треба да биде во можност да ги избира сопствените пријатели, дури иако нејзиниот сопруг не го одобрува тоа | 61% | 37% | **69%** | **36%** |
| Добрата жена му се покорува на мажот дури и кога има различно мислење од него | 37% | 61% | **31%** | **57%** |
| Важно е мажот да ѝ покаже на жената/партнерката кој е газда | 32% | 67% | **24%** | **54%** |
| Обврска на жената е да има секс со мажот дури иако во тој момент таа не го сака тоа | 19% | 79% | **16%** | **27%** |

**БАЗА:** 1.910 жени на возраст од 18-74 години во Северна Македонија

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

*Бројките во црвено укажуваат дека разликата е статистички значајна*

Слично на квалитативните истражувања, и квантитативните податоци укажуваат на поместување на ставовите кај помладите генерации. Настрана од тоа дали другите треба да се вмешаат кога еден маж ја малтретира сопругата, помладите жени веруваат дека нивните пријатели имаат помалку традиционални ставови од постарите. На пример, 28% од жените на возраст од 18-29 години и 29% од оние на возраст од 30-39 години рекоа дека нивните пријатели ќе се согласат дека добрата жена му се покорува на мажот; оваа стапка оди до 45% кај жените на возраст од 50-59 години и 48% кај оние над 60 години. Исто така, 12% од жените под 40 години рекоа дека нивните пријатели ќе се согласат дека жената е должна да има секс со мажот, но овој став е речиси три пати поголем кај жените над 60 (30%) годишна возраст.

Според резултатите од истражувањето, големото мнозинство жени не мислат дека сексуалните односи без согласност на жената можат да се оправдаат под било какви околности. На испитаниците им беа дадени низа сценарија и беа прашани дали сексуалниот однос без согласност може да биде оправдан во било кој од овие случаи - како што е сексуалниот однос во бракот или партнерството - ако жената или сторителот пиеле или ако жената носи провокативна облека. Повеќе од шест од десет воопшто не се согласија дека сексуалниот однос е оправдан во било кое од сценаријата. Сепак, ставот не беше едногласен. На пример, повеќе од една во пет жени (22%) сметаа дека сексот во брак без согласност или меѓу партнери кои живеат заедно би можел да биде оправдан, а една од шест жени го одобруваат доколку жената флертувала претходно или не кажала јасно не или не дала отпор.

Исто како со ставовите за улогата на жените, поголема беше веројатноста постарите жени да се согласат дека сексот без согласност може да се оправда. Во главно, жените без формално образование и оние кои се изјасниле како дел од етничко малцинство, исто така, имаа поголема тенденција да го имаат овој став во споредба со просечната стапка.

Иако жените кои доживеале сексуално насилство генерално дадоа поддршка, три од десет (30%) жени веруваа дека жените кои рекле дека се злоупотребувани често измислуваат или ги преувеличуваат тврдењата за злоупотреба или силување, а сличен процент сметаат дека насилството врз жените е често испровоцирано од жртвата (28%). Кај жените со високо образование, помала е тенденцијата да ги имаат овие ставови, исто како и жените кои живеат во урбаните средини. За споредба, 19% од жените во ЕУ (од 7% во Шведска до 43% во Малта) сметаат дека жените ги преувеличуваат тврдењата за злоупотреба или силување, а во просек 15% од жените во ЕУ сметаат дека насилството често го предизвикува жртвата, од 6% во Холандија до 58% во Латвија, според Специјалниот барометар449 на Европската комисија за родово-базирано насилство.[41]

41 „Специјален барометар 449: Родово базирано насилство".

### Графикон 3.2: Ставови за насилството врз жените

Ве молам кажете ми во колкава мера се согласувате или не се согласувате со следните изјави?




**База:** 1,910 жени на возраст од 18–74 години во Северна Македонија

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

*Бројките во црвено укажуваат дека разликата е статистички значајна*

Речиси половина од жените (48%) сметаат дека домашното насилство е приватна работа и треба да се решава во семејството, од кои 31% целосно се согласуваат. За споредба, во ЕУ, само 14% од жените би се согласиле дека домашното насилство е приватна работа.[42] Оваа стапка се движи од 2% во Шведска до 31% во Романија, што укажува на тоа дека таму каде што постои подолга традиција за подигнување на свеста за родовата рамноправност, постои поголема отвореност за дискутирање на домашното насилство надвор од семејството.

**Скоро половина од анкетираните жени сметаат дека домашното насилство е приватна работа и треба да остане во семејството**

42 Ibid.

Жените без формално образование имаа поголема тенденција да веруваат дека домашното насилство е приватна работа (66%), како и жените кои живеат во руралните средини (60%). Слично на ова, жените кои зборуваат албански јазик имаа значително поголема тенденција да го делат овој став, при што 67% се согласија со ова. Следствено на тоа, жените кои зборуваат албански имаа многу поголема тенденција да мислат дека нивните пријатели нема да се согласат со тоа дека другите треба да се вмешаат доколку мажот ја малтретира својата сопруга (53% од жените што зборуваат албански не се согласуваат наспроти просечната стапка од 29%).

Жените што учествуваа во квалитативните истражувања рекоа дека насилството врз жените во сите форми е прилично честа појава во земјата, особено насилството од интимен партнер (НИП). Видовите на насилство кои жените ги наведоа вклучуваат физичко, психолошко, емоционално, економско/финансиско и сексуално насилство.

Психолошкото насилство беше посочено како најчеста форма на насилство, а жените кои учествуваа во квалитативното истражување рекоа дека тоа се случува секојдневно во односите со интимен партнер, но за тоа најчесто не се зборува. Во однос на психолошкото насилство, беа разгледани низа видови на однесување, вклучително и вербалната агресија (како што се навредите), контролирање на однесувањето, понижување и закани кон самите жени или членовите на нивните семејства.

> **„[Сторители на насилство] најчесто се обидуваат да го скршат вашиот дух, да ја нарушат вашата ментална состојба”.**
>
> **Жена, на возраст од 35-50 години, етничка Албанка, урбана средина**

Некои видови на физичко и сексуално насилство, исто така, се сметаа за вообичаени, како шлаканица или принудување на партнерот на секс. Понасилните дела, како што се тепање или силување, се сметаа за помалку прифатливи.

> **„Сексуалниот однос со сопругот дури иако во тој момент не сакате донекаде претставува сексуално насилство, но обично се прави заради мир и спокој во домот”.**
>
> **Жена, на возраст од 55-74 години, етничка Македонка, урбана средина**

Ова се одразува и на наодите од истражувањето: три од пет жени сметаат дека насилството врз жените (од страна на партнери или не-партнери) е вообичаено во земјата (60%, со 42% кај жените што зборуваат албански). Според истражувањето на ЕАОП во 2012 година, оваа стапка е пониска од просекот на ЕУ од 78%[43] (Графикон 3.3). Околу една од шест жени лично знаат некоја жена во кругот на семејството или пријателите (17%) или нивното соседство (16%), која била жртва на насилство.

43 “Survey on Violence against Women in EU (2012)”, European Union Agency for Fundamental Rights, 17 јануари 2019 г., пристапено на 22 март 2019г., http://fra.europa.eu/en/publications-and-resources/data-and-maps/survey-data-explorer-violence-against-women-survey.

### Графикон 3.3: Перцепции за сеприсутноста на насилството врз жените

Колку често мислите дека се случува насилство врз жени од страна на партнери, познајници или непознати лица во Северна Македонија?




**БАЗА:**
1,910 жени на возраст од 18–74 години во Северна Македонија. ; 42,000 жени на возраст од 18-74 години низ ЕУ

**ИЗВОР:**
Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени.(2018)/ Анкета на Европската Агенција за основни права за насилство врз жените. (2012)

Во квалитативното истражување, жените кои доживеале насилство изјавија дека речиси во секој однос со интимен партнер доживеале некаква форма на насилство и дека жените го кријат тоа, бидејќи не сакаат да го растурат семејството. Тие зборуваа за нивната должност да го трпат насилството, вклучително и контролирачкото однесување, физичкото насилство и сексуалното насилство, за доброто на нивните деца, и не мислат дека нивната ситуација е невообичаена. Всушност, тие рекоа дека тоа е прилично вообичаена појава.

> **„Пријателките трпат и не се подготвени да го пријават насилството и да побараат помош. Тие секогаш велат: „Ќе биде добро”. Заради децата, секогаш трпиме за доброто на децата. Така сме го замислиле животот.”**
>
> **Жртва на насилство, етничка Македонка**

Ромките кои учествуваа во квалитативното истражување веруваат дека насилството од интимен партнер е особено честа појава во нивната заедница. Тие рекоа дека повеќето форми на насилство, вклучително и физичкото насилство, се дел од секојдневниот живот на ромската жена. Една жртва на насилство рече дека ова е нормален дел од животот со генерации и дека повеќето жени едноставно криеле што им се случувало, бидејќи не можеле да замислат дека работите може да бидат поинакви.

> **„Жените се малтретирани. Тие едноставно го кријат тоа, не кажуваат [никому]. Мајки, баби и ќерки ... што да ви кажам, дури и девојките се малтретирани. Тие едноставно го кријат тоа.”**
>
> **Жртва на насилство, Ромка**

Додека повеќето жени веруваа дека насилството врз жените отсекогаш бил проблем во земјата, некои жени рекоа дека состојбата е влошена. Главно постарите жени сметаа дека насилството врз жените станал поголем проблем после распадот на Југославија. Според нив ова се должи на две причини. Првата причина е фактот дека мажите биле попогодени од приватизацијата отколку жените, заради која, според нивни зборови, илјадници луѓе останале без работа или станале технолошки вишок и ова негативно влијаело врз машката самодоверба и нивната позиција во семејството и општеството. Ова, како што рекоа тие, придонело да се зголеми тенденцијата на насилно однесување кај мажите и другите како начин да го задржат чувството на моќ. Втората причина според нив била институционалната слабост после распадот на Југославија, со што институционалниот одговор кон насилството не бил толку ефективен како порано. Односно мажите стравуваат помалку од последиците од извршеното насилство.

> **„Во средината на ‘90-тите години беше времето кога приватизацијата најмногу влијаеше врз мажите и жените. Доколку и двајцата брачни другари останеа без работа, жената можела полесно да најде работа, додека мажот бил попребирлив и одбивал да врши работ која не ја сакал. Така, мажите останувале дома без работа. Имаше голема криза на емоционално ниво што доведе до многу проблеми ...”**
>
> **Жена, на возраст од 55-74 години, етничка Македонка, урбана средина**



**7%**

Една од четиринаесет жени на возраст од 18 до 74 години рекоа дека доживеала физичко и/или сексуално насилство од страна на не-партнер од 15 годишна возраст.

**10%**

Една од десет жени на возраст од 18 до 74 години кои некогаш имале партнер рекоа дека доживеале физичко и/или сексуално насилство од страна на интимен партнер од 15 годишна возраст.

**44%**

Психолошкото насилство извршено од партнер влијаело на повеќе од две од пет жени кои некогаш имале партнер во својот живот.

**30%**

Три од десет жени на возраст од 18 до 74 години рекоа дека биле сексуално вознемирувани од 15 годишна возраст.

Фотографска банка. Позирано од модел.

# 4. Насилство врз жените во Северна Македонија

### 4.1: Физичко и сексуално насилство од интимен партнер

Скоро половина (45%) од жените во земјата кои некогаш имале партнер рекоа дека претрпеле психолошко, физичко или сексуално насилство од страна на интимен партнер од 15 годишна возраст. Во најголем дел, ова насилство било психолошко (посочено е од 44% од сите жени, односно 44% од жените што зборуваат македонски јазик и 43% од жените што зборуваат албански јазик), но околу една од десет (9% вкупно, од кои 10% од жените кои зборуваат македонски јазик и 5% од жените што зборуваат албански јазик) жени кои некогаш имале партнер рекоа дека доживеале физичко насилство[44] од сегашен или поранешен партнер, додека 3% (исто за жените кои зборуваат македонски или албански јазик) рекоа дека доживеале сексуално насилство.[45] Поголема е веројатноста жените да зборуваат за насилство во поранешна врска отколку во сегашната врска.

Значително е поголема веројатноста, жените кои тешко (15%) или многу тешко (21%) се снаоѓаат со својот сегашен приход, да кажат дека доживеале физичко и/или сексуално насилство од интимниот партнер од 15-годишна возраст (10%), како и оние кои се моментално невработени (14%). Жените кои живеат во руралните средини (7%) и оние чија главна работна активност е исполнување на домашните обврски (5%) имаат помала тенденција да кажат дека доживеале насилство, од просекот.

44 На испитаничките им беа поставени следните прашања во врска со **физичкото насилство**: Дали некој сегашен партнер / поранешен партнер некогаш 1) ве туркал? 2) ви удрил шлаканица? 3) фрлил тврд предмет на вас? 4) ве грабал или ве влечел за коса? 5) ве тепал со тупаница или со тврд предмет, или ве удирал со нога? 6) ве горел? 7) сде обидувал да ве задуши или да ве задави? 8) Ве сечел или бодел, или пукал во вас? 9) Ви ја удирал главата во нешто? Во овој извештај, распространетост на физичкото насилство се базира на исказите на испитанички кои кажале дека доживеале најмалку една од овие форми на насилство барем во една прилика. Распространетост на физичкото насилство е се однесува на сегашниот партнер, претходните партнери, за секој интимен партнер (сегашен или поранешен) и за не-партнери. Референтниот период за не-партнерско насилство е од 15-годишна возраст до периодот од 12-те месеци пред истражувањето, а за партнерското насилство референтниот период се однесува на времето во текот на нивниот однос или во 12 месеци пред истражувањето.

45 Во врска со **сексуалното насилство**, жените беа запрашани: Од вашата 15-годишна возраст и во последните 12 месеци, колку често некој 1) ве принудувал на сексуален однос така што ве држел притисната или ве повредил на некој начин? 2). Освен тоа, колку често некој се обидел да ве принуди на сексуален однос така што ве држел притисната или ве повредил на некој начин? 3) Освен тоа, колку често некој ве принудувал да учествувате во некаква форма на сексуална активност кога вие не сте го сакале тоа или не сте биле во можност да одбиете? 4) Или дали сте се согласиле на сексуална активност поради страв од она што би можело да ви се случи ако одбиете? Распространетост на сексуалното насилство се заснова на испитаници кои кажале дека доживеале најмалку една од овие форми на насилство барем во една прилика. Распространетост на сексуалното насилство се однесува на сегашниот партнер, на поранешни партнери, на интимен партнер (сегашен или поранешен) и на не-партнери. Референтните периоди се истите како и погоре.

## Графикон 4.1: Распространетоста на физичкото и/или сексуалното насилство од интимен партнер




**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18–74 години со сегашен партнер (1,520), поранешен партнер,(614), или друг партнер (1,778) .

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

## Табела 4.1: Распространетоста на физичкото и/или сексуалното насилство по јазик

| | Жени што зборуваат македонски % се случило | | Жени што зборуваат албански % се случило | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | | | | |
| Сегашен партнер | 7 | (1,120) | 3 | (400) |
| Поранешен партнер | 10 | (581) | 28 | (33*) |
| Друг партнер | 10 | (1,359) | 5 | (419) |
| **Сексуално насилство** | | | | |
| Сегашен партнер | 2 | (1,120) | 1 | (400) |
| Поранешен партнер | 4 | (581) | 19 | (33*) |
| Друг партнер | 3 | (1,359) | 3 | (419) |
| **Физичко и/или сексуално насилство** | | | | |
| Сегашен партнер | 8 | (1,120) | 4 | (400) |
| Поранешен партнер | 11 | (581) | 36 | (33*) |
| Друг партнер | 11 | (1,359) | 5 | (419) |

**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18-74 години. Со сегашен партнер, поранешен партнер или било кој партнер, н во курзив
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)
* Внимание:мала големина на база
Бројките во црвено укажуваат дека разликата е статистички значајна

**Разлики во распространетост по земји**
Важно е да се напомене дека земјите со подолги традиции на политики за родова еднаквост и кампањи за подигнување на јавната свест (нордиските земји и Западна Европа), имаат повисока стапка на жени кои зборуваат за претрпеното насилство.

На пример, според истражувањето на ЕАОП во ЕУ, трите земји каде веројатноста е најголема жените да кажат дека претрпеле партнерско или непартнерско физичко и/или сексуално насилство од 15-годишна возраст се Данска ( 52%), Финска (47%) и Шведска (36%). Распространетоста е најниска во Хрватска (21%), Австрија (20%) и Полска (19%).

Наведената распространетост на насилството од интимен партнер е пониска од онаа во ЕУ, каде што во просек 20% од жените рекоа дека претрпеле физичко насилство (од 11% во Австрија, Хрватска и Шпанија до 31% во Латвија) и 7% рекоа дека претрпеле сексуално насилство (од 3% во Хрватска и Португалија до 11% во Данска, Финска и Холандија).

Жените кои учествуваа во квалитативните истражувања изразија верување дека НИП е прилично честа појава во земјата, но мала е веројатноста жените кои го доживеале да зборуваат за тоа или да го пријават. Додека жените кои учествуваа во квалитативните истражувања рекоа дека сметаат дека физичкото и сексуалното насилство се смета за помалку вообичаено и помалку прифатливо од психолошкото насилство во општеството, рекоа и дека жртвите ги сметаат за несакани, но прилично безначајни некои дела како што се шлаканицата или принудата на жените на секс. Делата како што се тепање и силување се сметаа за најмалку прифатливи форми на НИП, но жените кои учествуваа во истражувањето веруваат дека дури и овие видови насилство не се невообичаени и веројатно жените кои ги доживуваат нема да ги пријават.

Ромките го опишаа физичкото насилство како прилично честа појава во нивните заедници. Тие рекоа дека сопругот може да ја удри сопругата дури и за небитни работи како на пример преварено јадење или недоволно солена манџа. Тие веруваат дека веројатноста тие да доживеат такво насилство е поголема од другите жени во земјата и рекоа дека не веруваат дека луѓето во или надвор од нивната заедница се загрижени за овие искуства.

> **„За нас, тоа е како „добро утро”, „добар ден”, ќе те опсуе, ќе те удри, ќе станеш, ќе го послужиш, и тоа е тоа. И никој не прашува како се чувствуваш.”**
>
> **Жена, на возраст од 20-40 години, Ромка, урбана средина**

Шлаканиците или туркањето се најчестите форми на насилство сторено од сегашните и поранешните партнери (Табела 4.2). Ова е споредливо со резултатите на ЕУ, каде во просек, овие видови на физичко насилство биле најзастапени.

# Десет проценти од жените кои имаат или имале било кога интимен партнер, рекоа дека доживеале физичко и/или сексуално насилство од партнер

**Табела 4.2: Форми на физичко насилство од интимен партнер**

Колку често вашиот сегашен / поранешен партнер ви го направил ова?

| | Сегашен партнер % се случило | Поранешен партнер % се случило |
|---|---|---|
| Ви удирал шлаканица? | 5 | 7 |
| Ве туркал? | 3 | 7 |
| Фрлил тврд предмет на вас? | 1 | 3 |
| Ве грабал или ве влечел за коса? | 1 | 4 |
| Ве тепал со тупаница или со тврд предмет, или ве удирал со нога? | 1 | 4 |
| Ве горел? | 0 | 0 |
| Се обидувал да ве задуши или да ве задави? | 0 | 2 |
| Ве сечел или бодел, или пукал во вас? | 0 | 1 |
| Ви ја удирал главата во нешто? | 0 | 2 |

**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години со сегашен партнер (1.520) или поранешен партнер (614)
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Меѓу жените кои моментално имаат партнер, 2% рекоа дека доживеале сексуално насилство, додека распространетоста на сексуалното насилство од поранешен партнер изнесува 4%. Сексуалното насилство кое го доживеале 3% од жените кои некогаш имале партнер се појавува во неколку форми (Табела 4.3).

**Табела 4.3: Форми на сексуално насилство од интимен партнер**

Колку често вашиот сегашен / поранешен партнер ви го направил ова?

| | Сегашен партнер % се случило | Поранешен партнер % се случило |
|---|---|---|
| Освен ова, се обидел да ве принуди на сексуален однос така што ве држел притисната или ве повредил на некој начин? | 1 | 4 |
| Ве принудувал на сексуален однос така што ве држел притисната или ве повредил на некој начин? | 1 | 3 |
| Ве принудил да учествувате во некаква форма на сексуална активност кога вие не сте го сакале тоа или не сте биле во можност да одбиете? | 1 | 2 |
| Дали се согласивте на сексуална активност затоа што бевте исплашени што би можел да ви стори било кој од вашите претходни партнери ако одбиете? | 1 | 3 |

**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години со сегашен партнер (1.520) или поранешен партнер (614)
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Во квалитативните дискусии, жените рекоа дека сексуалното насилство во односите е често и широко прифатено во општеството како нормално однесување. Жените изјавија дека секс со партнерот под принуда или притисок е непожелно, но дека општо гледано се смета за прифатлива појава во општеството. Тие рекоа дека никогаш нема ни да помислат да го пријават случај кога биле принудени да имаат секс со својот партнер, бидејќи сметаат дека идејата на силување во бракот е апсурдна. Таквите ставови влијаат врз ниската распространетост во истражувањето во споредба со просечната стапка во ЕУ,[46] за сите видови насилство.

> **„Ќе ви се смеат во очи ако кажете дека ве силувал сопругот. ... Еве, по автоматизам мора да одите во кревет со сопругот; без разлика дали ви се допаѓа тоа или не, мора".**
>
> **Жена, на возраст од 35-54 години, етничка Македонка, урбана средина**

Жените кои претрпеле сексуално НИП наведоа ситуации во кои насилството траело во континуитет низа години и се користело како форма на контрола од страна на партнерот. Една жена рече често била под притисок и понекогаш била принудувана на секс од партнерот и не ѝ било дозволено да користи никаква контрацепција. Како резултат на тоа, таа забременила 17 пати за време на нејзиниот брак, што резултирало со две деца и 15 абортуси.

46 „Истражување за насилството врз жените во ЕУ (2012)".

> **„Секоја година забременував. Не ми дозволуваше да земам апчиња за контрацепција, не ми дозволуваше... да се штитам од бременост. Имав 15 абортуси и родив две деца, вкупно 17, по две секоја година."**
>
> **Жртва на насилство, етничка Македонка**

### Шаблони на насилство од интимен партнер[47]

Податоците сугерираат дека насилството во сегашниот однос има тенденција постојано да се повторува, односно жените кои доживеале насилство од интимен партнер имаат поголема тенденција да кажат дека насилството се случило повеќе од еднаш отколку дека тоа бил изолиран инцидент и дека се случувал во текот на долг временски период.

Од оние жени кои изјавиле дека првиот инцидент на физичко и/или сексуално насилство од тековниот партнер го доживеале пет или повеќе години пред истражувањето, 21% го доживеале последниот инцидент во 12те месеци пред истражувањето, а 12% рекоа дека последниот инцидент се случил пред една до четири години.

Речиси девет од десет жени живееле со сегашниот партнер во времето на нивниот прв инцидент на насилство од страна на сегашниот партнер (87%, во споредба со 82% во ЕУ), додека 47% од поранешните партнери живееле со испитаничката за време на првиот инцидент на насилство (или закана за насилство), во споредба со 65% во ЕУ.

Меѓу испитаничките кои биле бремени за време на врската со партнерот и кои доживеале насилство (или закани за насилство) за време на врската, 16% од жртвите од насилство од сегашниот партнер рекоа дека физичкото или сексуалното насилство се случило за време на бременоста, во споредба со 20% во земјите на ЕУ. Еквивалентот за насилство од поранешен партер е 46% (во споредба со 42% во ЕУ), но со оглед на многу ниската база (23 испитанички), овие податоци треба да се земат со претпазливост.

Во анкетата од жените кои доживеале физичко или сексуално насилство од страна на интимен партнер беше побарано да дадат дополнителни детали за еден инцидент што го сметаат за најсериозен во текот на животот. Оние што доживеале насилство од сегашниот партнер, како најсериозни инциденти ги наведоа ударите или туркањето (спомнато од 42%, односно 20%). Ударите (30%) и туркањето (23%), се исто така меѓу најчестите видови насилство кои се јавуваат како најсериозен инцидент на насилство од поранешниот партнер, но почесто се споменуваат заканите за физичко насилство, од страна на 31% од испитаничките (во споредба со 17% за насилство од сегашниот партнер). Грабање или влечење за коса е двојно поверојатно да биде најсериозниот инцидент на насилство од поранешниот партнер во споредба со најсериозниот инцидент на насилство од сегашниот партнер (17% наспроти 9%).

47 Додека стапката на пријавување / распространетост на физичкото и сексуалното насилство, разгледано погоре, не ги вклучува заканите за такво насилство, другите прашања поврзани со тоа кога се случило таквото насилство, и деталите за најтешкиот инцидент вклучуваат закани за насилство.

**Табела 4.4: Најсериозните инциденти на насилство од интимен партнер**
Би сакал да размислите за најсериозниот инцидент од вашиот сегашен / поранешен партнер. Што од ова што е наведено на картичката ви се има случено во тоа време? Под „најсериозен" мислиме на инцидент кој имал најголемо влијание врз вас.

| | Сегашен партнер % | Поранешен партнер % |
|---|---|---|
| Ви удрил шлаканица | 42 | 30 |
| Ве туркал | 20 | 23 |
| Ви се заканувал дека физички ќе ве повреди | 17 | 31 |
| Ве грабал или ве влечел за коса | 9 | 17 |
| Фрлил тврд предмет на вас | 9 | 8 |
| Ве тепал со тупаница или со тврд предмет, или ве удирал со нога | 8 | 9 |
| Ве принудил на сексуален однос така што ве држел притисната или ве повредил на некој начин. | 5 | 7 |
| Дали сте се согласиле на сексуална активност поради страв од она што би можело да ви се случи ако одбиете? | 5 | 5 |
| Се обидел да ве задуши или да ве задави | 4 | 6 |
| Се обидел да ве принуди на сексуален однос така што ве држел притисната или ве повредил на некој начин. | 3 | 6 |
| Ве принудил да учествувате во некаква форма на сексуална активност кога вие не сте го сакале тоа или не сте биле во можност да одбиете. | 3 | 4 |
| Ви ја удирал главата во нешто | 1 | 3 |
| Ви се заканувал со насилни сексуални акти (како што е силување, принудна бременост итн.) на начин што навистина ве плашел? | 0 | 4 |
| Ве горел | 0 | 1 |
| Ве сечел или бодел со нож, или пукал во вас | 0 | 1 |

**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години кои некогаш искусиле насилство од сегашен партнер (116) или од поранешен партнер (76)
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

**Физичко и сексуално насилство во 12 месеци пред истражувањето**
Три проценти од жените изјавиле дека доживеале физичко и/или сексуално насилство во последните 12 месеци пред истражувањето (нема разлика помеѓу жените што зборуваат македонски и жените што зборуваат албански). Најраспространетата форма на насилство од сегашен партнер во последните 12 месеци пред истражувањето се ударите или туркањето, 1% од жените рекоа дека доживеале такво насилство од сегашниот партнер.

Додека малку помалку од половина (47%) од најсериозните инциденти од сегашен партнер се случиле повеќе од една година пред истражувањето, повеќе од една третина (38%) од најсериозниот инцидент се случил во 12 месеци пред истражувањето.

## 4.2: Психолошко насилство од интимен партнер

Жените кои учествуваа во квалитативните истражувања рекоа дека психолошкото насилство е најчестата форма на НИП во земјата и дека општеството генерално го игнорира тој вид на насилство. Жените изразиле уверување дека општеството го смета психолошкото насилство како нешто што не е сериозно или штетно. Сепак, тие рекоа дека психолошкото насилство извршено од страна на партнерот е една од најштетните форми на насилство и дека може да влијае на сите делови од животот на жената. Психолошкото насилство, како што рекоа тие може да ја заплаши жената, да и го наруши спиењето, да влијае врз нејзината самодоверба и да ја спречи да ужива во останатите делови од животот.

Психолошкото насилство кое жените го опишаа вклучувало контролирачко однесување (на пример, да ѝ се кажува на жената како да се облекува и да ѝ се проверува телефонот), вербално малтретирање, понижување и закани. На вербалното малтретирање се гледа како на многу честа појава и на дел од секојдневниот живот кај повеќето жени. На контролирачкото однесување се глед како на нешто полошо, но сепак прилично честа појава, и нешто кое од жените се очекувало да го истрпат.

> **„Мојa колешка има многу љубоморен сопруг. Тој и прави многу чудни работи... таа постојано е под притисок, ја испрашува за сè што прави, го проверува нејзиниот телефон, дури и ја проверува нејзината работна картичка за да види кога влегува и излегува од работа, и го пресметува времето што ѝ е потребно да се врати дома ... а таа и понатаму го трпи тоа ...”**
>
> **Жена, на возраст од 55-74 години, етничка Македонка, урбана средина**

Жените кои учествуваа во квалитативното истражување, исто така, зборуваа за нивната загриженост во врска со начинот на кој мажите ја користат технологијата за да вршат психолошко насилство. Сега, жената не е само што е принудена на сексуален однос од партнерот, туку може и да биде снимена додека има секс и снимката да се искористи против неа.

> **„Со денешната технологија, снимките, видеата од сексуален однос, што и да е, [може да се користат како] уцена. Тоа е вознемирувачки.”**
>
> **Жена, на возраст од 35-54 години, етничка Македонка, урбана средина**

Жените го опишуваа психолошкото насилство како форма на секојдневна тортура што се користи во односите. Тие рекоа дека психолошкото насилство е секогаш присутно покрај сите други видови насилство што го доживуваат жените и дека најдолгорочно влијае врз менталното здравје на жената.

> **„Психолошкото насилство е тортура. Ако има тортура, и тој користи физичко насилство, нормално е таа да е психолошки оштетена”.**
>
> **Жена, на возраст од 18-34 години, етничка Албанка, рурална средина**

Со оглед на влијанието на психолошкото насилство, загрижува фактот дека наодите од истражувањето покажуваат дека психолошкото насилство е најчестата форма на насилство од интимен партнер, при што повеќе од две од пет жени кои некогаш имале партнер (44%) рекоа дека доживеале такво насилство (44% од жените што зборуваат македонски јазик во споредба со 43% од жените што зборуваат албански јазик), што е слично со просекот на ЕУ од 43%. Најголем процент од жените кои се во врска во Северна Македонија рекоа дека доживеале психолошко насилство од интимен партнер во 12 месеци пред истражувањето.[48]

## Повеќе од две од пет жени кои некогаш имале партнер рекоа дека претрпеле психолошко насилство од нивниот сегашен или поранешен партнер

Различните форми на психолошко насилство што беа опфатени со прашањата беа категоризирани во следните четири широки типови.[49]

**Економското насилство,** вклучува ситуации каде жената е спречена да располага со семејните финансии и самостојно да купува и партнерот и забранува да работи надвор од домот.

**Контролирачко однесување,** вклучува ситуации каде партнерот се обидува да ја спречи жената да се види со своите пријатели, *ја ограничува во користењето на сајтови на социјални медиуми (како што се Фејсбук, Твитер итн.),* се обидува да го ограничи контактот со нејзиното семејство или роднини, инсистира да знае каде се наоѓа на начин што ја надминува вообичаената грижа, се лути ако зборува со друг маж, се сомнева дека е неверна, ѝ *забранува употреба на контрацептивни средства или на друг начин ги ограничува одлуките за планирање на семејството, ја спречува да го заврши образованието или да се запише на нов образовен курс, сака тој да одлучува за нејзината облека или очекува таа да му побара дозвола за да може да оди на лекар.*

**Навредливо однесување,** вклучува ситуации каде партнерот на жената и забранува да ја напушти куќата воопшто *или забранува да ја напушти куќата без да биде придружувана од роднина,* ги зема клучевите од автомобилот или ја заклучува, ја омаловажува или понижува пред другите или на само, намерно ја плаши или заплашува (на пример, со викање или кршење предмети), ја принудува да гледа порнографски материјал против нејзина волја, се заканува дека ќе ја повреди физички или дека ќе убие некој кој таа го сака (освен нејзините деца), се заканува дека ќе ја повреди физички, со насилни сексуални акти (како силување, присилна бременост итн.) и *ја повредува или се заканува дека ќе ја повреди при посета, земање и враќање на нејзините деца (само поранешниот партнер).*

**Ги користи децата на жената за да ја уценува или ги злоупотребува нејзините деца,** што вклучува закана дека ќе ги одземе, ќе ги повреди или ќе им наштети на децата или дека ќе ѝ го одземе старателството врз децата (само поранешниот партнер).

48 Види Прилог 3, SDG 5.2.1 за детали за тоа како се пресметува распространетост на психолошкото насилство во 12 месеци пред истражувањето.
49 Прашањата за формите на психолошко насилство во курзив не беа поставени во истражувањето на ЕАОП.

Жените кои се во врска беа прашани дали некоја од овие работи се случува понекогаш, често или цело време или никогаш, додека жените што биле во поранешни врски беа запрашани дали некој од нивните поранешни партнери некогаш им направил нешто од овие работи.[50]

Севкупно, 36% од жените кои некогаш имале партнер доживеале контрола на однесувањето, при што оваа форма на насилство е повеќе распространета во сегашните врски отколку во поранешните. Околу една четвртина од жените кои некогаш имале партнер, доживеале навредливи однесувања (24%), а 10% доживеале економско насилство. Помеѓу оние жени кои некогаш имале партнер и кои имаат деца, 4% рекоа дека биле уценувани со своите деца или нивните деца биле злоупотребени од партнерот.

**Графикон 4.2: Распространетоста на различните форми на психолошко насилство од интимен партнер**




**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18–74 години со сегашен партнер (1,520), поранешен партнер (1,296), или друг партнер (1,778)

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

Не постојат разлики во распространетост на овие четири типа психолошко насилство помеѓу жените што зборуваат албански и жените што зборуваат македонски јазик.

Во однос на специфични видови на психолошко насилство, најчестите форми кои беа наведени дека биле извршени од страна на сегашните партнери се: партнерот се лути ако жената зборува со друг маж (19%), инсистира да знае каде е (16%), ја омаловажува (14%), сака да одлучува каква облека да носи жената (10%) и се обидува да ја спречи да се гледа со своите пријатели (10%).

Овие видови на психолошко насилство се исто така најчестите форми за кои жените рекоа дека биле извршени од страна на поранешните партнери. Тука дополнително навеле: станувал сомничав дека не му е верна (19%), правел работи за да ја заплаши (12%) и ја омаловажувал пред други (10%).

Овие резултати се во согласност со наодите во ЕУ, каде што трите најзастапени форми на психолошко насилство се: омаловажување кога се сами, да знае каде е жената на начин кој ја надминува вообичаената загриженост и се лути ако зборува со друг маж или жена.

50 Во врска со заканите од физичко или сексуално насилство, жените беа прашани колку пати нивниот сегашен и/или поранешен партнер го сторил тоа и колку често во 12 месеци пред истражувањето.

### 4.3: Скришно следење/демнење

Распространетоста на скришното следење/демнење се дефинира како процент на жени кои рекоа дека доживеале барем еден од осумте видови на скришно следење/демнење.[51] Генерално, 7% од жените рекоа дека доживеале скришно следење/демнење од 15 годишна возраст (8% од жените што говорат македонски јазик и 4% од жените што зборуваат албански јазик), а 2% рекоа дека биле скришно следени во 12 месеци пред истражувањето (исто за двете групи). Ова востапка е пониска од просекот на ЕУ од 18%. Таму резултатите се движат од 8% во Романија до 33% во Шведска.

Во Северна Македонија, помладите жени (11%), ученичките/студентките (17%), жените кои се вработени (10%), со високо образование (10%), кои живеат во урбани средини (9%) и кои имале поранешен партнер (12%) се со поголема веројатност од просечната стапка да кажат дека биле скришно следени/демнети.

Тој што го врши скришното следење/демнење е често непознато лице (53%), но жртвите на скришното следење/демнење како сторители често ги посочуваа и поранешните партнери или момчиња (30%).

Во повеќе од една четвртина од најсериозните инциденти (28%), скришното следење/демнење траело неколку дена, но речиси половина од случаите траеле најмалку неколку месеци (48%). Во 13% од случаите, скришното следење/демнење траело над 10 години.

Најчесто претрпената форма на скришно следење/демнење била, лицето се јавувало на телефон при што навредувало, се заканувало или молчело, за кое 4% од сите жени рекоа дека го доживеале уште од 15-годишна возраст. Зад ова следи, намерно следење насекаде, задржување или чекање пред домот, училиштето или работното место; и праќање на електронски пораки, SMS-пораки или инстант-пораки. Секоја од овие форми ја посочија 2% од испитаничките. Овие видови на скришно следење/демнење исто така беа најчесто посочени како најсериозни инциденти. Шест проценти од оние кои биле скришно следени/демнети рекоа дека тоа и понатаму им се случува.

Сторителите на најсериозните инциденти повторно најчесто се лица кои жените не ги познаваат (35%) или поранешниот партнер или момче (29%). За најсериозниот инцидент, најчесто извршителите дејствувале сами (69%), но една од пет жртви не знаеја колку луѓе биле вмешани.

Во повеќе од седум од десет случаи, најсериозното искуство со скришно следење/демнење, направило жената да се чувствува вознемирено (71%). Чувство на непријатност (51%), гнев (43%) и страв (39%) биле исто така вообичаените емотивни реакции. Долгорочните психолошки последици вклучуваат тешкотии при спиење (25% од жените во најсериозниот случај), чувство на ранливост (14%) и депресија (13%).

Во врска со најсериозниот инцидент на скришно следење/демнење, 70% од жените за тоа зборувале со пријатели или роднини; во ЕУ, 77% од жените го направиле истото. Во повеќе случаи, жените изјавија дека презеле нешто: 48% му се спротивставиле на сторителот (43% во ЕУ), 21% ги затвориле корисничките сметки на социјалните мрежи (7% во ЕУ), а 20% го смениле телефонскиот број/адресата на е-поштата (23% во ЕУ). Во Северна Македонија помалку жени се преселиле (6%) отколку во ЕУ (14%). Во 30% од случаите, жената му се заканила на сторителот со судска тужба, слично на процентот кој го сториле истото во ЕУ (32%). Речиси една од пет (18%) отишле во полиција сами, повторно слично на стапката во ЕУ.

51 Во врска со скришното следење/демнење, следниве прашања им беа поставени на жените во анкетата: Од вашата 15-годишна возраст/во последните 12 месеци, дали истото лице повеќепати ви направило едно или повеќе од следниве работи: 1) Ви праќало електронски пораки, SMS-пораки или инстант-пораки кои биле навредливи и заканувачки? 2) Ви праќало писма или картички кои биле навредливи и заканувачки? 3) Ви се јавувало на телефон при што ве навредувало, се заканувало или молчело? 4) Објавувало навредливи коментари за вас на интернет? 5) Споделувало ваши интимни фотографии или видеа преку интернет или преку мобилен телефон? 6) Се задржувало или ве чекало пред вашиот дом, работното место или пред училиште без оправдана причина? 7) Намерно ве следело насекаде? 8) Намерно се плеткало околу вашиот имот или го оштетувало? Распространетоста на скришното следење/демнење е базирана на испитаници кои пријавиле дека доживеале една или повеќе форми на скришно следење/демнење наведени погоре.

# Три од десет жени претрпеле сексуално насилство од 15 годишна возраст

## 4.4: Сексуално вознемирување

Три од десет жени (30%) доживеале една или повеќе форми на сексуално вознемирување[52] (како што е наведено на графикон 4.3) во одреден момент во животот од 15 годишна возраст до денес, додека една од десет (10%) рекоа дека биле сексуално вознемирувани во 12 месеци пред истражувањето.

Индивидуалната распространетост на сексуалното вознемирување е значително пониска од просекот на ЕУ од 55%, и се движи од 24% во Бугарија, 41% во Хрватска и до 81% во Шведска. Општо земено, земјите со подолги традиции на политики за родова еднаквост и кампањи за подигање на свеста (нордиските земји и Западна Европа) имаат повисоки стапки на жени кои рекле дека доживеале сексуално вознемирување.

Гледајќи конкретно на најтешките форми на сексуално вознемирување[53], 17% од жените имале такви искуства од 15-годишна возраст, а 5% имале такви искуства во 12 месеци пред истражувањето (4% и 1%, меѓу жените кои зборуваат на албански јазик). Повторно, ова е многу пониска стапка отколку во ЕУ, каде што во просек 45% од жените рекле дека доживеале најмалку една од шесте најсериозни форми на сексуално вознемирување од 15 годишна возраст.

### Графикон 4.3: Распространетоста на сексуалното вознемирување




**БАЗА:** 1,910 жени во Северна Македонија на возраст од 18–74 години; 42,000 жени на возраст од 18-74 низ ЕУ.

**ИЗВОР:** Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени.(2018)/ Анкета на Европската Агенција за основни права за насилство врз жените. (2012)

52 Во однос на сексуалното вознемирување, жените во истражувањето беа прашани: Колку често од времето кога сте имале 15 години до сега / во изминатите 12 месеци сте доживеале некое од следниве работи: 1) несакано допирање, прегрнување или бакнување? 2) Сексуално сугестивни коментари или шеги поради кои сте се почувствувале навредена? 3) Недолични покани да излезете на состанок? 4) наметливи прашања во врска со вашиот приватен живот што ве навредувале? 5) наметливи коментари за вашиот физички изглед, поради што сте се почувствувале навредена? 6) Недолично зјапање или похотливо гледање поради што сте се почувствувале исплашено? 7) Праќање или покажување сексуално експлицитни слики, фотографии или подароци од некое лице поради кои сте се почувствувале навредена? 8) некој непристојно се разголувал пред вас? 9) Некој ве терал да гледате или да погледнете порнографски материјал против ваша волја? 10) Несакани сексуално експлицитни е-пораки или SMS-пораки што ве навредиле? 11) Недолично додворување што ве навредило на социјалните мрежи како што е Фејсбук, или пак преку интернет алатките таканаречени „соби за разговор"? Во однос на секоја форма на сексуално вознемирување, жените можеа да кажат колку често го доживеале истото: никогаш, еднаш, два до пет пати или шест или повеќе пати. Распространетоста на сексуалното вознемирување се заснова на испитанички кои изјавиле дека доживеале најмалку едно од наведените вознемирувања. Беа посочени шест форми на сексуално вознемирување заради нивната тежина, а во овој извештај се наведени како „најтешки форми" на сексуално вознемирување.

53 Најсериозните форми на сексуално вознемирување кои беа наведени се „несакано допирање, прегрнување или бакнување", „сексуално сугестивни коментари или шеги поради кои сте се почувствувале навредена", „некој непристојно се разголувал пред вас", „некој ве терал да гледате или да погледнете порнографски материјал против ваша волја" и „праќал несакани сексуално експлицитни е-пораки или SMS-пораки што ве навредиле". Распространетоста на најтешлките форми на сексуалното вознемирување се заснова на испитанички кои кажале дека доживеале најмалку една од овие шест форми на сексуално вознемирување во барем една прилика.

Жените што зборуваат македонски јазик далеку поверојатно е да доживеале сексуално вознемирување отколку жените што зборуваат албански јазик, од 15-годишна возраст, и во 12-те месеци пред истражувањето, како што може да се види на графиконот 4.4.

**Графикон 4.4: Распространетоста на сексуалното вознемирување според јазикот**




**БАЗА:** 1,414 жени што говорат македонски и 496 жени што говорат албански во Северна Македонија.

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

*Бројките во црвено означуваат дека разликата е статистички значајна*

Индивидуалната распространетост на сексуалното вознемирување од 15 годишна возраст е највисока кај жените на возраст од 18 до 39 години (40%), оние со високо образование (44%), ученички/студентки (47%) или кои се на платена работа (40%) и оние со поранешен партнер (49%). Истите групи, имаат и најголема веројатност да кажат дека доживеале сексуално вознемирување во 12 месеци пред истражувањето, при што наведената распространетост е особено висока кај ученичките/студентките (32%) и кај жените без деца (22%).

Најзастапените форми на сексуално вознемирување што ја доживеале жените од 15-годишна возраст се недоличното зјапање или похотливо гледање поради што се почувствувале непријатно, наведено од 16% од сите испитаничките, проследено со наметливи прашања во врска со нивниот приватен живот (10%); несакано допирање, прегрнување или бакнување (10%); наметливи коментари за нивниот физички изглед (10%). Во ЕУ, недоличното зјапање или похотливо гледање е исто така најчестата форма на сексуално вознемирување, наведено од 30% од жените, додека несаканото допирање, прегрнување или бакнување се наведува од 29%. Во повеќето случаи на вознемирување, жените кои имале такви искуства имаат тенденција да имале повеќе од едно такво искуство.

**Табела 4.5: Форми на сексуално вознемирување**

Понекогаш можеби сте доживеале некои лица да се однесуваат кон вас на начин кој ви бил непожелен и навредлив. Колку често, од вашата 15-годишна возраст, до сега, сте доживеале некоја од следниве ситуации?

| | Никогаш % | Еднаш % | 2-5 пати % | 6+ пати % |
|---|---|---|---|---|
| Несакано допирање, прегрнување или бакнување? | 90 | 4 | 4 | 2 |
| Недолично зјапање или похотливо гледање поради што сте се почувствувале исплашено | 82 | 5 | 7 | 4 |
| Сексуално сугестивни коментари или шеги поради кои сте се почувствувале навредена? | 92 | 2 | 3 | 2 |
| Праќање или покажување сексуално експлицитни слики, фотографии или подароци од некое лице поради кои сте се почувствувале навредена? | 98 | 1 | 1 | 0 |
| Недолични покани да излезете на состанок? | 94 | 2 | 3 | 2 |
| Наметливи прашања за вашиот приватен живот поради што сте се почувствувале навредена | 88 | 3 | 5 | 3 |
| Наметливи коментари за вашиот физички изглед, поради што сте се почувствувале навредена? | 88 | 2 | 5 | 3 |
| Несакани сексуално експлицитни е-пораки или SMS-пораки што ве навредиле? | 90 | 1 | 2 | 0 |
| Недолично додворување што ве навредило на социјалните мрежи како што е Фејсбук, или пак преку интернет алатките таканаречени „соби за разговор“? | 76 | 2 | 3 | 2 |
| Некој непристојно се разголувал пред вас? | 95 | 3 | 1 | 1 |
| Некој ве терал да гледате или да погледнете порнографски материјал против ваша волја? | 99 | 0 | 0 | 0 |

**БАЗА:** 1.858 жени на возраст од 18-74 години во Северна Македонија
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Во квалитативните истражувања, жените го опишуваат сексуалното вознемирување на скала или континуум, од пониско ниво (како што се свиркање или довикување од групи на луѓе на улица) до потешки инциденти, вклучително и допирање. Имаше мешани ставови за тоа што е прифатливо, а општото мислење е дека помалото, и не толку сериозно несакано сексуално внимание е прифатливо. Некои учеснички дури и рекоа дека тоа го предизвикала самата жена, односно, дека природно е мажот да се однесува следствено на начинот на кој жената се облекува или се однесува. Ваквото размислување може да помогне да се објасни пониската распространетост во споредба со ЕУ, бидејќи одредени видови на однесување кои се препознаваат како сексуално вознемирување во некои земји на ЕУ не се перципираат како такви во Северна Македонија.

Жените кои учествуваа во квалитативното истражување, говореа и за нивните искуства со онлајн сексуално вознемирување. Тие рекоа дека се почесто се вознемирувани од мажи на платформите за социјалните медиуми, особено од помладите мажи, за кои жените веруваат дека бараат секс. Тие веруваат дека онлајн, мажите се похрабри да кажат работи кои не би ги кажале во лице.

> **„Јас сум доста активна на социјалните мрежи, а понекогаш и добивам пораки од деца помлади од мојот син. „Тоа е тој виртуелен свет, и начинот на кој си дозволува да ти се обрати и да те гледа како сексуален објект.”**
>
> **Жена, на возраст од 35-54 години, етничка Македонка, урбана средина**

За повеќе од една од пет жени (22%), најсериозниот инцидент на сексуално вознемирување што го доживеале од 15-годишна возраст вклучува недолично зјапање или похотливо гледање, по што следи несакано допирање, прегрнување или бакнување (13%).

Сторителите на сексуалното вознемирување често им се непознати: три од пет жени рекоа дека биле жртва на непознато лице (60% во споредба со 68% во ЕУ). Меѓу познатите сторители, најчесто се споменува пријател / познаник или сосед (36% во споредба со 31% во ЕУ), по што следи некој друг познаник на жената, но не прецизираат кој [54] (19% во споредба со 35% во ЕУ). Сторителите на најсериозниот инцидент ја следат истата шема.

Додека сторителите на сексуално вознемирување обично се мажи, сепак не е секогаш така. 63% од жените кои рекоа дека доживеале сексуално вознемирување, како сторители ги посочија мажите. Само 6% од испитаничките рекоа дека сторителите биле жени, додека 24% рекоа дека биле вмешани и мажи и жени.

Во повеќе од седум од десетте најсериозни инциденти, бил вмешан само еден сторител (71%). Во 8% од случаите биле вмешани двајца сторители, а во 16% биле вмешани тројца или повеќе сторители.

54 Категориите се „сегашен партнер“, „поранешен партнер“, „раководител / претпоставен“, „колега / соработник“, „клиент / купувач / пациент“, „наставник/инструктор/тренер“, „друг ученик/друг студент“ „лекар/здравствен работник“, „роднина/ член на семејството (освен партнерот)“, „роднина/ член на семејството на партнерот“, „Некој со кого сте излегле/некој кого штотуку сте го запознале“.

## 4.5: Физичко и сексуално насилство од страна на не-партнери

Шест проценти од жените на возраст од 18 до 74 години рекоа дека доживеале една или повеќе форми на физичко насилство од страна на не-партнер од 15 годишна возраст (2% во 12 месеци пред истражувањето), додека 2% доживеале една од формите на сексуално насилство (0.1% во 12 месеци пред истражувањето) (Графикон 4.5). Оваа стапка е многу пониска од онаа во ЕУ, каде во просек 20% рекле дека доживеале физичко насилство од страна на не-партнер од 15 годишна возраст (од 10% во Австрија, Грција, Полска и Португалија до 36% во Данска). Шест проценти од жените во ЕУ изјавиле дека доживеале сексуално насилство од страна на не-партнери, и стапката се движи од 1% во Грција и Португалија до 12% во Шведска.

### Слика 4.5: Распространетост на не-партнерско физичко и сексуално насилство




**БАЗА:**
1,910 жени на возраст од 18–74 години во Северна Македонија ; 42,000 жени на возраст од 18–74 години низ ЕУ.

**ИЗВОР:**
Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени.(2018)/ Анкета на Европската Агенција за основни права за насилство врз жените. (2012)

Индивидуалната распространетост на не-партнерското насилство е помала кај жените што зборуваат албански отколку кај жените што зборуваат македонски јазик. Три проценти од жените што зборуваат албански, рекоа дека доживеале не-партнерско физичко насилство (во споредба со 7% од жените што говорат македонски јазик), а помалку од 0,5% од жените рекоа дека доживеале не-партнерско сексуално насилство уште од 15-годишна возраст (во споредба со 2% од жените што говорат македонски јазик).

**Табела 4.6: Распространетост на не-партнерското физичко и сексуално насилство по јазик**

| | Жени што зборуваат македонски % се случило | Жени што зборуваат албански % се случило |
|---|---|---|
| Физичко насилство | | |
| Од 15 годишна возраст | 7 | 3 |
| На 12 месеци пред истражувањето | 2 | 0 |
| Сексуално насилство | | |
| Од 15 годишна возраст | 2 | 0 |
| На 12 месеци пред истражувањето | 0 | 0 |
| Физичко и сексуално насилство | | |
| Од 15 годишна возраст | 8 | 3 |
| На 12 месеци пред истражувањето | 2 | 0 |

**БАЗА:** 1.414 жени кои зборуваат македонски јазик и 496 жени кои зборуваат албански јазик во Северна Македонија
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)
Бројките во црвено укажуваат дека разликата е статистички значајна

Во квалитативните истражувања, не-партнерското физичко и сексуално насилство се смета за најсериозна и најмалку вообичаена форма на насилство во земјата, а само мал број на испитанички ги споделија своите лични искуства со таквото насилство. Една жртва на ова насилство го опиша нејзиното искуство со случај на силување од непознато лице на 15 годишна возраст. Нејзиното искуство е дадено подолу како дел од ова истражување.

**Студија на случај: Приказната на Т - Дел 1**

- Т има 20 години. Кога имала 15 години, се запознала со едно момче со кого се спријателила. Еден ден, тој ја одвел во хотел во сопственост на неговиот татко. Со изговор дека ќе оди да земе нешто, ја оставил сама во една од собите да го чека.
- По неколку минути,  во собата влегол непознат постар човек и ја силувал.

**„Тој ме давеше. Мислев дека човекот сака да ме задуши, да ме убие. И тогаш [ејакулираше и се повлече], и ден денес ми се лоши кога го слушам тој звук. Имам паничен напад.„**

- Кога човекот замина, Т избегала од хотелот преку прозорецот и преку неколку тераси. Т си заминала дома и никому не кажала што се случило.

Најраспространетите форми на физичко насилство од страна на не-партнер се туркањето и шлаканиците. Три проценти од жените ги посочиле како форми на насилство што се случиле од 15 годишна возраст (многу пониско од просекот на ЕУ од 13%) и 1% што се случиле во 12 месеци пред истражувањето. За ниедна од формите на сексуално насилство не се изјаснија повеќе од 1% од жените. Поверојатно е дека искуствата од не-партнерско насилство се случиле само еднаш, не повеќе.

Најсериозните инциденти на насилство (т.е. едно искуство што најмногу влијалео врз жената, вклучително и закани од насилство) од не-партнери имаат тенденција да бидат физички, а не сексуални (Графикон 4.6), што е слично со распространетоста на сите инциденти на насилство што ги доживуваат жртвите од не-партнери. Формите на насилство кои најчесто се посочени како најсериозен инцидент се заканите дека ќе бидат повредени физички и туркањето. Нив ги посочија една од пет жени.

## Графикон 4.6: Најсериозни инциденти на не-партнерско насилство врз жените

Би сакала да размислите за најсериозниот инцидент предизвикан од не-партнер. Што од наведеното на оваа картичка се случило тогаш? Под „најсериозен“ подразбираме инцидент што имал најголемо влијание врз вас




**БАЗА:** 168 жени на возраст од 18–74 години во Северна Македонија кои доживеале не-партнерско насилство од 15 годишна возраст.

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

Поголемиот дел од овие најсериозни инциденти се случиле во приватни простории, при што речиси половина (47%) од сите најтешки инциденти според испитаничките се случиле во нејзиниот дом, додека други 16% се случиле во некоја друга куќа или стан. Во ЕУ, само 27% од најсериозните инциденти се случиле во домот на жената, во споредба со многу поголем број на инциденти кои се случиле на јавни места. На пример, 18% од инцидентите се случиле на улица, и 16% се случиле на училиште или на работното место, што е во согласност со фактот дека поголем дел од жените се вработени во ЕУ.[55]

55 Во времето на истражувањето на ЕАОП, само 4% од жените во ЕУ посочиле дека никогаш не работеле, во споредба со 23% во ова истражување.

### Графикон 4.7: Локација на најсериозниот инцидент на не-партнерско насилство

Кога сме кај најсериозниот инцидент на не-партнерско насилство, каде се случил тој?




**БАЗА:** 107 жени на возраст од 18–74 години во Северна Македонија,кои доживувале non-partner насилство од 15 годишна возраст и кои идентификуваа најсериозен инцидент.

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

### 4.5.1: Сторители

Мнозинството жени не се согласија дека жените се со поголема веројатност да бидат силувани од непознат отколку од некој што го познаваат (55%).

Анализата на сторителите на не-партнерско сексуално насилство е ограничена заради малиот број на жени кои посочија такви случаи. Меѓу оние кои посочија такво искуство, сторителите најчесто им биле познати, но тие не кажале дали припаѓаат на некоја од наведените категории (седум случаи); пријател, познаник или сосед (четири случаи); или некој со кого излегле/некој кого штотуку го сретнале (три случаи). Лекар или здравствен работник, роднина на нивниот партнер и полициски службеник беа спомнати секој од по една жена, додека пет жени рекоа дека сторителот бил некој што не го познавале. Шест жени (околу една третина од жртвите) одбија да кажат кој бил сторителот.

Повеќето жртви на не-партнерско физичко насилство ги посочија строителите како некој што го знаеле. Најчесто посочуваа дека тоа бил роднина на нивниот партнер (21%), а 17% рекоа дека тоа биле нивни роднини. Најчесто посочените сторители на не-партнерско насилство во ЕУ (31%) се роднините. Друг познаник или сосед (18%) и друг ученик или друг студент (17%) беа останатите најчесто посочени сторители кои жртвите ги познавале. Дванаесет проценти од жртвите рекоа дека не го знаат сторителот, што е помалку од просекот на ЕУ од 23 проценти.

Мажите се идентификувани како сторители на непартнерско физичко насилство од страна на 70% од оние жени кои доживеале не-партнерско физичко насилство, при што 60% од преживеаните спомнаа само еден маж, додека 10% рекоа дека биле вмешани и мажи и жени. Жените беа посочени од 31% (21% посочија само жени). Останатите (9%) не го знаеја или не сакаа да го наведат полот на сторителот. Две третини од преживеаните од сексуално насилство рекоа дека сторителот бил маж (64%), додека остатокот не знаеја или не сакаа да кажат.[56]

Во повеќе од четири од петте посочени најсериозни инциденти (83%), сторителите дејствувале сами. Петтина од најсериозните инциденти биле извршени од некој кој бил под дејство на алкохол или дрога (20%).

### 4.6: Искуство од насилство за време на детството

Девет проценти од жените рекоа дека доживеале физичко, сексуално или психолошко насилство во детството.[57] Оваа стапка е значително пониска од, на пример, Хрватска и Бугарија (30% и 31%). Индивидуалната распространетост е уште помала кај онаа жените кои зборуваат албански јазик: 2% рекоа дека доживеале некоја форма на насилство во детството, во споредба со 11% од жените што зборуваат македонски јазик.

За 7% од жените, најчестата форма на насилство во детството беше физичкото насилство (9% кај жените што зборуваат македонски јазик и 1% кај жените што зборуваат албански јазик), додека распространетост на психолошкото и сексуалното насилство изнесува 2% и 1% соодветно. Распространетоста на сексуалното насилство е споредливо во двете групи, но жените што говорат македонски јазик укажуваат на малку повисоки стапки на психолошко насилство во детството (3% наспроти 1%). Понатаму, жените во урбаните средини укажуваат на повисоки стапки на физичко и сексуално насилство во детството од оние во руралните средини (9% наспроти 5% за физичко насилство и 1% наспроти 0% за сексуално насилство).

Сите форми на насилство во детството се почести во ЕУ, при што 27% од жените во ЕУ рекоа дека доживеале физичко насилство, 12% сексуално насилство, а 10% психолошко насилство пред 15 годишна возраст. Повторно, земјите каде што жените чувствуваат дека домашното насилство е приватно прашање и каде што постои култура на молчење, имаат тенденција да имаат пониски стапки на жени кои ги споделуваат овие искуства со другите од земјите со подолга традиција на подигнување на свеста за насилството врз жените.

Најраспространетата форма на физичко насилство во детството, за која 7% од жените рекоа дека ја доживеале, е шлаканица или влечење за коса при што им биле нанесени повреди.

56 Со оглед на малата база (n = 30), овие наоди треба да се толкуваат претпазливо.

57 Насилството во детството се однесува на насилство кое се случило пред 15 годишна возраст. Во однос на физичкото насилство пред 15 годишна возраст, на жените им беа поставени следните прашања: Пред 15-годишна возраст, колку често возрасно лице кое е на возраст од 18 години или постаро, ви го направил следното: 1) ви удрил шлаканица или ве влечел за коса со што ве повредил? 2) ве удрил силно со што ве повредил? 3) ве удрил силно со нога со што ве повредил? 4) Ве тепал силно со предмет, како што е стап, бастун или ремен со што ве повредил? 5) Ве бодел или сечел со нешто со што ве повредил? Во однос на сексуалното насилство пред 15 годишна возраст, на жените им беа поставени следните прашања: Пред вашата 15-годишна возраст, колку често некој возрасен – односно некој кој имал 18 години и повеќе – ви правел нешто од следново, иако вие не сте сакале да го прави тоа: 1) ги покажувал своите гениталии пред вас 2) ве принудувал да позирате гола пред некое лице или пред фотоапарат или видеокамера и интернет-камера? 3) ви ги допирал – гениталиите или градите против вашата волја? 4) Ве принудувал на сексуален однос? Во однос на психолошкото насилство пред 15 годишна возраст, на жените им беа поставени следните прашања: Пред вашата 15-годишна возраст, колку често некој возрасен член на семејството ви правел нешто од следново: 1) кажувал дека никој не ве сака? 2) Кажувал дека посакува никогаш да не сте се родиле? 3) Се заканувал дека ќе ве напушти или исфрли надвор од семејната куќа? Пред вашата 15-годишна возраст, колку често некој возрасен – односно, некој кој имал 18 години и повеќе – Ви се заканувал дека лошо ќе ве повреди или ќе ве убие?

Распространетоста на насилството во детството се заснова на изјави на испитанички кои рекоа дека доживеале барем една од наведените форми за физичко, сексуално или психолошко насилство или кое било од трите.

**Графикон 4.8: Искуства на физичко насилство пред 15 годишна возраст**

Пред вашата 15-годишна возраст, колку често некој возрасен – односно, некој кој имал 18 години и повеќе – ви правел нешто од следново?




**БАЗА:** 1,910 жени на возраст од 18–74 години во Северна Македонија.

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

Членови на семејството, а особено родителите, најверојатно биле сторителите на насилството во детството. Во поголемиот дел од инцидентите, каде една жена рече дека како дете била удирана или била влечена за коса со што била повредена, сторителот бил таткото (54%). Следниот најверојатен сторител на оваа форма на насилство во детството е мајката (23%), по што следи нејзиниот брат или полубрат (19%). Слично на тоа, во 47% од случаите кога детето било удрено и повредено, сторителот бил татко. Во 19% од случаите, сторителот бил нејзината мајка, а во 18% од случаите сторителот бил братот или полубратот.

Жените кои доживеале насилство во детството многу почесто се соочиле со насилство како возрасни. Кај оние што доживеале насилство од детството, 43% доживеале партнерско или непартнерско физичко и/или сексуално насилство како возрасни, во споредба со 10% од оние кои не доживеале насилство во детството.

# 43% од жените кои доживеале насилство во детството рекоа дека подоцна во животот доживеале физичко/сексуално насилство од интимен партнер

Ова се одразува во квалитативното истражување: жртвите на насилство кои учествувале во квалитативното истражување имале тенденција да доживеале и насилство во детството и како возрасни. Насилството во детството било извршено од еден или од двајцата родители и траело во текот на многу години. Некои од жените кои учествуваа во истражувањето веруваа дека овие искуства од детството имале директна врска со нивните подоцнежни искуства, било затоа што биле принудени од нивното семејство да стапат во врска што станала насилна или затоа што самите стапиле во врска со маж кој не го познавале, само за да се спасат од семејството.

> **„Не го познавав. Се согласив [да се омажам за него] само за да излезам од [мојот] дом. Тој виде дека сум била малтретирана, и тој почна да го прави истото во текот на првиот месец [откако живеевме заедно].“**
>
> **Жртва на насилство, Ромка**




**Речиси една од пет жени може да се дефинираат како погодени од конфликт (11% кај жените што зборуваат македонски јазик и 42% кај жените што зборуваат албански јазик).**

Фотографска банка. Позирано од модел.

# 5. Конфликт и насилство

### 5.1: Искуствата поврзани со конфликт

Вооружениот конфликт е дефиниран за целите на ова истражување како вооружени борби помеѓу две или повеќе организирани групи, напади врз заедници или општа несигурност предизвикана од конфликт.

Иако земјата се отцепи ненасилно од поранешна Југославија, земјата во 2001 година се соочи со судир меѓу милитантната група на Ослободителна национална армија на етничките Албанци и безбедносните сили на земјата во северниот и западниот дел од земјата. Како резултат на тоа, речиси една четвртина (23%) од жените рекоа дека живееле во состојба на активен вооружен конфликт во период од најмалку една недела во текот на животот, но сите не можеа да се класифицираат како директно погодени од конфликт. Ова е повеќе распространето кај жените што зборуваат албански јазик, од кои 50% рекоа дека доживеале активен вооружен конфликт (во споредба со 13% од жените што говорат македонски јазик).

Меѓу оние кои живееле низ период на конфликт најмалку една недела, мнозинството (82%) доживеале барем едно од искуствата за кои беа запрашани во истражувањето. Најчестиот одговор беше дека слушале пукотници од оружје или звук на бомби (66%), дека најмалку една недела живееле на место каде што биле стационирани или се движеле во поголем број припадници на вооружените сили (54%), биле директен сведок на борби (48%), не можеле да најдат работа заради конфликтот (30%) или морале да избегаат од нивниот дом (27%). Жените што зборуваат албански се со поголема веројатност да кажат дека доживеале поголем дел од овие ситуации (Табела 5.1).[58]

58 Дефиницијата за „погодени од конфликт“ е живеење во ситуација каде што имало активен вооружен конфликт во период од најмалку една недела и доколку одговорот е „да“ на барем едно од следните прашања: „Дали слушавте пукотници од оружје, звук на бомби или гранати во областа во која живеевте во времето на конфликтот?“ „Дали живеевте на место каде што биле стационирани или се движеле во поголем број припадници на вооружените сили (редовна војска или други вооружени групи) најмалку една недела? Тука може да бидат вклучени локални жители што учествувале во конфликтот? „Дали бевте сведок на борби во областа во која живеевте во времето на конфликтот?“ „Дали како последица на конфликтот бил уништен или сериозно оштетен имотот (на пример, вашиот дом, автомобил, добиток) на вашето најблиско семејство?“ „Дали имотот (на пример, вашиот дом, автомобил, сточарство) од твојата најблиска фамилија го зеде вооружена група?“ „Дали поради конфликтот не било можно да се најде работа во локалната област? (канцелариите/фабриките биле затворени или уништени, опасноста била премногу голема)?“ „Дали член на блиското семејство или ваш сопружник или партнер учествувал во конфликтот или учествувал во борбите како член на вооружена група?“ „Дали вие активно учествувавте во борбите за време на конфликтот?“ „Дали цивили од областа во која живеевте биле задржани во притвор или однесени во затвор?“ „Дали цивили во областа во која живеевте починале поради конфликтот?“ „Дали лично физички бевте нападната или повредена како последица на конфликтот?“ „Дали било потребно да избегате од својот дом во текот на (некој/некои) конфликт/конфликти што сте го/ги доживеале?“

### Табела 5.1: Искуства од конфликти

Ве молам, кажете ми дали сте доживеале нешто од следново во текот на вооружениот конфликт/вооружените конфликти што го/ги доживеавте?

| | Да (%) | Жени кои зборуваат македонски | Жени кои зборуваат албански |
|---|---|---|---|
| Дали слушавте пукотници од оружје, звук на бомби или гранати во областа во која живеевте во времето на конфликтот? | 66 | **57** | **74** |
| Дали живеевте на место каде што биле стационирани или се движеле во поголем број припадници на вооружените сили (редовна војска или други вооружени групи) најмалку една недела. Тука може да бидат вклучени локални жители што учествувале во конфликтот? | 54 | **34** | **71** |
| Дали бевте сведок на борби во областа во која живеевте во времето на конфликтот? | 48 | **29** | **64** |
| Дали како последица на конфликтот бил уништен или сериозно оштетен имотот (на пример, вашиот дом, автомобил, добиток) на вашето најблиско семејство? | 12 | **8** | **16** |
| Дали имотот (на пример, вашиот дом, автомобил, добиток) на вашето најблиско семејство бил одземен од припадници на вооружени групи? | 6 | **3** | **9** |
| Дали поради конфликтот не било можно да се најде работа во локалната област? | 30 | **20** | **39** |
| Дали член на блиското семејство или ваш сопружник или партнер учествувал во конфликтот или учествувал во борбите како член на вооружена група? | 20 | **30** | **11** |
| Дали вие активно учествувавте во борбите за време на конфликтот? | 1 | 0 | 2 |
| Дали цивили од областа во која живеевте биле задржани во притвор или однесени во затвор? | 11 | **7** | **15** |
| Дали цивили во областа во која живеевте починале поради конфликтот? | 14 | 12 | 15 |
| Дали лично физички бевте нападната или повредена како последица на конфликтот? | 1 | 0 | 1 |
| Дали било потребно да избегате од својот дом во текот на (некој/некои) конфликт/конфликти што сте го/ги доживеале? | 27 | 30 | 24 |

**БАЗА:** 191 жени кои зборуваат македонски јазик и 242 жени кои зборуваат албански јазик во Северна Македонија, кои живееле во вооружен конфликт
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)
Бројките во црвено укажуваат дека разликата е статистички значајна

Како заклучок, скоро една од пет жени (19%) може да се сметаат за директно погодени од конфликт, што по дефиниција значи дека живееле низ период на конфликт и доживеале барем едно од искуствата поврзани со конфликт наведени во Табелата 5.1. Скоро сите овие жени живеат денес во Полошкиот, Скопскиот и Североисточниот регион во земјата.

Тие што се дефинирани како директно погодени од конфликт, беа исто така запрашани за други последици од животот во конфликт, од достапноста на јавните услуги до загубата на членовите на семејството и искуствата со насилство. Генерално, нешто повеќе од половина од испитаничките доживеале барем едно од овие искуства (53%, оваа стапка е нешто повисока кај жените што зборуваат албански јазик 58%), од кои најчестите се однесуваат на недостатокот на услуги. Нешто повеќе од една третина (34%) од оние што по дефиниција се директно погодени од конфликтот рекоа дека подолго време на местото каде што живееле немало спроведување на законот, а 23% рекоа дека здравствените услуги што претходно ги користеле не биле достапни или немале пристап до нив (Табела 5.2). Овие две работи претставувале проблем за оние што живеат денес во полошкиот регион, а оние во Североисточниот и Скопскиот регион се со поголема веројатност да го почувствувале отсуството на мажите во семејството, кои биле далеку од домот поради конфликтот.

### Табела 5.2: Искуства на жени директно погодени од конфликт

Ве молам, кажете ми дали сте доживеале нешто од следново во текот на вооружениот конфликт/вооружените конфликти што го/ги доживеавте.

| | Да (%) | Жени што зборуваат македонски | Жени што зборуваат албански |
|---|---|---|---|
| Во вашата област подолго време немало служби за спроведување на законот (полиција или друга организација за одржување на редот и мирот) | 34 | **18** | **45** |
| Здравствените служби (вклучувајќи и здравствени служби за жени) кои претходно сте ги користеле не биле на достапни или сте немале пристап до нив подолго време. | 23 | **13** | **31** |
| Мажите од вашето семејство (сопрузи, татковци, браќа) биле далеку од дома и од семејството (затоа што морале да бегаат, се бореле во конфликтот, биле притворени, исчезнале) | 13 | **25** | **4** |
| Близок член на семејството или вашиот сопруг или партнер биле повредени или загинале во борбите / насилството? | 4 | **7** | **2** |
| Жените од вашето семејство морале да одат на потенцијално опасни места (односно, преку граничната линија или блиску до експлозиви како што се мини) за да работат или да ги донесат основните работи за домаќинството (дрва, храна, вода за пиење, гориво, итн.) | 2 | **3** | **2** |
| Вооружените групи намерно користеле закани, гласини или вршеле насилство врз жените за да го заплашат локалното население во областа во која живеевте | 2 | **4** | **1** |
| Припадници на вооружени групи ги малтретирале локалните жени во областа во која живеевте. | 1 | 1 | 0 |
| Припадниците на вооружените групи се однесувале многу понижувачки кон локалните жени во областа во која живеевте, како што е принудување на жените да се соблечат голи во јавност, осакатување на нивните тела, принудување на жените да се подложат на претрес на внатрешните телесни шуплини без причина итн. | 0 | 1 | 0 |
| Околностите ги принудувале жените да нудат сексуални услуги во замена за основните производи или за да ја осигурат безбедноста на своите семејства во областа во која живеевте. | 0 | 1 | 0 |

**БАЗА:** 191 жени кои зборуваат македонски јазик и 242 жени кои зборуваат албански јазик во Северна Македонија, кои живееле во вооружен конфликт
**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)
Бројките во црвено укажуваат дека разликата е статистички значајна

Дванаесет проценти од жените кои доживеале вооружен конфликт и денес страдаат од болест или попреченост, тоа го припишуваат на конфликтот кој го доживеале. Оваа бројка варира во голема мера од јазикот што го зборуваат, бидејќи стапката кај жените што зборуваат македонски јазик е 21%, и само 2% кај жените што зборуваат албански јазик.

## 5.2: Конфликтот и насилството врз жените

Жените кои биле директно погодени од конфликт беа прашани дали нивните искуства од партнерско или непартнерско сексуално вознемирување и физичко или сексуално насилство биле поврзани со вооружен конфликт или не. Според наодите од истражувањето, повеќето жени сметаа дека помеѓу двете нема никаква врска. Слично на ова, жените кои учествувале во квалитативното истражување не ги поврзале нивните искуства со конфликтот и пошироко. Тие не мислат дека самиот конфликт влијаел врз родовите норми или ставови.

Распространетоста на сексуалното вознемирување и не-партнерското физичко и/или сексуално насилство не се разликува помеѓу жените кои биле или не биле погодени од конфликт. Сепак, психолошкото, физичкото и сексуалното насилство од поранешен партнер е значително повисоко кај жените погодени од конфликт, особено во однос на сексуалното насилство, што сепак укажува на некоја поврзаност помеѓу насилството и искуството од конфликт. Психолошкото насилство извршено од страна на сегашниот партнер беше поприсутно кај жените погодени од конфликт.

**Графикон 5.1: Распространетост на насилството од поранешен партнер кај жените погодени од конфликт**




**BASE:** Жени на возраст од 18 - 74 години во Северна Македонија кои биле погодени од конфликт и имале поранешен партнер (75); жените кои не биле погодени од конфликт и имале поранешен партнер.(539)

**ИЗВОР:** Истражување спроведено од ОБСЕ. (2018)

Жените чии сегашен партнер се борел во конфликт, не тежнееја многу да кажат дека доживеале насилство од сегашниот партнер од жените чии партнери не се бореле во било каков конфликт.

Еден процент од анкетираните жени рекоа дека биле лично нападнати или некој им се заканувал со огнено оружје од нивната 15-годишна возраст. Тоа значи вкупно 16 испитанички, од кои три рекоа дека сторителот бил нивниот партнер. Меѓу оние кои доживеале партнерско или не-партнерско насилство, оваа бројка се зголемува на 3%, кај оние кои рекоа дека биле нападнати или некој им се заканувал со огнено оружје (вкупно пет испитанички).






**Четири од десет жени кои го идентификуваа најсериозниот инцидент на физичко и/или сексуално насилство извршен од страна на интимен партнер или не-партнер страдале од една или повеќе физички повреди како последица на инцидентот.**




**Повеќе од половина од жените кои доживеале физичко и/или сексуално насилство од интимен партнер имале долгорочна психолошка реакција на најсериозниот инцидент што го доживеале.**




**Полицијата била информирана за само 3% од случаите посочени како најсериозен инцидент на насилство од сегашен партнер.**



Фотографска банка. Позирано од модел.

# 6. Влијанието на насилството врз животот на жените и пречките за барање поддршка

Ова поглавје дава преглед на влијанието на насилството врз благосостојбата на жените, доколку тие ги пријавиле своите искуства на некого, и доколку го сториле тоа, колку биле задоволни од одговорот. При разговорот, жените беа запрашани за влијанието на најсериозниот инцидент на физичко или сексуално врз нив, како и заканите за таквото насилство. Како најсериозен инцидент беше дефиниран инцидентот кој имал најголемо психолошко или физичко влијание врз жената.

## 6.1: Психолошките реакции и физичките повреди

Жените кои доживеале физичко или сексуално насилство (Поглавје 4) емоционално реагираат различно. Речиси сите рекоа дека почувствувале барем една од емоциите наведени во Табела 6.1 како реакција на најсериозниот инцидент кој го доживеале. Без разлика дали насилството било извршени од сегашен партнер, поранешен партнер или некој друг, најчестите емоционални реакции на најсериозниот посочен инцидент биле страв, гнев, вознемиреност и непријатност. Овие реакции вообичаено ги почувствувала половина или повеќе од засегнатите жени. Честа реакција на насилство од интимен партнер беа наведени и шокот и срамот. Истите реакции се најчесто забележани и во ЕУ, каде што првите три емоционални реакции на насилството се гнев, страв и шок.

### Табела 6.1: Емотивни реакции на физичкото и/или сексуалното насилство (најсериозен инцидент)

Кога станува збор за најсериозниот инцидент, дали како последица сте почувствувале нешто од следниве работи?

0% 75%

| | Сегашен партнер | Поранешен партнер | Не-партнер |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Вознемиреност | 56 | 75 | 49 |
| Страв | 50 | 63 | 52 |
| Чувствоа непријатност | 44 | 58 | 42 |
| Гнев | 34 | 69 | 56 |
| Срам | 26 | 51 | 35 |
| Шок | 18 | 41 | 36 |
| Агресивност | 14 | 34 | 28 |
| Вина | 9 | 16 | 6 |
| Нема | 10 | 2 | 2 |

**БАЗА:**
Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години кои доживеале физичко и / или сексуално насилство од 15 годишна возраст и кои го навеле најсериозниот инцидент: насилство од сегашен партнер (85), поранешен партнер (59) или не-партнерско насилство (107)

**ИЗВОР:**
истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Слични емоции беа посочени од испитаничките во врска со најсериозниот инцидент на сексуално вознемирување. Повторно, речиси секоја жена која рекла дека искусила такво вознемирување, почувствувала барем една од емоциите во Табела 6.1, а непријатност (58%) и вознемиреност (54%) беа најчесто спомнуваните.

Најголемиот број на жртвите на физичко и/или сексуално насилство, исто така, го почувствувале влијанието на барем една од долгорочните психолошки последици наведени во Табела 6.2 како резултат на најсериозниот инцидент. Овде, влијанието на не-партнерското насилство е поизразено од влијанието на насилството од сегашниот партнер. Впрочем, 70% од оние кои зборувале за еден од најсериозните инциденти на не-партнерско насилство рекоа дека заради тоа страдаат од долгорочни психолошки последици, додека бројката паѓа на 49% и 60%, кај жените за кои најсериозниот инцидент на насилство бил извршен од сегашен партнер или од поранешен партнер.

Слични видови на психолошки последици, како што е чувството на ранливост, проблеми со спиењето и депресија, се поврзуваат со трите типови на сторители. Овој резултат е сличен со резултатите во ЕУ, каде најчестите реакции биле вознемиреност, депресија и ранливост. Паничните напади поверојатно е да се резултат на не-партнерско насилство во споредба со партнерското насилство, додека партнерското насилство почесто довело до недостаток на самодоверба.

### Табела 6.2: Психолошки последици од физичкото и/или сексуалното насилство (најсериозен инцидент)

Кога станува збор за најсериозниот инцидент, дали како последица страдавте од нешто од следново?

0% 50%

| | Сегашен партнер | Поранешен партнер | Не-партнер |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Тешкотии при спиење | 26 | 36 | 20 |
| Чувство на ранливост | 23 | 18 | 26 |
| Губење на самодовербата | 22 | 25 | 13 |
| Депресија | 18 | 27 | 22 |
| Тешкотии со концентрацијата | 14 | 17 | 8 |
| Анксиозност | 10 | 17 | 11 |
| Панични напади | 7 | 13 | 21 |
| Тешкотии во врските | 2 | 14 | 10 |
| Нема | 50 | 37 | 30 |

**БАЗА:**
Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години кои доживеале физичко и / или сексуално насилство од 15 годишна возраст и кои го навеле најсериозниот инцидент: насилство од сегашен партнер (85), поранешен партнер (59) или не-партнерско насилство (107)

**ИЗВОР:**
истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Помал број жени посочија долгорочни психолошки последици од најсериозниот инцидент на сексуално вознемирување, при што две третини рекоа дека немале долгорочна реакција (67%). Сепак, скоро една од пет (18%) рекоа дека искуството ги направило да се чувствуваат ранливи, а нешто повеќе од една од десет (11%) рекоа дека инцидентот им предизвикал тешкотии во спиењето. Во ЕУ, една жена од шест (14%) страдала од вознемиреност, а една од пет (20%) се чувствувала ранлива. Во оваа насока, важен е културниот контекст, особено широкото прифаќање на таканареченото незначајно, несакано сексуално внимание, опишано во Поглавјето 3.

Во врска со најсериозниот инцидент на не-партнерско насилство, половина од испитаничките (45%) рекоа дека претрпеле телесна повреда или последица како резултат на насилството. Една од четири (27%) имале модринки или гребнатини. Потешките повреди се поретки, 8% се здобиле со рани, шинати зглобови или изгореници, 7% се здобиле со скршеници или им биле скршени забите и 6% имале потрес на мозокот или друга повреда на мозокот.

Најсериозниот инцидент на насилство од поранешен партнер, исто така, резултирало со физичка повреда или последица кај околу половина од жртвите (48%). Најчести се модринките и гребнатините. Кај 11% од испитаничките, најсериозниот инцидент довел до бременост, а 6% имале спонтан абортус.

Физичките последици од најсериозниот инцидент на насилството од сегашниот партнер се поретки: 80% испитанички рекоа дека не биле повредени, додека 16% рекоа дека се здобиле со модринки или гребнатини. 4% забремениле.

### Табела 6.3: Физички повреди кои произлегуваат од физичко и/или сексуално насилство (најсериозен инцидент)

Кога станува збор за најсериозниот инцидент, дали како последица сте почувствувале нешто од следниве работи

0% 80%

| | Сегашен партнер % | Поранешен партнер % | Не-партнер % |
|---|---|---|---|
| Имав модринки, гребнатини | 16 | 33 | 27 |
| Останав бремена | 4 | 11 | 0 |
| Имав рани, шинати зглобови, изгореници | 4 | 2 | 8 |
| Имав внатрешни повреди | 3 | 3 | 0 |
| Имав потрес на мозокот или друга повреда на мозокот | 2 | 2 | 6 |
| Имав пукнати коски, скршени коски, скршени заби | 1 | 4 | 7 |
| Имав спонтан абортус | 0 | 6 | 0 |
| Добив инфекција или сексуално преносива болест | 0 | 2 | 0 |
| Друго | 0 | 0 | 3 |
| Немав повреди | 80 | 51 | 47 |

**БАЗА:**
Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години кои доживеале физичко и / или сексуално насилство од 15 годишна возраст и кои го навеле најсериозниот инцидент: насилство од сегашен партнер (85), поранешен партнер (59) или не-партнерско насилство (107)

**ИЗВОР:**
истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Во квалитативното истражување, жените кои претрпеле насилство од интимен партнер или не-партнерско насилство говореа за влијанието на психолошкото и физичкото насилство. Во некои случаи, жените живеат со трајна физичка попреченост како резултат на насилството што го претрпеле. Без оглед на тежината на физичките повреди што ги претрпеле, сепак, жените веруваа дека психолошкото влијание од нивните искуства било најштетно за нив. Тие рекоа дека актуелната емоционална траума е резултат на нивните искуства.

## Најспоменуваниот извор на информации, совет или поддршка кои жените рекоа дека го посакувале после најсериозниот инцидент на физичко и/или сексуално насилство бил некој со кој можеле да зборуваат и кој можел да им даде морална поддршка

**Студија на случај: Приказната на Т - Дел 2**

- Откако била силувана од непознато лице на 15 годишна возраст, Т си заминала дома се триела во топла вода, но чувствувала дека не може да се исчисти.
- Набргу потоа, почнала да се самоповредува и неколку пати се обидела да изврши самоубиство.

**„Се чувствував многу валкано, сакав да го исчистам моето тело, сакав некако да се повредам. Се обидов на секој можен начин ... Зедов апчиња, се обидов да ги исечам вените."**

- Во една прилика, се фрлила пред возило и како последица на тоа поминала шест месеци во инвалидска количка.

**„Си помислив, последна шанса да се спасам е да се фрлам пред возило, дека тоа ќе биде најмалку болен [начин да умрам]. Ќе те удри автомобилот, и не боли. Бам! Ќе те удри и ќе умреш. Повеќе не можам да се справам со овие проблеми, не можам да издржам."**

- Откако ја напуштила болницата, Т почнала да се дрогира и се борела да се справи со нејзината зависност и со траумата што ја претрпела.

## 6.2: Поддршката која ја посакуваат жртвите на насилство

Испитаничките кои претрпеле физичко или сексуално насилство, беа прашани дали им била потребна некаква помош по најсериозниот инцидент што го претрпеле.

Жртвите рекоа дека откако го доживеале најсериозниот инцидент на физичко и/или сексуално насилство од страна на партнерот, најмногу посакувале да имаат некого со кого би можеле да разговараат и кој би можел да им даде морална поддршка. За жртвите на партнерско насилство (34%) и за жртвите на непартнерско насилство (31%) најважно било да добијат заштитата од натамошно насилство и вознемирување. Наспроти тоа, кај 4% од жртвите на насилство од сегашниот партнер, кои рекоа дека им била потребна заштита по најсериозниот инцидент на насилство од сегашен или поранешен партнер, најмала била веројатноста да кажат дека им била потребна медицинска помош.

### Табела 6.4: Видови на информации, совети и поддршка по најсериозниот инцидент

Според вас, какви видови информации, совети или поддршка ви требале по инцидентот?

0% 53%

| | Сегашен партнер | Поранешен партнер | Не-партнер |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Некој со кого би можела да зборувам морална поддршка | 29 | 36 | 34 |
| Финансиска поддршка | 8 | 11 | 13 |
| Помош со барање за осигурување надоместок | 4 | 4 | 5 |
| Помош во пријавување на инцидентот соработка со полицијата | 4 | 10 | 14 |
| Практична помош | 4 | 15 | 11 |
| Медицинска помош | 4 | 12 | 14 |
| Заштита од натамошно прогонување малтретирање | 4 | 34 | 21 |
| Информации од полицијата | 3 | 6 | 12 |
| Информации за безбедноста спречување криминал | 1 | 6 | 10 |
| Ништо од наведеново не сакав никаква помош | 53 | 28 | 34 |

**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години кои доживеале физичко и / или сексуално насилство од 15 годишна возраст и кои го навеле најсериозниот инцидент: насилство од сегашен партнер (85), поранешен партнер (59) или не-партнерско насилство (107)

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Жртвите на насилство кои учествуваа во длабинските интервјуа изјавија дека најголемите неисполнети потреби се финансиската поддршка и долгорочното засолниште за жените кои се решаваат да ја напуштат насилната врска. Тие рекоа дека, во моментов, за една жена да ја напушти насилната врска единствената можност е нејзиното родно семејство да биде подготвено да ја прифати неа и нејзините деца и да ги поддржи додека таа да најде работа. Тие сметаа дека жените кои немале поддршка од нивното семејство не можеле да ја напуштаат насилната врска, бидејќи немале каде да одат и немале доволно средства за себе и за издржување на децата. Рекоа дека на жените треба да им се понудат повеќе услуги и поддршка за да обезбедат покрив над глава и да најдат работа.

> **„[Жената треба] да се обезбеди за [целиот живот], не само да ѝ се помага на два или три месеци, а потоа да се исфрли надвор. И не само тоа, таа има потреба од куќа, и храна. Еве, јас сум со попреченост и работам. Не се срамам. Имам две раце, две нозе, очи, зошто да не работам?"**
>
> **Жртва на насилство, етничка Македонка, лице со попреченост**

Жените во анкетата беа прашани - без оглед на тоа дали доживеале насилство или не - колку се чувствуваат информирани за тоа што треба да прават ако некогаш доживеат насилство. Ставовите беа поделени, при што скоро една третина (32%) рекоа дека се чувствуваат многу добро информирани или добро информирани, додека малку повеќе жени (35%) рекоа дека не се добро информирани или воопшто не знаат што да прават. Останатите 31% рекоа дека се чувствуваат донекаде информирани. Кај помладите жени има поголема веројатност да се чувствуваат многу добро информирани или подобро информирани од постарите жени. Ова исто така важи и за жени со високо образование, за разлика од оние со пониско образование (61% наспрема 33% кај оние со средно образование). Жените кои се на платена работа се со поголема веројатност да се чувствуваат информирани (49%), додека оние кои се невработени или пензионирани се со помала веројатност (26%). Жените во урбаните средини имаат поголема веројатност да кажат дека се информирани за тоа што треба да направат отколку оние во руралните области (36% наспрема 24%), а свеста е исто така поголема кај жените што зборуваат македонски јазик отколку кај жените што зборуваат албански (36% наспроти 22%).

**Слика 6.1: Информираноста за тоа што треба да се направи по претрпено насилство**

Колку добро сте информирани за она што треба да го правите ако доживеете насилство?




**БАЗА:**
1,910 жени на возраст од 18-74 години во Северна Македонија.

**ИЗВОР:**
Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени. (2018)

Жените во истражувањето беа прашани дали ги знаат трите организации за поддршка. Информираноста за овие организации беше мала, односно само малку повеќе од една третина од жените (36%) познаваат некоја од трите тестирани организации. Поточно, околу една четвртина рекоа дека слушнале за НГЦЕ (26%, и 19% кај жените што зборуваат албански) и ХЕРА (24%, 13% кај жените што зборуваат албански), додека само 13% рекоа дека знаат за ЕСЕ (10% кај жените што зборуваат албански). Оваа неинформираност можеби придонесува за многу ниската искористеност на овие услуги од страна на жените кои доживеале насилство, како што е опишано во Дел 6.3 подолу.

### 6.3: Пријавување на случаите на насилство и вознемирување

Во анкетата, жените беа запрашани дали полицијата или другите организации дознале за најсериозниот инцидент на физичко или сексуално насилство или закана, што го доживеале.

Дури и по најсериозниот инцидент на физичко и/или сексуално насилство, во повеќето случаи полицијата не дознала за тоа, особено за насилството од сегашен партнер (Графикон 6.2).

**Графикон 6.2. Контакт со полицијата по најсериозниот инцидент на насилство**

Дали полицијата дознала за инцидентот?




**БАЗА:** Жени во Северна Македонија кои доживувале физичко и/или сексуално насилство од 15 годишна возраст и кои идентификуваа посериозен инцидент : насилство од сегашен партнер (85), поранешен партнер (59), не-партнер (107)

**ИЗВОР:** Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени. (2018)

Не е можна споредбата на контактите со полицијата помеѓу жените што зборуваат македонски јазик и жените што зборуваат албански јазик, бидејќи само 17 жени кои зборуваат албански јазик раскажале за најсериозниот инцидент на партнерско или не-партнерско насилство. Сепак, жените кои се сметаат за дел од малцинство во местото каде живеат, имаат помала тенденција да кажат дека го пријавиле во полиција најсериозниот инцидент на насилство било од сегашниот партнер, поранешниот партнер или од не-партнер (10%[59] наспроти 33% во просек). Според локација, жените од руралните средини кои доживеале насилство од страна на интимен партнер или не-партнер, имаат иста веројатност со жените од урбаните средини, да кажат дека контактирале со полицијата по најсериозниот инцидент (22% наспроти 21%). Исто така, нема значителни разлики во однос на локацијата кога станува збор за пријавување на инцидентите на други служби, како медицинските или социјални служби.

59 Со оглед на малата база (n = 30), овие наоди треба да се толкуваат претпазливо.

Отпорот да се пријави насилство во полиција од страна на припадничките на етничко малцинство беше анализиран во квалитативното истражување кај жените од албанско потекло. Според овие жени, жртвата на насилство обично своето искуство го споделуваат и бараат поддршка само од близок пријател или член на семејството, наместо да контактираат со полицијата. Овие жени рекоа дека не им веруваат на полициските службеници и ги сметаат за неефикасни и апатични. Тие, исто така, сметаат дека пријателите и семејството на жртвата, најверојатно, ќе ја посоветуваат да издржи извесно време, наместо да бара развод. Ова, меѓу другото се должи на фактот дека кога една жена ќе го напушти својот сопруг нема да има каде да оди ако нејзиното родно семејство не ја прими назад, а според нив, родителите генерално не го поддржуваат тој чекор, особено во муслиманската албанска заедница.

> **„Ако моите родители не разбираат [зошто сакам да се разведам], не можам да се справам сама, бидејќи [нема] да имам каде да живеам".**
>
> **Жена, на возраст од 18-34 години, етничка Албанка, рурална средина**

Во однос на тоа дека жените кои зборуваат албански јазик имаат поголема тенденција да се согласат дека домашното насилство е приватна работа и треба да се реши во семејството (67% наспроти 42% кај жените што зборуваат македонски јазик), жените од албанско етничко потекло во квалитативното истражување рекоа дека пријавувањето зависи од етничката припадност. Тие објаснија дека македонските жени се поподготвени да побараат помош од некоја организација, подобро се информирани за достапните услуги и би имале поддршка од семејството во таа насока. Од друга страна, сметаа дека една Албанка повеќе би се плашела да побара помош, првенствено заради нејзиното воспитување и ставот дека жените се помалку ценети во општеството.

> **„[Македонските жени] се понапредни, подобро ги познаваат законите, имаат повеќе можности. [Нивното] семејство ги поддржува [да го подигнат] гласот, додека ние ја немаме [оваа поддршка]."**
>
> **Жена, на возраст од 18-34 години, етничка Албанка, рурална средина**

Истражувањето открива дека жените, без оглед на која група припаѓаат, избегнуваат да контактираат и со други служби. Скоро девет од десет жени кои се изјасниле за најсериозниот инцидент на насилство од сегашниот партнер, не контактирале со полицијата или друга организација (86%), а истото важи и за најсериозните инциденти на насилство од поранешен партнер со 66% и најсериозните инциденти на не-партнерско насилство со 61%.

# 86% e grave që kanë përjetuar dhunë seksuale dhe/ose fizike dhe që e treguan incidentin më serioz nuk i janë drejtuar policisë ose ndonjë organizate tjetër pas atij incidenti

### Табела 6.5: Контактите после најсериозниот инцидент на насилство врз жената

Дали се обративте на некоја од следниве служби поради инцидентот?

0% 63%

| | Сегашен партнер | Поранешен партнер | Не-партнер |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Болница | 9 | 17 | 19 |
| Лекар, здравствен центар или друга здравствена установа | 8 | 15 | 12 |
| Социјални служби | 6 | 14 | 1 |
| Полиција | 2 | 21 | 28 |
| Црковна/верска организација | 1 | 2 | 7 |
| Центар за привремена заштита и поддршка на жени жртви на насилство | 0 | 2 | 0 |
| Организација за поддршка на жртви на насилство | 0 | 1 | 0 |
| Правна служба/ адвокат | 0 | 11 | 8 |
| Друга служба/организација за поддршка | 0 | 2 | 0 |
| Не контактирала со организација или со полиција | 86 | 66 | 61 |

**БАЗА:**
Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години кои доживеале физичко и / или сексуално насилство од 15 годишна возраст и кои го навеле најсериозниот инцидент: насилство од сегашен партнер (85), поранешен партнер (59) или не-партнерско насилство (107)

**ИЗВОР:**
истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Главната причина поради која не биле пријавени најсериозните инциденти на насилство во полицијата, како што рекоа преживеаните е дека повеќе сакаат да се справат самите со тоа, или можеби со пријателите и семејството, односно нивниот приоритет е инцидентот да остане во семејството. Другите причини се можноста инцидентот да се смета за безначаен, заради срам или непријатност, и страв од сторителот, како што е наведено во Табела 6.6.

Наодите од квалитативните истражувања во голема мера се во согласност со фактичкото однесување кое се евидентира преку анкетата. Учесниците сметаа дека насилството од не-партнер е најверојатно од сексуална природа и жената не го пријавува од срам, бидејќи ќе се смета делумно или целосно одговорна за тоа што и се случило, дури и во случаи на силување од страна на странец. Слично на тоа, жените што учествувале во квалитативното истражување биле на став дека малку е веројатно една жена да пријави случаи за НИП. Тие рекоа дека доколку една жена би побарала совет, таа најверојатно ќе се обиде да разговара со пријателките. Сепак, на партнерското насилство се гледа како на нешто толку вообичаено што жените очекуваат дека пријателката на која би и кажале не би се загрижиле многу.

Во однос на конкретните извори на поддршка, жените од етничко албанско потекло истакнале дека да се побара помош од психијатар се смета како многу срамно во нивната заедница. Тие објасниле дека за разлика од етничките Македонци, за една етничка Албанка посетата на психијатар претставува табу тема, а секоја жена што го направила тоа, веднаш ќе биде обележана од страна на заедницата како ментално болна. Тие рекле дека за етничка Македонка, не е табу тема да побара помош од психијатар.

> **„Одењето на психијатар во нашето општество е табу тема, и сите ќе те сметаат за луда [ако го сториш тоа].”**
>
> **Жена, на возраст од 35-50 години, етничка Албанка, урбана средина**

Понатаму, објаснуваат дека иако се свесни дека жената што страда од физичко насилство треба да оди во болница, сепак не мислат дека многу жени од нивната заедница што доживеале насилство го сториле тоа. Како што велат, наместо тоа, жената ќе се обиде да се справи самата или да побара помош од нејзиното родно семејство. Во ретки случаи кога некоја жена сепак отишла во болница, според нив, таа најверојатно излажала за причината за повредата. Една од причините за ова е стравот дека докторот ќе го пријави инцидентот во полиција и дека тоа ќе предизвика дополнителни проблеми за жената.

## Табела 6.6: Причините заради кои жртвите не контактирале со полицијата

Зошто не се обративте на полицијата?

0% – 62%

| | Сегашен партнер | Поранешен партнер | Не-партнер |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Самата се справив со тоа / вклучив пријателка / тоа е семејна работа | 50 | 62 | 36 |
| Беше премногу безначајно / не беше доволно сериозно / не ми текна | 30 | 16 | 21 |
| Се плашев од партнерот | 11 | 6 | 16 |
| Ми беше срам, непријатно | 15 | 18 | 15 |
| Мислев дека нема да преземат ништо | 9 | 6 | 10 |
| Мислев дека не можат да преземат ништо | 4 | 5 | 4 |
| Не сакав никој да знае / го држев тоа во себе | 4 | 7 | 3 |
| Не бев во можност да се обратам на полицијата поради конфликтот | 0 | 1 | 2 |
| Побарав помош на друго место | 4 | 6 | 2 |
| Никој немаше да ми верува | 4 | 4 | 2 |
| Мислев дека е моја вина | 4 | 6 | 2 |
| Емотивно бев премногу вознемирена за да кажам на полиција | 3 | 4 | 2 |
| Не сакав напаѓачот да биде уапсен или да има проблеми со полицијата | 3 | 11 | - |
| Ми беше страв од одмазда (од некој друг а не од напаѓачот) | 1 | 2 | 1 |
| Некој ме спречи или ме обесхрабри | 1 | 0 | 1 |
| Не сакав врската да заврши | 1 | 1 | - |
| Се плашев дека ќе ги изгубам децата | 1 | - | - |
| Партнерот не ми дозволи | 1 | 0 | - |
| Некој веќе го пријавил, односно полицијата самата дознала за него | 0 | 0 | 3 |
| Друга причина | 2 | 0 | 5 |

**БАЗА:**
Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години кои доживеале физичко и/или сексуално насилство, но кои не побарале поддршка од организациите по најсериозниот инцидент: од тековен партнер (83), поранешен партнер (46), не-партнер (82)

**ИЗВОР:**
истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени (2018г.)

Причините кои ги навеле заради кои жените не контактираат други служби се слични на оние што ги навеле за не контактирање на полицијата.

Причините за непријавувањето, по етнички групи, беа дискутирани подетално во квалитативните истражувања. Заедничките теми се детално опишани во Полето 6.1 и подетално се разгледуваат подолу

**Поле 6.1: Бариерите за пријавување на НВЖ идентификувани во квалитативното истражување вклучуваат:**

1. **Срам –** срам заради нападот од страна на не-партнер или срам да се спротивстави на партнерот.
2. **Финансиски причини** - доколку семејството на жената не ја прифати, тогаш таа нема да може да обезбеди доволно средства за себе и за издржување на децата.
3. **Недостаток на информации за достапните услуги** - жените не беа сигурни каде би можеле да се обратат за помош.
4. **Недоверба во службите** - лошо мислење за службите, заради претпоставката дека веројатно нема да дадат професионален или корисен одговор.
5. **Страв** - дека сторителот ќе дознае и тоа ќе го влоши насилството.
6. **Отсуство на признание за она што се смета за насилство** - претпоставки дека повеќето видови насилство не би се сфатиле сериозно.

Според жените кои учествувале во квалитативното истражување, срамот бил најголемата пречка заради која жените не го пријавиле насилството. Анкетираните жени рекоа дека ако и се доверат на некоја роднина, како на пример мајката, таа ќе ги поттикне да не го пријавуваат насилството формално поради срамот што тоа ќе и го донесе и на жената и на семејството. Срамот се чини дека се должи на фактот дека од една жена се очекува да го издржи страдањето и да не го напушти својот брак.

> **„Жените ги учат да бидат мирни и да трпат неправди со цел да ги заштитат своите деца. Секое дејствие што ќе го преземе жената за да го спречи насилството се смета за срамно."**
>
> **Жртва на насилство, етничка Албанка, урбана средина**

Жените, исто така, може да се соочат со **финансиски тешкотии ако се обидат да го напуштат својот партнер**. Според жените кои учествуваа во квалитативното истражување, само доволно финансиски независна жена, би можела да го напушти сопругот. А тоа според нив е малку веројатно, бидејќи жените заработуваат помалку од мажите и имаат помала веројатност да поседуваат сопствен имот или да добијат наследство. Дури и во случаи кога брачните двојки купиле заеднички имот, жената нема правно побарување на имотот. Тоа значи дека жената треба да смета на нејзиното семејство за да ја издржува доколку го напушти сопругот, а жените не можат секогаш да сметаат на оваа поддршка.

> **„Тој рече: „не смее да доаѓа во мојата куќа повеќе". [Тој рече] јас сум крадела од него. Како можам да крадам од мојата куќа? Јас сум инвалид и работам, плус бев претепана."**
>
> **Жртва на насилство, етничка Македонка, лице со попреченост**

Жените кои учествуваа во квалитативните истражувања се чини дека не беа **доволно запознаени** за тоа каде можат да се обратат за поддршка (како што беше споменато погоре, информираноста за специјализираните организации за поддршка за кои беа запрашани во истражувањето, е лоша). Жените во руралните средини изразија уверување дека нема достапни служби за поддршка. Жените во урбаните средини беа запознаени за постоењето на шелтерите за жени, но укажаа на повеќекратните пречки за нивно користење. Првенствено, изразија уверување дека шелтерите се само за итна краткорочна поддршка, што би значело дека жените кои во одреден момент биле изложени на насилство можеби ќе мора да се вратат да живеат со сторителот, бидејќи нема да имаат каде да одат. Некои жени, исто така, веруваа дека шелтерите се достапни само во текот на денот, и дека може да се случи да бидат затворени кога ќе им притребаат. Некои, исто така, ја доведоа во прашање безбедноста на овие шелтери, бидејќи нивните локации се јавно познати и дека тоа ги изложува жените на ризик.

> **„Нема каде да се скриеш. Одиш во социјалните служби, а службените лица ќе те оговараат, и целиот град ќе дознае за тебе. Тие ќе и раскажат на пријателка, таа пријателка ќе и каже на друга пријателка, таа пријателка ќе му каже на мажот, и тој ќе дојде и ќе те истепа"**
>
> **Жена, на возраст од 35-50 години, етничка Македонка, рурална средина**

**Анкетираните имаа лошо мислење за службениците кои работат во релевантните служби** (како што се полицијата или здравствените работници) и рекоа дека малку е веројатно дека ќе пријават насилство кај нив. Ова обично се темели на личните негативни искуства или на искуствата на луѓето што ги знаеле. Тие рекоа дека давателите на услуги веројатно нема да покажат сочувство за нивната ситуација или да им дадат корисен одговор.

Ромките изјавија дека полицијата веројатно нема да одговори на случај на НИП во ромската заедница. Некои рекоа дека им се случило полицијата да ги обвини дека им го губат времето или прават врева или не прават ништо за да спречат НИП повторно да се случи во иднина.

> **„Има една жена со шест деца која во повеќе наврати беше тепана и исфрлена од домот. Отиде во полиција два или три пати, и го пријави [нејзиниот сопруг]. Штом полицијата го пушти... одите го пријавувате, но полицијата не прави ништо ... тој веќе ја раскрвавил, целата ја искршил ... но таа нема каде да оди."**
>
> **Жена, на возраст од 20-40 години, Ромка, урбана средина**

Друга клучна пречка е стравот дека **пријавувањето би го влошило насилството**. Тоа се поврзува со недовербата кон службите заради претпоставката дека тие веројатно нема да ја зачуваат доверливоста доколку жртвите тоа го побараат. Ова, исто така, ќе ги одврати и сите оние кои сакаат да пријават насилство во име на друг, бидејќи жените сметаат дека сторителот ќе може да контактира со полицијата и да открие кој ги пријавил. Ова отсуство на доверливост, ја изложува на ризик од сторителот, секоја жртва што ќе се обиде да пријави насилство.

> **„Општеството не реагира ... стравот н спречува да реагираме, а нашата култура - во други земји тие само ќе повикаат полиција - но тука, ако дознаат кој пријавил, лицето ќе биде во опасност".**
>
> **Жена, на возраст од 55-74 години, етничка Македонка, урбана средина**

Во поширока смисла, жените кои учествувале во квалитативното истражување рекоа дека во општеството **не е доволно јасно што е насилството**. Тие рекоа дека „помало“ физичко насилство и сексуалното насилство во односите се смета за нормално однесување и дека психолошкото насилство воопшто не се смета за насилство. Жените сметаа дека само сериозното физичко насилство кое резултирало со видливи повреди може да се сфати сериозно, но, дури и тоа зависи од ставовите на лицето на кое го пријавиле истото.

Доколку една жена сака да добие помош за да го напушти својот сопруг или партнер, според жените во квалитативните истражувања, најдобро би било да побара помош од членовите на семејството. Тие рекоа дека родното семејство на жената најверојатно е извор на практична и емоционална поддршка во ваква ситуација, но само ако жената претрпела сериозно физичко насилство. Тие веруваат дека жената нема да добие никаква помош за да го напушти партнерот поради психолошко, сексуално или финансиско насилство.

> **„Некои семејства би рекле дека сама си го барала; други би рекле дека немаат „дете за фрлање”, и ќе ја примат назад нивната ќерка.”**
>
> **Жена, на возраст од 55-74 години, етничка Македонка, урбана средина**

Дури и во случаи на физичко насилство, испитаничките рекоа дека жената можеби нема да може да се потпре на нејзиното родно семејство, бидејќи на НИП може да се гледа како на нормална појава и да се очекува од жената да остане со својот сопруг. Интервјуираните жени рекоа дека исто така имало разлика во однос на нивото на одговорност што родените семејства го чувствуваат кон своите ќерки, при што некои сметаа дека некое семејство нема да чувствува обврска кон својата ќерка откако ќе се омажи, бидејќи на неа тогаш се гледа како на дел од друго семејство, она во кое се венчала.

> **„Добро познат факт е дека во нашата земја, мажите го добиваат целото наследство од нивните родители. Значи, ако жената сака да го напушти насилниот брак, таа речиси никогаш нема имот на свое име за да се пресели, а нејзините родители не секогаш им даваат поддршка, особено во муслиманската заедница. Затоа, поради застрашувачката идеја да се биде бездомник, жените честопати решаваат да останат во несреќен или дури насилен брак.”**
>
> **Жена, на возраст од 18-34 години, етничка Албанка, рурална средина**

Жртвите на насилство кои учествуваа во квалитативното истражување рекоа дека никому не им кажуваат за нивните искуства веќе неколку години. Кога конечно му кажале некому, тоа обично бил член на семејството за да побараат практична поддршка за да го напуштат насилниот партнер или и кажале на пријателка заради емоционална поддршка. Жените го преземаат овој чекор само откако ќе доживеат сериозно физичко или сексуално насилство, понекогаш и во текот на повеќе години. Жените кои подоцна ги пријавиле своите искуства во полиција, во Центарот за социјална работа или невладина организација, тоа го сториле откако биле охрабрени од пријател или роднина. Ниту една жена не се обратила директно на формален извор на поддршка, без претходно да го сподели своето искуство со неформален извор.

### Пријавување на сексуално вознемирување

Речиси половина од оние кои се соочиле со сексуално вознемирување не зборувале со никого за нивното искуство (47%). Според нив, мислеле дека самите можат да се справат со тоа, кажале на пријателка или мислеле дека тоа е семејна работа (68%) или затоа што мислеле дека е премногу безначајно или никогаш не им текнало да кажат некому (32%).

За оние кои зборувале за сексуално вознемирување, најчестите луѓе со кои разговарале биле членови на семејството/роднина или пријател (и 19%), потоа нивниот партнер/момче (11%). Жените не помислуваат да се обратат на службите, полицијата или специјалните организации за поддршка.

### 6.4: Задоволство од службите

Ниската стапка на пријавување во полиција и во другите организации го ограничуваат степенот до кој може да се оцени задоволството од услугите. Меѓу ретките жени кои го пријавиле најсериозниот инцидент на сексуално *вознемирување*, бројот на незадоволни е поголем од бројот на задоволни од одговорот од полицијата. Во врска со најсериозниот инцидент на *не-партнерско насилство*, мислењата се поделени, при што 51% рекоа дека се задоволни и 42% дека се незадоволни. Овие резултати до одреден степен ги одразуваат мислењата изразени во квалитативните истражувања во врска со ефективноста на услугите за поддршка.

Меѓу жртвите на насилство во квалитативните истражувања кои ги пријавиле своите искуства или побарале формална помош, задоволството варира. Жените кои ги пријавиле случаите во полиција, обично биле незадоволни од начинот на кој постапила полицијата по случајот, и чувствувале дека нивната жалба била целосно игнорирана или не било доволно постапено по неа. Жените рекоа дека полицијата одбивала да го разгледа случајот на насилство, бидејќи поминало премногу време, сметала дека нема докази или едноставно затоа што жртвата дошла во полициската станица без документ за идентификација.

Искуствата од Центарот за социјална работа и поддршката на НВО имаат тенденција да бидат попозитивни. Жените се особено благодарни за психолошката поддршка што ја добиле за да се справат со случајот. Сепак, жените се пожалија дека нема практична поддршка, како на пример подолгорочно домување, финансиска поддршка или помош да најдат работа и дека тоа претставува значајна пречка за жените кои напуштаат насилен однос и почнуваат нов живот.



Фотографска банка. Позирано од модел.

# 7. Искуства на насилство кај одредени групи жени

Во истражувањето беа собрани низа детали од испитаниците, со цел да се обезбеди подетална анализа на степенот на соочување со насилството од различните групи на жени. Целта беше да се утврди распространетоста и ризикот од насилство кај одредени групи. Ова поглавје се фокусира на значајни разлики во пријавените случаи на сите форми на насилство, вклучително и сексуалното вознемирување кај различните групи на жени.

**Возраст**
Онаму каде што постојат разлики според возраста, секогаш помладите жени се тие кои почесто ги споделуваат искуствата со вознемирување и насилство.

Индивидуалната распространетост на не-партнерско физичко насилство од 15-годишна возраст не се разликува според возраста, иако жените на возраст од 18-29 години имаат поголема веројатност да кажат дека доживеале насилство во 12 месеци пред истражувањето отколку просечната стапка (4% наспроти 2%). Иако не се забележани разлики во распространетоста на физичкото и/или сексуалното насилство од сегашен партнер, скоро двојно повеќе млади жени (18-39) кажале дека имале такви искуства со поранешен партнер од 15 годишна возраст, од оние што се на возраст од над 40 години. (16% наспроти 9% ).

Утврдената распространетост на психолошкото насилство извршено од страна на партнер е повисока кај младите жени. На пример, повеќе од половината (53%) од жените на возраст од 18-29 години кои некогаш имале партнер рекоа дека доживеале некоја форма на психолошко насилство од страна на сегашниот или поранешниот партнер во споредба со само малку повеќе од една третина (36%) од оние со над 60 годишна возраст.

Жените на возраст од 18 до 39 години имаат поголема веројатност да кажат дека доживеале некоја форма на сексуално вознемирување од жените на возраст од над 40 години. Ова важи и за искуствата од 15-годишна возраст (40% наспроти 22%) и за искуствата во 12 месеци пред истражувањето (17% наспроти 5%). Може да се претпостави дека во текот на целиот живот, постарите жени биле жртви на вознемирување барем толку често колку и младите жени сега. Двојно повеќе постари жени од помладите кои кажале дека имале едно или повеќе искуства на вознемирување може да укажува на менување на ставовите во врска со она што е прифатливо.

Инцидентите на скришно следење/демнење исто така се побројни кај најмладата возрасна група, како од 15 годишна возраст (11% наспроти 7% во просек), така и во 12 месеци пред истражувањето (5% наспроти 2%). Исто како со сексуалното вознемирување, ова може да биде одраз на генерациските разлики во ставовите кон овие видови на однесување.

### Статус на врската

Податоците се анализирани во однос на тоа дали испитаничката има сегашен партнер (во моментов е во брак, живее во заедница без да биде во брак или е во врска без да живее заедно), имала поранешен партнер (исти дефиниции како сегашен партнер) или никогаш немала интимен партнер.

Жените кои имале поранешен партнер имаат поголема веројатност од оние кои немале, да кажат дека доживеале сексуално вознемирување од 15 годишна возраст (49% наспроти 20%) и во 12 месеци пред анкетата (18% наспроти 6%). Тие исто така имаат поголема веројатност да кажат дека доживеале непартнерско физичко и сексуално насилство. Од 15-годишна возраст, 13% од жените кои имале поранешен партнер рекоа дека доживеале не-партнерско физичко и/или сексуално насилство во споредба со 4% од оние кои немале поранешен партнер. Дадената распространетост на не-партнерско физичко и/или сексуално насилство во 12 месеци пред истражувањето е исто така поголема кај оваа група (4% наспроти 1%). Понатаму, жените кои имале поранешен партнер се со поголема веројатност да кажат дека се соочиле со физичко насилство од страна на сегашниот партнер (9%) од оние кои немале поранешен партнер (5%). Дадената распространетост за ова не се разликува од онаа која се однесува на времето во 12 месеци пред истражувањето.

### Образование

Во истражувањето, жените беа запрашани за највисокото ниво на образование што го завршиле, и беа категоризирани во три групи: со основно, средно или високо образование. Околу 8% од испитаничките немаа формално образование.

Сексуалното вознемирување е посочено многу почесто од жените со високо образование. Повеќе од една третина (35%) од жените со средно образование и 44% од оние со високо образование имале едно или повеќе такви искуства од 15-годишна возраст. Наспроти нив. има 13% кои немаат формално образование или имаат само основно образование. Жените со повисок степен на образование се со поголема веројатност да кажат дека доживеале скришно следење/демнење од 15 годишна возраст (10% со високо образование наспроти 1% без формално образование).

Стапката на испитаничките кои кажале за непартнерското физичко насилство е повисока кај жените со повисок степен на образование од просекот, како за претрпено насилство од 15-годишна возраст (9% кај оние со високо образование, наспроти 6% од вкупниот број) така и во 12 месеци пред истражувањето (4% наспроти 2%).

Спротивно на тоа, испитаничките со пониско ниво на образование се со поголема веројатност да кажат дека доживеале насилство од сегашен партнер. Нешто повеќе од половина од жените кои немаат формално образование рекоа дека имале најмалку едно искуство со психолошко насилство, вклучително и од сегашниот партнер (52%), во споредба со 35% од оние со високо образование. Физичкото насилство од страна на сегашниот партнер е исто така поприсутно кај жените без образование отколку кај оние со високо образование (12% наспроти 4%).

### Работен статус и професија

Жените кои се на плата или самовработени (40%) или се студентки/ученички /на обука[60] (47%) имаат значително поголема веројатност отколку во просек (30%) да кажат дека доживеале сексуално вознемирување од 15 годишна возраст, додека пак кај жените чија главна активност се домашните обврски, веројатноста е значително помала (9%). Елементот на возраста или образованието може да влијае на овие разлики, но исто така можно е вработените жени и студентките/ученичките да се поизложени на такви однесувања, ако се почесто во друштво со други.

60 Со оглед на малата база (n = 52), овие наоди треба да се толкуваат претпазливо.

Непартнерското физичко насилство е исто така посочено повеќе од ученичките/студентките, при што 12% рекоа дека ова насилство го доживеале од 15-годишна возраст. Оваа стапка е повисока од просечната распространетост (6%) и онаа што е наведена од оние на возраст од 18-29 години, во возрасната група во која припаѓаат речиси сите ученички/студентки.

Распространетост на психолошкото насилство од сегашен партнер е помала од просекот кај вработените жени (35%), а особено во споредба со невработените, од кои 50% рекоа дека имале барем едно искуство, во споредба со 47% од оние кои ги исполнуваат домашните обврски.

**Приходи**
Жените кои учествуваа во истражувањето беа анализирани според четири групи на приходи: оние кои живеат удобно со сегашните приходи (на домаќинството), оние кои излегуваат на крај, оние кои наидуваат на тешкотии и оние кои наидуваат на многу тешкотии да излезат на крај. Обично жените во последните две категории, особено оние кои живеат во семејства кои имаат најмногу финансиски тешкотии, кажале дека доживеале повеќе насилство.

Жените на кои им е тешко да живеат со сегашен приход на домаќинството, имаат три до четири пати поголема веројатност да кажат дека доживеале физичко и/или сексуално насилство од сегашен партнер од оние кои живеат удобно (20% наспроти 6%). Распространетоста на психолошкото насилство од сегашен партнер е многу повисока кај оние кои наидуваат на тешкотии со сегашните приходи на нивните домаќинства (57% наспроти 39% кои живеат удобно), а истото важи и за сексуалното насилство од поранешен партнер (13% наспроти 1%,).

**Малцински групи**
Жените исто така беа прашани дали се сметаат себеси за дел од *етничко малцинство, имигрантско малцинство, верско малцинство, сексуално малцинство, малцинство од аспект на попреченост, бегалец или раселено лице или повратник во* ***местото каде што тие живееле во времето на истражувањето.*** Генерално, 8% изјавија дека припаѓаат на локално етничко малцинство и 6% рекоа дека припаѓаат на верско малцинство (многу мал број се изјаснија дека се дел од една од горенаведените групи). Споредбата на овие две групи со просекот или со оние кои не припаѓаат на малцинска група, покажува дека жените од етничко малцинство се со поголема веројатност да доживеат непартнерско физичко и/или сексуално насилство, како од 15 годишна возраст (12% наспроти 7 % во просек) така и во 12 месеци пред истражувањето (5% наспроти 2%). Во смисла на партнерското насилство, психолошкото насилство од сегашен партнер е почесто (52% наспроти 42%), инаку разликите се незначителни.

Податоците исто така *беа анализирани според јазикот на кој беше спроведена анкетата*, со што се овозможи споредба помеѓу жените што зборуваат македонски и жените што зборуваат албански јазик.

Жените што зборуваат албански јазик покажаа пониска стапка на сексуално вознемирување, скришно следење/демнење, насилство во детството, не-партнерско насилство и физичко насилство од интимен партнер. Наведената распространетост на психолошкото и сексуалното насилство од интимен партнер е слична помеѓу жените што зборуваат албански и жените што зборуваат македонски јазик.

Жените Ромки кои учествуваа во квалитативните истражувања изјавија дека многу видови на физичко насилство се сметаат за прифатливи во ромската заедница, бидејќи жената му припаѓа на сопругот и дека сопругот има право да и удри шлаканица. Тие, исто така, рекоа дека некои видови на физичко насилство се гледаат како знак на огнена или страсна љубов, особено кај младите двојки, и дека ваквото однесување ја прави врската позитивна.

**Средина**
Податоците беа анализирани според тоа дали жените живеат во урбани или рурални средини. Како што можеме да видиме во Табела 7.1, наведената распространетост на повеќето форми на насилство е поголема кај жените кои живеат во урбаните средини отколку кај жените кои живеат во руралните средини. На пример, 37% од жените што живеат во урбана средина кажале дека биле сексуално злоставувани од 15-годишна возраст, во споредба со 18% од оние што живеат во руралните средини. Распространетост на скришното следење/демнење, физичкото насилство од интимен партнер и насилството во детството е исто така поголема кај жените во урбаните средини.

**Табела 7.1: Распространетост на насилство од 15 годишна возраст (без насилство во детството), според средина на живеење**

| | Урбана % | Рурална % |
|---|---|---|
| Сексуално малтретирање | 37 | 18 |
| Не-партнерско физичко насилство | 6 | 6 |
| Не-партнерско сексуално насилство | 2 | 1 |
| Скришно следење/демнење | 9 | 3 |
| Психолошко насилство од интимен партнер | 42 | 48 |
| Физичко насилство од интимен партнер | 10 | 6 |
| Сексуално насилство од интимен партнер | 3 | 3 |
| Насилство во детството | 11 | 6 |

# Како физичкото така и психолошкото насилство по често се наведува од жените чии партнери немаа формално образование

Овие разлики може делумно да се објаснат, со разлики во ставовите кај жените во руралните средини кај кои тенденцијата е значително помала од жените во урбаните средини да мислат дека нивните пријатели ќе се согласат дека „ако мажот ја малтретира својата сопруга, останатите надвор од семејството треба да интервенираат“ (56% наспроти 74%). Според тоа, жените во руралните средини значително почесто се согласуваат дека „семејното насилство е приватна работа и треба да се решава во семејството“ (60% наспроти 41% кај оние во урбаните средини).

**Жените со или без деца**
Жените без деца имаат значително поинакво искуство на сексуално вознемирување во споредба со жените со деца: 46% од жените без деца доживеале сексуално вознемирување од 15 годишна возраст во споредба со 25% од жените со деца, а 22% од жените кои имале деца доживеале сексуално вознемирување во 12 месеци пред истражувањето, во споредба со 7% од оние кои немаат деца. Скришното следење/демнење е исто така поприсутно кај оние кои немаат деца (5% од оние со деца, во споредба со 13% од оние без деца). Слично на тоа, 10% од жените без деца доживеале не-партнерско физичко и/или сексуално насилство, во споредба со 6% кај жените со деца. Распространетост на насилството од сегашните партнери не се разликува меѓу жените со и без деца, но партнерското физичко насилство од поранешен партнер почесто го откриваат жените кои немаат деца (15% наспроти 9% од оние кои имаат деца).

**Карактеристики на партнерот**
Информации беа собрани за возраста, образованието, работниот однос и одредени искуства и однесување на партнерот на испитаничките. Двете области каде разликите се доста доследни во однос на распространетоста на насилството се нивото на образование на партнерот и степенот до кој партнерот пие.

Додека бројот на партнери кои немаат формално образование е мал (база од 49), психолошкото насилство почесто го наведуваат жените чии партнери немаат формално образование (66%), наспрема просекот (42%). Спротивно на тоа, оваа бројка паѓа на 34% кај жените чии партнери имаат високо образование. Истото важи и за физичкото насилство, како од 15-годишна возраст (15% од оние чии партнери немаат формално образование наспроти 6% од оние чии партнери имаат барем основно образование) така и во 12 месеци пред истражувањето (7 % наспроти 2%).

Жените чии партнери никогаш не пијат се чини дека имаат помала веројатност да искусат насилство од интимен партнер, отколку оние чии партнери пијат, и тоа се однесува на сите форми на насилство: психолошко, физичко и сексуално.



Фотографска банка. Позирано од модел.

# 8. Главни заклучоци и препораки

Резултатите од анкетата и квалитативното истражување упатуваат на три главни заклучоци и препораки за нивно спроведување, со цел намалување на насилството врз жените во земјата:

**1) Насилството врз жените е широко прифатено како нормално и не се пријавува**
Според искуствата за кои зборуваа жените во истражувањето, речиси половина (45%) од жените се соочиле со насилство од интимен партнер. Речиси една од десет жени (9%) се соочиле со физичко насилство од страна на партнерот, а 44% доживеале психолошко насилство. Сепак, жените во квалитативните истражувања рекоа дека во општеството не е доволно јасно што значи насилство врз жените. Некои форми на физичко насилство, како што се шлаканиците и сексуалното насилство во врска се сметаат за нормални, додека психолошкото насилство воопшто не се смета за насилство. Испитаничките веруваат дека во речиси секој интимен партнерски однос постои некој вид на насилство.

Речиси половина (48%) од испитаните жени се согласија дека домашното насилство е приватна работа, а речиси три од десет (28%) сметаа дека насилството честопати е предизвикано од жртвата. Брачното силување, кое се смета за нормално, законодавството го третира различно од силувањето од непознато лице, а Кривичниот законик налага жртвата да поднесе приватна тужба, наместо сторителот да се гони по службена должност. Бидејќи за да се докаже силувањето треба прво да се докаже дека имало примена на сила или закана од примена на сила, жените тешко се одлучуваат да го пријават случајот, особено кога делото е сторено во интимен партнерски однос.

Иако една третина од жените (32%) рекоа дека се чувствуваат многу добро или добро информирани, а 31% дека се чувствуваат малку информирани за тоа што да прават во случај на насилство, само 2% од жртвите на од насилство сегашен партнер и 21% од жртвите на насилство од поранешен партнер го пријавиле насилството во полиција. Срамот и недовербата во институциите ги спречува жените да го пријават делото. Експертите кои беа анкетирани, исто така, изразија верување дека персоналот кој работи во релевантните служби (полицијата, социјалните служби и здравствените работници) имаат несоодветно знаење и разбирање. Експертите рекоа дека не е доволно персоналот во релевантните служби да присуствува на еднократна обука за родово насилство. Наместо тоа, експертите се залагаа за посистематски пристап за подобрување на знаењето и работните практики на стручните служби.

*Во своите Заклучни согледувања од 2018 година, Комитетот на CEDAW препорача усвојување на сеопфатна стратегија за елиминирање на родовите стереотипи и штетните практики против жените. Оваа стратегија треба да ги опфати образовните материјали и да го вклучи образовниот систем, родителите и граѓанското општество. Државата, исто така, треба да ги ревидира родово неутралните одредби од Законот за спречување и заштита од домашно насилство со цел вклучување на родовите димензии на домашното насилство. Комитетот, исто така, ја повика државата да го измени Кривичниот законик со цел да се предвиди кривично гонење на брачното силување и дефиницијата за силување да се заснова на отсуството на согласност.*

**2) Недостигот на шелтери и одржливоста на постојните служби**
Како најголеми неисполнети потреби што ги идентификуваа жените се отсуството на финансиска помош и долгорочни засолништа. Жените и клучните експерти во квалитативното истражување се согласија дека нема доволно шелтери за жените. Иако се отворија неколку нови шелтери каде што жените можат да добијат здравствена и полициска заштита (клиники за упатување за сексуален напад), сè уште нема доволно центри кои нудат сместување. Шелтерите за жени првенствено се лоцирани во поголемите градови и не се достапни низ целата земја. Само околу една третина од анкетираните жени знаат за достапните специјализирани служби за поддршка. Експертите истакнаа дека не само што нема доволно шелтери, туку и дека капацитетот на постојните е честопати мал.

Експертите и жените кои учествуваа во квалитативното истражување, исто така, коментираа за одржливоста на шелтерите за жени, бидејќи тие се финансираат исклучиво со донации и можеби нема да бидат одржливи на долг рок. Експертите сметаат дека шелтерите треба да бидат финансирани од организации како што се ОБСЕ и ОН со цел овие услуги да може да се обезбедат на конзистентен начин.

Анкетираните жени, исто така, идентификуваа голем број дополнителни пречки за пристап до шелтерите, кои треба да се решат, како што се: пристап до шелтер во секое време, доверливост за локацијата на шелтерите и зголемување на времетраење и опсегот на услугите за да се зголеми веројатноста жената да го напушти партнерот кој извршил насилство врз неа.

*Комитетот на CEDAW препорача зголемување на бројот на шелтери во сите географски области и обезбедување на пристап на жените до советување, рехабилитација, здравствена и психолошка поддршка.*

**3) Потреба од поголема поддршка и насочена акција за помош на жените од малцинските групи и од руралните области**
Ставовите и родовите норми утврдени кај албанските и ромските жени се потрадиционални во споредба со општата популација. На пример, 57% од жените што зборуваат албански сметаа дека нивните пријатели ќе се согласат дека добрата сопруга му се покорува на сопругот, дури и ако таа не се согласува (во споредба со 37% општо), додека, исто така, поголема е веројатноста да не се согласат дека некој друг надвор од семејството треба да се вмеша во случаите на насилство (53% во просек од 29%). Дека домашното насилство е приватна работа е став кој почесто се среќаваше кај жените што зборуваат албански (67%) отколку кај жените што зборуваат македонски јазик (42%). Ромките кои учествуваа во квалитативното истражување рекоа дека повеќето форми на насилство се дел од нивното секојдневие. Широката прифатеност на насилството врз жените во овие заедници и ставот дека  е насилството е приватна работа, би можеле да ги спречат овие групи на жени да побараат и да добијат помош. Исто така, тие се повеќе изложени на ризик поради ставовите на давателите на услуги. Жените кои учествуваа во квалитативното истражување, исто така, веруваа дека жените кои живеат во руралните средини и/или не работат и на тој начин немаат финансиска независност, се поизложени на ризик заради нивната оддалеченост од услугите за поддршка. Овие жени најверојатно нема да имаат можност да побараат услуги за поддршка во градовите доколку им се потребни.

Комитетот на CEDAW ја истакна особено тешката положба на припадничките на малцинствата и ја повика државата да спроведе времени и трајни мерки со цел да обезбеди образование, вработување, домување и пристап до здравствени услуги за жените Ромки, како и да промовира толеранција и еднакво учество на Ромките во јавниот живот. Особено, се препорачува решавање на интерсекциските форми на дискриминација со кои се соочуваат ромските жени, другите малцинства, жените со посебни потреби и жените од руралните средини.

**Препораки:**
Горенаведените наоди од истражувањето укажуваат на понатамошни конкретни препораки за решавање на насилството врз жените:

***Следење на законодавството и негово усогласување со Истанбулската конвенција***
**За Собранието и Владата:**

1. Да се донесе нов закон за родово базирано насилство во согласност со стандардите на Истанбулската конвенција;
2. Да се изменат релевантните закони (семејно право, закон за полиција, закон за здравствена заштита) за да се усогласат со одредбите од новиот закон за родово базирано насилство, откако истиот ќе биде донесен;
3. Да се измени Кривичниот законик со кој ќе се предвиди кривично гонење по службена должност на брачното силување. Да се утврди дали сите одредби од Кривичниот законик се усогласени со стандардите на Истанбулската конвенција;
4. Да се вклучат податоци од истражувањето спроведено од ОБСЕ во Националниот акционен план за имплементација на Истанбулската конвенција;
5. Да се создаде посебна позиција во институциите наменета за прашања поврзани со родово базираното насилство.

***Соработка, обука и мултисекторски пристап***
**За Министерството за труд и социјална политика**

6. Да се обезбеди координација помеѓу давателите на услуги и интеграција на службите во систем на соработка со повеќе чинители;
7. Да се организира обука и активности за подигнување на свеста на давателите на услуги за да им помогнат да ги променат своите ставови и однесувања кон насилството врз жените и да обезбедат професионална поддршка за жртвите.

**За Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи**

8. Да се спроведе континуирана, долгорочна, одржлива обука за родово насилство меѓу давателите на услуги, вклучително и обука за родово-базираните причини за насилство врз жените, градење на капацитетите, обука од типот «peer-to-peer» и обука за меки вештини (судството, канцеларијата на Јавниот обвинител, судии, адвокати, заедно со социјалните работници, здравствените работници и полицијата);
9. Да се обезбеди систематска обука за новиот закон за родово базирано насилство и другите поврзани закони, како и измените и дополнувањата на Кривичниот законик што треба да се усвојат во 2019 година;
10. Да се земе предвид можноста да се побара од ОБСЕ поголема поддршка за обука и подигнување на свеста за судството и полициските службеници.

***Специјализирани услуги за жени, вклучително и за обесправените групи на жени и активности за подигнување на свеста***

**За Владата и Министерството за труд и социјална политика во соработка со невладини организации**

11. Да се обезбедат редовни и доволно финансиски средства од страна на Владата за шелтерите за жени;

12. Да се обезбеди квалитет, доследност и достапност на услугите во шелтерите за жени.

13. Да се обезбеди финансиска помош и долгорочна поддршка, пријавување во агенциите за вработување и домување за жртвите од НВЖ и нивните деца;

14. Да се обезбедат релевантни услуги за обесправените групи на жени, вклучувајќи ги и жените припаднички на малцинските заедници;

15. Да се спроведат кампањи за подигнување на свеста за насилството врз жените, причините и последиците и достапната поддршка;

16. Да се спроведат локализирани кампањи за ширење на информации помеѓу обесправените групи на жени и нивните заедници за тоа како да се спречи насилството и каде да се побара поддршка. Овие кампањи треба да бидат прилагодени на целната група и да вклучуваат локални тркалезни маси, дискусии во мали групи и тематски работилници за ракотворби и општествени активности. Локалните совети за превенција (советодавните граѓански групи) треба да бидат вклучени во активности за подигнување на свеста и во образовни активности, кои треба да ги водат лидерите на локалната заедница и локалните НВО.

**За Министерството за образование и наука**

17. Да се спроведат образовни програми во училиштата и предучилишните установи за родови стереотипи и здрави односи, со фокус на родовата еднаквост.



Фотографска банка. Позирано од модел.

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1: Истражување и квалитативна теренска работа

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) нарача од ИПСОС да спроведе квалитативна и квантитативна анкета за насилството врз жените во седум земји-членки на ОБСЕ[61] и во Косово[62]. Ова е прва компаративна анкета од ваков вид во оваа област и таа е наменета да се користи за подобрување на креирањето политики во иднина од страна на националните и меѓународните засегнати страни кои работат на спроведување на политиките и програмите во регионот. Овој извештај ги презентира наодите за Северна Македонија.

Клучните прашања на истражувањето за проектот се:

- Колкав е степенот на насилство што го доживуваат жените во неконфликтни и во конфликтни ситуации?
- На кои форми на насилство се изложени жените во конфликтни и не-конфликтни ситуации?
- Кои се сторителите на насилство врз жените во конфликтни и не-конфликтни ситуации?
- Кои се последиците од насилството?
- Дали жените ги пријавуваат своите искуства на полицијата или на други органи или организации?
- Дали постојат разлики помеѓу искуствата на жените во зависност од возраста, образованието, професионалниот статус, дали биле погодени од конфликт или дали можеле да бидат дефинирани како внатрешно раселени лица или мигранти?
- Кои се социјалните ставови кон НВЖ и НВЖ во конфликтни ситуации?

61 Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Молдавија и Украина.
62 Секое споменување на Косово, без разлика дали се однесува на територијата, институциите или населението, во овој текст треба да се разбере во целосна согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите.

Истражувањето ги опфаќа следните елементи:

- Квантитативна анкета помеѓу репрезентативен примерок од 1.910 жени на возраст од 18 до 74 која беше спроведена од 2 април до 1 август 2018 година.
- Се користеше мултиетапен, стратифициран дизајн на случајни примероци. Рамката за примерок, листата на териториите на избирачките места од 2016 година, беше добиена од Државната изборна комисија на Северна Македонија. Со ова беше обезбедена покриеност од 99%. Примерочната рамка ги опфаќа сите територии во Северна Македонија. Поради практичноста на теренската работа, единиците на земање примарни примероци (ЕЗПП) со помалку од 70 гласачи беа исклучени од изборот, заради нивната оддалеченост и изолираност. Тие покриваат 1% од населението.

Рамката на примерокот беше стратифицирана по регион и големината на живеалиштето. Потоа, ЕЗПП беа избрани во рамките на секој стратум со веројатност пропорционална на големината. Беа избрани вкупно 175 ЕСПП, а во рамките на секој примерок од ЕСПП беше избран селектиран број на адреси со цел да се спроведат 10 интервјуа во рамките на секоја ЕЗПП. Адресите беа избрани преку пристап на „случајна прошетка" (random walk) истовремено со спроведување на интервјуата. Кога на избрана адреса беа најдени повеќе од едно домаќинство, домаќинството беше избрано по случаен избор со користење на електронска контакт листа. Во секое избрано домаќинство, беше избрана една жена за да се анкетира. Испитаничката беше избрана по случаен избор од листата на жените кои ги исполнуваа условите на анкетата во избраното домаќинство, односно сите жени на возраст од 18 до 74 години беа наведени според возраста во надолен редослед на електронската контакт листа. Тогаш контакт листата избра една жена со помош на генератор по случаен број.

- Интервјуата беа спроведени лице-в-лице од страна на специјално обучени женски теренски работници (види Прилог 2 подолу за повеќе детали за обуката и протоколите).
- Стапката на одговор беше 49%,[63] и просечната вистинска подобност беше 91%. Тежината беше пресметана во две фази: а) тежината на дизајнот на земање примероци и б) тежината по стратификацијата. Тежините на дизајнот ги рефлектираа веројатноста за избор на испитаници, додека тестовите за пост-стратификација беа пресметани за да се компензираат неодговорените прашања. Регионот, нивото на урбанизација и возрасните групи беа користени за пост-стратификација.
- Поради разликите во методологијата, примерокот и прашалникот, резултатите од ова истражување нема да бидат директно споредливи со другите национални истражувања спроведени во Северна Македонија.
- Девет дискусии на фокус групи (ФГ), вклучително и групи со жени од малцинските етнички групи и жени погодени од конфликт, што се одржаа од 12 до 22 јуни 2018 година.

63 Стапката на одговор се пресметува во согласност со дефиницијата RR3 на стапките на одговор од страна на Американската асоцијација за истражување на јавното мислење. Види *Standard Definitions: Final Dispositions of Case Codes and Outcome Rates for Surveys,* 7th edition (Oakbrook Terrace, IL: The American Association for Public Opinion Research, 2011), p. 46.

## Табела А1.1: Состав на фокус групите

| ФГ | Место | Број на учесници | Возрасна група | Етничка припадност | Број погодени од конфликт | Број со деца | Број вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Скопје | 8 | 35-54 | Македонски | 3 | 8 | 6 |
| 2 | Битола | 8 | 35-54 | Македонски | 0 | 8 | 6 |
| 3 | Штип | 8 | 18-34 | Македонски | 0 | 3 | 5 |
| 4 | Скопје | 8 | 18-34 | Македонски | 1 | 3 | 3 |
| 5 | Скопје | 8 | 20-45 | Роми | 0 | 7 | 4 |
| 6 | Скопје | 8 | 20-45 | Роми | 0 | 5 | 2 |
| 7 | Тетово | 8 | 35-54 | Албанки | 7 | 8 | 6 |
| 8 | Тетово | 8 | 18-34 | Албанки | 3 | 2 | 4 |
| 9 | Скопје | 8 | 35-54 | Македонски | 3 | 8 | 6 |

- Четири длабински интервјуа (ДИ) со преживеаните од насилство, вклучително и една жена со попреченост, во август-септември 2018 година.

### Табела А1.2: Профил на учесниците на длабинското интервју

| ДИ | Возрасна група | Статус на работа | Има деца | Медицинска состојба / попреченост |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 55+ | Вработена | Да | Не |
| 2 | 55+ | Работи како чистачка во домаќинство (не е официјално вработена) | Да | Да |
| 3 | 18–34 | Вработена | Не | Не |
| 4 | 18–34 | Невработена | Да | Не |

- Пет интервјуа со клучни експерти, дизајнирани да обезбедат преглед на прашања поврзани со насилството и насилство поврзано со конфликти што се спроведоа во јуни-јули 2017 година и уште еден круг од 11 интервјуа со клучни експерти што се спроведоа во јуни-август 2018 година за да се истражат промените од првиот круг и да се соберат препораки за ОБСЕ.

Анкетата беше дизајнирана да биде национално репрезентативна за жените во Северна Македонија на возраст од 18 до 74 години. Поделбата според демографските податоци е прикажана подолу.

## Табела А1.3: Пондериран и непондериран профил на примерок

| Возраст | Пондерирани% | Непондерирани% | Непондерирани *n* |
|---|---|---|---|
| 18-29 | 21 | 13 | 254 |
| 30-39 | 20 | 17 | 326 |
| 40-49 | 19 | 19 | 360 |
| 50-59 | 18 | 24 | 460 |
| 60+ | 21 | 27 | 510 |
| **Статус на работа** | | | |
| На платена работа | 32 | 30 | 564 |
| Самовработена | 4 | 3 | 64 |
| Помага во семеен бизнис (неплатена) | 2 | 2 | 34 |
| Невработена | 23 | 21 | 408 |
| Ученичка, студентка, на обука | 5 | 3 | 52 |
| Не работи заради болест или попреченост | 0 | 1 | 11 |
| Извршува домашни обврски и се грижи за членови на домаќинството | 20 | 23 | 440 |
| Пензионирана | 13 | 17 | 330 |
| Задолжителна воена обврска/ општествено корисна работа/друго | 0.4 | 0.4 | 7 |
| **Образование** | | | |
| Нема формално образование | 8 | 9 | 171 |
| Основно образование | 23 | 25 | 486 |
| Средно образование | 51 | 49 | 927 |
| Високо образование | 19 | 17 | 326 |
| **Место** | | | |
| Урбана средина | 63 | 58 | 1,117 |
| Рурална средина | 37 | 42 | 793 |
| **Директно пчогодени од конфликт** | | | |
| Да | 19 | 19 | 364 |
| Не | 81 | 81 | 1,910 |

**Толерантност при земање примероци**
Бидејќи податоците се базираат на примерок, а не на целата популација, а процентот на резултати (или проценките) се предмет на толеранција при земање примероци, сите разлики помеѓу резултатите не се статистички значајни на ниво на доверба од 95%. Кога се пресметуваат интервали на доверба, мора да се земе предвид ефективната големина на примерокот.

Ефективната големина на примерокот (или дизајнерскиот ефект, поврзан концепт) е поврзана со индивидуалните проценки и заради тоа има разлика во проценките. За да се пресметаат ефектите на дизајнот за вкупната големина на примерокот, се користеше формула базирана на следниот сооднос:

Ефект на дизајнот = (непондерирана големина на примерокот) * (збир на квадратни тежини) / (квадрат од збирот на тежините)[64]

Овој пристап за проценка на ефектот на дизајнот е поврзан со диспропорционалното земање примероци (во случајот на истражувањето на ОБСЕ, жените во едно домаќинство беа избрани со нееднаква веројатност, во зависност од бројот на жени кои ги исполнуваа критериумите во домаќинството), како и нееднаквиот одговор низ сегментите на населението, кои беа коригирани со тежини по пост-стратификација (како што е опишано погоре).

Табелата подолу го резимира ефектот на дизајнот за вкупната големина на примерокот и големината на примерокот на жени погодени од конфликт и дава интервали на доверба врз основа на ефективната големина на примерокот за проценка на анкетата од 50%.

**Табела А1.4: Ефективни големини на примерокот и интервали на доверба**

| | *N* | Ефект на дизајн | Ефективна големина на примерокот | 95% интервал на доверба за проценка на истражувањето од 50% врз основа на пондериран примерок | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Долна | Горна |
| **Сите жени на возраст од 18-74 год.** | 1,910 | 1.434 | 1,332 | 47.3% | 52.7% |
| **Жени директно погодени од конфликт** | 364 | 1.515 | 240 | 43.7% | 56.3% |

64 Leslie Kish, “Weighting for unequal Pi”, *Journal of Official Statistics*, 8 (1992): 183-200.

## Прилог 2: Етички и безбедносни аспекти

Со оглед на чувствителноста на истражувањето, беа преземени голем број чекори за да се заштитат и испитаниците и анкетарите од потенцијална штета и да им се обезбедат извори на поддршка во случај на проблем:

- Сите анкетари и модератори беа жени кои имале искуство со анкети за чувствителни прашања и јазикот што се користеше за интервјуата им беше мајчин јазик. Сите анкетари и модератори присуствуваа на дводневен брифинг.
- Заради заштита на испитаниците и на анкетарите, на анкетарите им беше наложено да не откриваат однапред дека истражувањето е за насилство, и да ја водат анкетата на само.
- На крајот од истражувањето, дискусиите на фокус-групите и длабинските интервјуа, на сите испитаници им беа понудени информации за организациите за поддршка кои би можеле да ги контактираат доколку сакаат да разговараат за било какви прашања што произлегуваат како резултат на учеството во анкетата.
- Координаторот на проектот беше достапен за анкетарите и модераторите во секое време  во текот на теренската работа, а можеше да се закажат и поединечни состаноци со советниците по потреба.
- Придржувањето кон етичките принципи е основата на методологијата што се користеше за истражувањето спроведено од ОБСЕ, а беа земени предвид процедурите што ги користат Светската здравствена организација[65] и *Упатствата на Обединетите нации за пронаоѓање на статистички податоци за насилството врз жените.*[66]

## Прилог 3: Индикатори на ЦОД

### Индикатор ЦОД 5.2.2: Процент на жени на возраст од 18 до 74 години кои биле изложени на сексуално насилство во 12 месеци пред истражувањето, од страна на не-партнер, по возраст, средина и образование

| | |
|---|---|
| Сите жени 18-74 години (1.910) | 0.1% |
| 18-29 годишна возраст (254) | 0% |
| 30-39 годишна возраст (326) | 0% |
| 40-49 годишна возраст (360) | 0.2% |
| 50-59 годишна возраст (457) | 0.4% |
| 60+ години (510) | 0% |
| Жители на урбани средини (1.117) | 0.1% |
| Жители на рурални средини (793) | 0.2% |
| Без образование / основно образование (657) | 0.2% |
| Средно образование (927) | 0.1% |
| Високо образование (326) | 0* |

65 *Ethical and safety recommendations for intervention research on violence against women. Building on lessons from the WHO* publication Putting women first: ethical and safety recommendations for research on domestic violence against women (Geneva: World Health Organization, 2016), пристапено на 22 март 2019 г., https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/251759/9789241510189-eng.pdf;jsessionid=8E35B9DA678667DD989016A395720263?sequence=1;
66 *Guidelines for Producing Statistics on Violence against Women: Statistical Surveys* (New York: United Nations, 2014), пристапено на 22 март 2019 г., https://unstats.un.org/unsd/gender/docs/guidelines_statistics_vaw.pdf.

**Индикатор ЦОД 5.2.1: Процент на жени на возраст од 18 - 74 години кои некогаш имале партнер и биле изложени на физичко, сексуално или психичко насилство од страна на сегашен или поранешен интимен партнер во 12 месеци пред истражувањето, по возраст, средина и образование.**

| | |
|---|---|
| Сите жени 18 - 74 години кои некогаш имале партнер (1.778) | 13% |
| 18-29 годишна возраст (201) | 17% |
| 30-39 годишна возраст (313) | 15% |
| 40-49 годишна возраст (315) | 11% |
| 50-59 годишна возраст (439) | 12% |
| 60+ години (471) | 8% |
| Жители на урбани средини (1.107) | 11% |
| Жители на рурални средини (641) | 15% |
| Без образование / основно образование (15%) | 15% |
| Средно образование (13%) | 13% |
| Високо образование (7%) | 7% |

Жените беа прешани да кажат колку често доживуваат различни форми на психолошко насилство од страна на нивниот сегашен партнер: никогаш, понекогаш, често или цело време.

За насилство од поранешен партнер, жените беа запрашани дали некогаш се соочиле со различни форми на психолошко насилство. Заканите од физичко или сексуално насилство, како дел од психолошкото насилство, се единствените форми на психолошко насилство регистрирани во 12 месеци пред истражувањето.

Треба да се користи замена за да се пресмета индикаторот ЦОД 5.2.1, на следниов начин:

- жени кои доживеале закани за физичко или сексуално насилство од страна на нивниот сегашен или поранешен партнер во 12 месеци пред истражувањето;
- жени кои доживеале некоја од другите форми на психолошко насилство **често** или **цело време** од нивниот сегашен партнер;
- жени кои доживеале било која форма на физичко или сексуално насилство од страна на сегашниот партнер или поранешни партнери во 12 месеци пред истражувањето;

## Прилог 4: Резиме на клучните статистички податоци

### Распространетост на насилството

| | | Просечно | Жени кои зборуваат македонски јазик | Жени кои зборуваат албански јазик |
|---|---|---|---|---|
| Секое партнерко или не-партнерско психолошко / физичко / сексуално насилство | Од 15 годишна возраст | 44% | 58% | 42% |
| Секое партнерко или не-партнерско психолошко / физичко / сексуално насилство | Од 15 годишна возраст | 14% | 16% | 7% |
| | Во 12 месеци пред истражувањето | 4% | 5% | 2% |
| Не-партнерско насилство | Од 15 годишна возраст | Физичко: 6% Сексуално: 2% | Физичко: 7% Сексуално: 2% | Физичко: 3% Сексуално: 0% |
| | Во 12 месеци пред истражувањето | Физичко: 2% Сексуално: 0.1% | Физичко: 2% Сексуално: 0% | Физичко: 0% Сексуално: 0% |
| Насилство од интимен партнер - било кој партнер | Од 15 годишна возраст | Физичко: 9% Сексуално: 3% Психолошко: 44% | Физичко: 10% Сексуално: 3% Психолошко: 44% | Физичко: 5% Сексуално: 3% Психолошко: 44% |
| | Во 12 месеци пред истражувањето | Физичко: 3% Сексуално: 1% Психолошко: 12% | Физичко: 3% Сексуално: 1% Психолошко: 11% | Физичко: 2% Сексуално: 1% Психолошко: 16% |
| Сексуално вознемирување | Од 15 годишна возраст | Било какво: 30% Најтешки форми: 17% | Било какво: 37% Најтешки форми: 21% | Било какво: 9% Најтешки форми: 4% |
| | Во 12 месеци пред истражувањето | Било какво: 10% Најтешки форми: 5% | Било какво: 12% Најтешки форми: 6% | Било какво: 4% Најтешки форми: 1% |
| Скришно следење/демнење | Од 15 годишна возраст | 7% | 8% | 4% |
| | Во 12 месеци пред истражувањето | 2% | 2% | 2% |
| Насилство во детството (физичко, сексуално, психолошко) | До15 годишна возраст | Физичко: 7% Сексуално: 1% Психолошко: 3% | Физичко: 9% Сексуално: 1% Психолошко: 3% | Физичко: 1% Сексуално: 0% Психолошко: 1% |

## Последици од најсериозниот инцидент

| | |
|---|---|
| Не-партнерско насилство | Емоционално: 97%<br>Психолошко: 70%<br>Физичко: 42% |
| Насилство со интимен партнер | Емоционално: 93%<br>Психолошко: 55%<br>Физичко: 33% |
| Сексуално вознемирување | Емоционално: 97%<br>Психолошко: 31% |
| Скришно следење/демнење | Емоционално: 93%<br>Психолошко: 34% |

| **Пријавување на најсериозен инцидент** | **% од жените кои самите го пријавиле на полицијата** | **% од жени кои не контактирале со полицијата или друга организација** |
|---|---|---|
| Не-партнерско насилство | 28% | 57% |
| Сегашен партнер | 2% | 81% |
| Поранешен партнер | 21% | 65% |
| Сексуално вознемирување | 6% | Не е применливо |
| Скришно следење/демнење | 18% | Не е применливо |

## Ставови и норми

| | |
|---|---|
| % кои се согласуваат дека нивните пријатели генерално се согласуваат дека добрата сопруга му се покорува на сопругот дури и кога има различно мислење од него | 37% |
| % кои се согласуваат дека нивните пријатели генерално се догласуваат дека обврската на жената е да има секс со нејзиниот сопруг, иако во тој момент таа не го сака тоа | 19% |
| % кои се согласуваат дека насилството врз жените од страна на партнери, познаници или непознати е вообичаено во земјата | 60% |
| % кои се согласуваат дека „домашното насилство е приватна работа и треба да се решава во семејството”. | 48% |
| % се согласуваат дека жените се со поголема веројатност да бидат силувани од непознат отколку од некој што го знаат (55%). | 30% |
| Пропорција на жени погодени од конфликти во земјата[67] | 19% |

